

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

РАЗЛИЧНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ НА ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД СТРАНА НА ПСИХОПАТ И СОЦИОПАТ

СТУДЕНТ: Моника Никовска

БРОЈ НА ИНДЕКС: 001123

МЕНТОР: доц. д-р Марјан Кицев

Свети Николе, 202

БЛАГОДАРНИЦА

Јас Моника Никовска студент на Факултетот за правни науки на ,,Меѓународен Славјански Универзитет“- Гаврило Романович Державин, Свети Николе, сакам да искажам голема благодарност до мојот ментор проф. д-р Марјан Кицев за целокупната помош, со неговата стручност и професионализам, што ми помогна да ја изработам темата за одбрана на мојот магистерски труд, целосно посветувајќи се со својот професионален пристап, знаење и искуство кое ми беше од голема помош за конечното оформување на трудот.

АПСТРАКТ

Главната цел на ова мое истражување ќе бидат одредени типови на лица со психичко растројство познати под називите психопат и социопат. Јас ја одбрав оваа тема поради улогата на овие лица, односно штетата која можат да ја предизвикаат со сторување на тешки кривични дела, и начинот на кој тие тоа го манифестираат во општеството, но и начинот на кој оклоностите во самото тоа општество влијаат врз нив.

Овие лица не се застапени во многу голем број, но сепак штетата која можат да ја предизвикаат е доста голема. Тоа се лица со одредени специфики кои се издвојуваат од другите, но сепак е многу тешко да се откријат на време нивните вистински намери кои подоцна се манифестираат во општеството. Целта на моето истражување ќе биде детално проучување на лица кои спаѓаат во групата на психопати и лица кои спаѓаат во групата на социопати.

Исто така, многу е битен и начинот на кој тие ги извршуваат кривичните дела, односно убиствата. Под начин на извршување на кривично дело се мисли на целосно објаснување на сторувањето на делото, односно планот, оружјето, местото на кое е извршено тоа дело, причината, типот на жртвата, сличноста помеѓу жртвите, бројот на жртви и друго.

На крајот сметам дека е битно да се напомене и причината поради која тие го извршиле тоа дело, причината за одбирање на самата жртва односно жртви, зошто на тој определен начин го извршиле кривичното дело, дали чувствуваат вина за сторување на кривичното дело и дали би го направиле повторно тоа, доколку имаат шанса за повторно сторување.

Најчесто овие луѓе завршуваат со смртна казна или доживотна казна затвор во зависност од правниот систем на една држава. Исто така, е битно да се напомене дали оние кои се осудени на доживотна казна затвор, успеваат да се рехабилитираат, односно да се ресоцијализираат и каков третман, односно какви мерки се преземаат за нивната ресоцијализација, и дали воопшто мерките кои ги преземаат надредените лица имаат некаква ефикасност, односно дали е постигната главната цел.

Клучни зборови: психопатија, социопатија, внатрегенерациско пренесување, антисоцијално нарушување на лицата, хетерохромија, докази, жртви, ресоцијализација.

ABSTRACT

The main goal of this research will be to identify the types of people with mental disorders known as psychopaths and sociopaths. I chose this topic because of the role of these people, refering to the damage they can cause by committing serious crimes, and the way they manifest it in society, but also the way in which the inclinations in society affects them.

These people are not maintained In very large numbers, but the damage they can cause is quite big. These are people with certain characteristics that stand out from others, but it is still very difficult to discover in time their true intentions that are later manifested in society. The purpose of my research will be to study in details the people who belong to the group of psychopaths and the people who belong to the group of sociopaths.

Also, something that is very important is the way that they commit crimes and murders. When I say the way that the crime is committed, I mean a complete explanation of the prosecution of the crime, referring to the plan which is made by the killer, the weapon which he or she uses, the place where the crime was committed, the cause, the type of victim, the similarity between the victims, the number of the victims and many more.

Most often, these people end up with the death penalty or life imprisonment depending on the legal system of a country. It is also important to note whether those sentenced to life imprisonment are rehabilitated or re-socialized and what treatment or measures are taken to re-socialize them, and whether the measures taken by the above-mentioned people are effective at all aka whether the main goal has been achieved or not.

Key words: psychopath, sociopath, intragenerational transmission, antisocial personality disorder, heterochromia , evidence, victims, resocialization.

СОДРЖИНА

Contents

АПСТРАКТ 3

ABSTRACT 4

ВОВЕД 10

ГЛАВА I: ПОЈАВА НА ПСИХОПАТИЈА И СОЦИОПАТИЈА 11

1.1 Психопатија 11

1.1(1) Други фактори кои се поврзуваат со психопатијата 17

1.2 Социопатија 24

1.2(1) Како можеме да определиме која личност има карактеристики на социопатија? 26

1.3 Разликата помеѓу психопатија и социопатија 28

1.4 Сериски убијци 32

Карактеристики 32

Развој 34

Фантазија 37

ВИДОВИ СЕРИСКИ УБИЈЦИ 38

ОРГАНИЗИРАНИ ЗЛОСТОРНИЦИ 39

НЕОРГАНИЗИРАНИ ЗЛОСТОРНИЦИ 40

ЖЕНИ СЕРИСКИ УБИЈЦИ 40

МОТИВИ 41

ВИЗИЈА 41

ПОСВЕТЕНОСТ НА МИСИЈАТА 42

ХЕДОНИЗАМ 42

СТРАСТ 42

ВОЗБУДА 43

ПОГОДНОСТ (ПРОФИТ) 43

МОЌ/КОНТРОЛА 43

ТЕОРИИ 44

ЖРТВИ 44

ДЕСЕТТЕ ДРЖАВИ СО НАЈМНОГУ СЕРИСКИ УБИЈЦИ 46

Причината за големиот број на сериски убиства со Северна Америка во периодот на 1980-тите години 55

ГЛАВА II: МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 58

2.1 Кривично дело извршено од страна на сериски убиец со белези на психопатија 58
- Сличноста помеѓу жртвите 59
- Судскиот медицинар (форензички патолог) 59
- Време на настанување на смртта 59
- Потпис на убиецот 61

2.1(1) Опис на ликот од аспект на кривичното постапување спрема деца во ризик и судир со законот 65

2.1 (2) Опис на ликот од аспект на науката за криминологија 66

2.1(3) Употребената методика за изучување на случајот 68

2.2 Кривично дело извршено од страна на сериски убиец со белези на социопатија 70
- Сличноста помеѓу жртвите 70
- Типови на модерни огнени оружја 70
- Собирање докази во врска со огнени оружја 72
- Теорија на планирањето 76
- Поим, предмет и значење на увидот 78
- Први службени лица излезени на повик 80
- Обезбедување на местото на настанот 81
- Преглед на местото на настанот 82
- Документирање на местото на настанот 83
- Запишување на забелешки на местото на настанот 83
- Видеозапис на местото на настанот 84
- Фотографирање на местото на настанот 85
- Скицирање на местото на настанот 86
- Процена на далечината на испукување од распоредеността на барутот и од распоредеността на сачмите 89
- Дали социопатите се подобри војници од останатите? 94

Интервју на лице со антисоцијално нарушување на личноста 96

ГЛАВА III: АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 98

3.1 Споредба на делата извршени од страна на психопат и социопат 98

3.2 Анкета 105

ЗАКЛУЧОК 113

Користена литература 114

ПРИЛОЗИ 118

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика1. Вентромедијалната префронтална мозочна кора (клучната состојка за донесување на морални одлуки).

Слика 2. Харе се сликал во раната кариера кога работел како психолог во затворот за безбедност на Британска Колумбија со максимална безбедност.

Слика 3. Споредба на мозокот на психопат и нормална личност при разгледувањето на зборовите.

Слика 4. Теоријата на умот, сочувството и емпатијата за страдањето, кај здрава нормална личност и кај личност со психопатско нарушување.

Слика 5. Приказ на двата главни елемента (Вентромедијалниот префронтален кортекс (VmPFC), односно делот од мозокот кој е одговорен за чувствата како што се емпатија и вина, не може да се конектира, односно да се поврзе со амагдалата (Amygdala), која е одговорна за предизвикување на чувство на страв и вознемиреност.

Слика 6. Графички приказа на Моделот за контрола на траумите на Хики.

Слика 7. Еден од најбараните сериски убијци во Соединетите Американски Држави-Тед Банди.

Слика 8. Графички приказ на ниво на интелегенција.

Слика 9. Графички приказ на број на жртви-деца.

Слика 10. Графички приказ на број на сериски убиства на ниво на држави.

Слика 11. Питер Вронски, наидување на чудовиште.

Слика 12. Потрага на сериски убијци во периодот од 1976 до 1986 година/ Калифорнија.

Слика 13. Пример за лице со хетерохромија.

Слика 14. Rigor mortis (вкочанување на мускулите кое настанува по настапување на смртта).

Слика 15. Livor mortis (промена на бојата на телото).

Слика 16. Algor mortis (ладење на телото).

Слика 17. Убодни рани од нож.

Слика 18. Тродимензионални траги од обувката.

Слика 19 и 20. Траги од гуми.

Слика 21. Артериски траги.

Слика 22. Епидермис.

Слика 23. Автомат калашников-АК47.

Слика 24. Микроскопско споредување отпечатоци од ударна игла врз две чаури испукани од ист полуавтоматски пиштол.

Слика 25. Графички приказ на обезбедување на местото на настанот.

Слика 26. Груба скица (првата слика).

Слика 27. Финална скица (втората слика).

Слика 28. Парафински тест.

Слика 29. Графички приказ на добиените одговори.

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Употреба на методика за изучување на случајот.

Табела 2. Споредба на двете дела.

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Сродноста на нарцистичкото нарушување на личноста со психопатијата и социопатијата.

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ASPD (АНЛ) - антисоцијално нарушување на личноста.

VmPFC (вмПФЦ) - вентромедијален префронтален кортекс.

ДНК - дезоксирибонуклеинска киселина.

ДСМ - дијагностички и статистички прирачни.

DPD (ДНЛ) - дисоцијално нарушување на личноста.

MPQ(ПМЛ) - прашалник за мултидимензионална личност.

МКВ (МСКБ) - меѓународна статистичка квалификација на болести.

МВР - Министерство за внатрешни работи.

PPI (ИПЛ) - инвентар на психопатична личност.

PCL-R (РСП) - ревидиран список за психопатија.

САД - Соединетите Американски Држави.

ЕЕГ - електроенцефалограм.

ВОВЕД

Најчесто е многу тешко да се определи точно за каква личност станува збор, односно дали станува збор за лице кое се дефинира како психопат или пак лице кое се дефинира како социопат. Нормално, постои и причина зошто тоа е така, причината е тоа што тие можат да бидат многу слични, односно да имаат многу сличности во однос на одредени постапки кои ги преземаат. Но, сепак доколку се направи истражување и детално се проучат овие лица, односно нивната структура, нивните предци, нивното однесување, нивниот живот, околностите и слично може лесно да се дојде до заклучок за тоа дали станува збор за психопат или пак социопат.

Многу психолози сè уште дебатираат за тоа дали воопшто има разлика помеѓу психопатите и социопатите, но сепак оние кои ги разликуваат се согласуваат за едно нешто – психијатрите го користат терминот психопатија за да илустрираат дека причината за анти-социјалното нарушување на личноста е врз основа на генетско наследување. Социопатијата од друга страна пак го опишува однесувањето кое е резултат на повреди на мозокот, злоупотреба или занемарување во детството.

Овие лица најчесто се дефинираат и како сериски убијци. Сериски убиец е човек кој убил тројца или повеќе луѓе во рок од повеќе од 30 дена, при што има период на таканаречен „одмор“ помеѓу секое убиство и при што мотивацијата за извршувањето на овие убиства е најчесто за психолошко задоволување. Често постои и сексуален елемент во убиствата. Постои можност да има сличности помеѓу убиствата или обидите за убиство, како и помеѓу жртвите во некоја област, како професија, раса, изглед, пол или возраст. Психијатриската дијагноза, која претежно се забележува кај оваа група луѓе, е повеќе наклонета кон психопатско однесување, што значи дека тие страдаат од нарушувања, кои спаѓаат во специфична група на нарушувања на нефункционална личност, односно оние кои се поврзуваат со антисоцијалното растројство на личноста. Психопатите не поседуваат способност за сочувствување или за чувствување вина, тие се егоцентрични и импулсивни и не се потчинуваат на социјални, морални и законски норми. Наместо ова, психопатите често следат одредени правила коишто самите си ги имаат создадено за себе. Можат да изгледаат нормално и често дури и шармантно, што претставува состојба на приспособување.


ГЛАВА I: ПОЈАВА НА ПСИХОПАТИЈА И СОЦИОПАТИЈА

1.1 Психопатија

Психопатијата е поим со кој можеме да се сретнеме во текот на нашиот живот, најчесто тоа е предизвикано од лица кои ги имаат сите карактеристики поврзани со овој поим. Психопатијата е поим кој може да го носи називот на една категорија на лица кои припаѓаат во самата таа. Прашањето е што точно направиле овие лица за тие да припаднат во оваа група или пак што сториле за да се слушне за нив. Најчесто, психопатијата како нарушување на менталната состојба се поврзува со таканаречените сериски убијци. Со самото извршување на повеќе кривични дела, односно убиства, тие поттикнуваат многу научници да се заинтересираат за причините, односно мотивите за извршувањето на делата. Ова психичко растројство се изучува уште многу оддамна и сè уште постојат некои дилеми при формирање на конкретната дефиниција.

Психопатијата се дефинира како ментално нарушување на индивидуа која се однесува неморално и антисоцијално, индивидуа на која ѝ недостасува способноста да љуби или пак да воспостави долга, значајна и персонална врска, личност која е егоцентрична, која не може да научи од некое искуство и слично, како и неспособноста да развијат морална одговорност.[1]

Видливиот недостаток на емпатија е карактеристична црта на индивидуи со карактеристики на психопатија.



Слика 1. Вентромедијалната префронтална мозочна кора (клучната состојка за донесување на морални одлуки)

[1] https://www.dictionary.com/browse/psychopathy#

Неколку истражувања кажуваат дека нервната база за емпатија кај мозокот на лице со психопатско однесување е неисправна или има недостаток за лачење на емпатија.

Истражувањата укажуваат на тоа дека психопатите најверојатно имаат нарушен огледален нервен систем[2], односно потешкотии со невроните, бидејќи во како што се дефинира нормален, здрав мозок, можеме да перципираме кога некој друг извршува некоја дејност и истовремено ние самите вршиме некоја дејност [44].

За да може полесно да се објасни како ова нарушување влијае врз одредени индивидуи, извршено е тестирање на затвореници кои спаѓаат во групата на психопати со тоа што на овие индивидуи им се приложени слики од непријатни фотографии на кои се извршува тортура над одредени лица. Кога лицата кои делуваат „психопатски“ биле замолени да замислат дека оваа болка им се нанесува на нив тогаш тие покажале мали знаци на емпатија за болка, односно се активирале одредени сфери на мозокот. Како и да е, кога овие индивидуи биле замолени да замислат како истата таа болка се нанесува на некоја друга особа, истите овие сфери на мозокот не дале никакви сигнали. Односно истражувачите дошле до заклучок дека на испитаниците им е тешко да ја совладаат, односно да погледнат од друга перспектива.[6]

Вентромедијалната префронтална мозочна кора, е сфера која помага при донесувањето на емпатиски одлуки, односно се мисли на донесување на одлуки кои ќе бидат и во бенефит и на другите лица освен на нас [14]. Но во случаите на психопатија, нервните кола кои би требале да се активираат во случај на емпатија, се дисфункционални што всушност предизвикуваат и гадење кај психопатите.[3] Според истражувањата, главниот проблем е тоа што вентромедијалниот префронтален кортекс (vmPFC), односно делот од мозокот кој е одговорен за чувствата како што се емпатија и вина не може да се конектира, односно да се поврзе со амигдалата која е одговорна за предизвикување на чувство на страв и вознемиреност [13].[4]

[2] Идејата за мрежа која придонесува за емпатијата е наречена „огледало“ невронски систем, кој главно вклучува области во фронталниот и париеталниот лобус кај луѓето. Други работи сугерираат дека луѓето кои гледаат друг човек во болка, особено ако тоа лице е близу до нив, исто така, имаат неврони оган во предната инсула и предниот цинглуларен кортекс - мозочни региони кои се поврзани со болка.
[3] https://www.medicalnewstoday.com/articles/321839#An-incurable,-yet-treatable,-condition
[4] https://www.med.wisc.edu/news-and-events/2011/november/psychopaths-brains-differences-structure-function/

Психопатијата се дефинира како спојување на својства на личноста поврзани со криминално и друго антисоцијално однесување. Овие лица немаат проблем да се социјализираат и да одржуваат врски со години, тие имаат односи со пријатели, соработници, роднини, браќа и сестри, родители, романтични партнери и деца. Овие односи им служат на нивните социјални и материјални потреби [41].

Долгогодишното верување дека психопатичните лица не формираат трајни врски со другите, го попречувале терапевтскиот напредок. Додека природата на социјалната награда за високо психопатични лица треба допрва да се утврдува, тие не претпочитаат да бидат осамени. Студиите по судска медицина и заедница откриваат дека повеќето психопатични лица одржуваат врски со години и дека овие врски им служат на нивните психолошки и материјални потреби како што напоменавме и претходно [45]. Земено во целост, литературата за психопатија сугерира дека наградата за доминација како од социјална моќ така и од контролата на материјалните ресурси ја мотивираат дружељубивоста на лица со дијагноза на психопатија. Исто така и лицата кои биле во најблизок контакт со лица со дијагноза на психопатија имаат проблем со опоравување.[5]

Се смета дека психопатите сочинуваат околу 1% од популацијата, а уште поголем процент на луѓе имаат психопатични, нарцисистички и социопатски својства [26]. Некои научни литератури сугерираат дека постои силна генетска компонента. Сепак ДНК не е одлучувачки фактор во сè. Истите гени кај различни луѓе можат да бидат изразени поинаку благодарение на нешто што се нарекува епигенетика [27]. Исто така, негативното однесување може да се научи, па дури и да се награди во раното детство. На пример, понекогаш децата се воспитани од страна на психопатичен или нарцисоиден родител. Во овие случаи, детето може да порасне мислејќи дека може да привлече внимание и ресурси само доколку се служи со манипулација.[6]

Доминантното гледиште за психопатија произлегува од клиничките сфаќања на синдромот засновани врз личноста во кои се потенцираат интерперсонални-афективни дефицити[7], отколку извршување на антисоцијални акти. Други теоретичари пак ја

---

[5] https://www.intechopen.com/books/psychopathy-new-updates-on-an-old-phenomenon/the-impact-of-psychopathy-on-the-family

[6] https://www.businessinsider.com/how-to-make-a-psychopath-2017-8

[7] Површен шарм, отсуство на нервоза, невиност, патолошка егоцентричност, нечесност.

елаборирале оваа концептуализација на психопатија за да вклучат примарни и секундарни поттипови, при што првиот се карактеризира со ниска вознемиреност и антисоцијално однесување заради недостаток на совест, а вториот се карактеризира со негативно влијание и импулсивност и изразување на невротичен конфликт како антисоцијално однесување [28].

Слични теми се вградени во најистакнатиот инструмент за проценка од оваа област, списокот за психопатија Ревидиран, полуструктуирано интервју дизајнирано да ги процени овие класични клинички описи на психопатија во затворени места. Факторското аналитичко истражување утврдува дека со оваа мерка се опфатени два различни аспекта на синдромот и тоа Фактор1 е обележан со меѓучовечко-афективни црти, а Фактор 2 е означен индикатор за однесување антисоцијална девијација. Интересно, надворешните корелации на факторите 1 и 2 многу личат на клиничките описи на примарна и секундара психопатија [19].

Иако интерперсоналните-афективни и антисоцијални аспекти на психопатија добиле обемна емпириска истрага, постои недостаток на истовремени истражувања кои ги истражуваат нивните генетски и еколошки основи. Според други истражувања пак, се вели дека примарната и секундарната психопатија може да се разликуваат во нивната етиологија со претходните кои произлегуваат од уставна или генетска диспозиција, а вторите како манифестација на влијанија врз животната средина (на пример: одбивање од страна на родителите, злоупотреби, лоша социјализација и слично).

Уште еден начин за испитување на состојбата на психопатија кај одредени лица е доменот на самоизвештаи. Сепак, повеќето индекси на самоизвештај преференцијално ги допира антисоцијалните црти на нарушувањето. Мерка за самоизвештај што покажала потенцијал како индекс на обете бележја на димензии е инвентарот на психопатична личност (PPI). Тоа е дизајн со помош на кој може да се долови низата на психопатични црти на личноста, отколку да ги разоткрива антисоцијалните однесувања.

Врз основа на докази кои сугерирале дека ги доловува и меѓучовечко-афективните и антисоцијалните црти на психопатија, резултат-анализиран според факторите на PPI, земени од примерок од заедница на возрасни мажи испитаници, биле извлечени два

доминантни ортогонални фактори чии надворешни корелати наликуваат на оние од претходно споменатото истражување. Првиот фактор бил обележан со социјална моќ, стрес имунитет и бестрашност, основни карактеристики на меѓучовечко-афективните црти кои се аналогни и на примарната психопатија. Вториот факот бил обележан со негативна емоционалност (агресија, отуѓување) и ниско ограничување на однесувањето (импулсивност, барање сензација) и е аналогно на секундарната психопатија. Последователните студии за валидација покажале дека и двата фактора на PPI покажуваат конвергентна и дискриминаторска валидност за интерперсоналните-афективни и антисоцијални црти на психопатија.

Забележителен наод во однос на факторите на PPI е дека тие можат ефикасно да се мерат со помош на Прашалник за мултидимензионална личност (MPQ), широкопојасна мерка за личност. Прашалникот е направен на машки лица, затвореници. Бестрашната доминација била негативно поврзана со социјалната фобија и депресија, како и со самопријавениот страв, дистрес и вознемиреност и позитивна корелација со показатели за дружељубивост, потрага по возбудливост, нарцизам.

Спротивно на тоа, импулсивната антисоцијалност била позитивно поврзана со зависноста од супстанци, антисоцијално однесување кај деца и возрасни, самопријавени вознемирености, дезинхибиција и чувствителност од досада и др.

Севкупно, надворешните корелати на овие конструкции се конзистентни во примероците во заедницата и сторителите, и во голема мерка наликуваат на надворешните корелати на PCL-R. Ова укажува на тоа дека факторите за проценка на психопатијата MPQ може да ги индексираат конструкциите поврзани со доменот на нормалната личност.

Генетските студии за психопатија практично биле отсутни во литературата во однос на истражувањата кои се однесувале само на фенотипови поврзани со антисоцијално однесување т.е. криминалност, малолетничка деликвенција и сл., наместо меѓучовечко-афективни црти на синдромот. Сепак, генетските студии на однесувањето се од витално значење со оглед на тоа што некои научници сметаат дека примарната психопатија може да рефлектира посилни генетски влијанија од секундарната психопатија. Според направените истражувања се доаѓа до заклучок дека ваквите

особини се подеднакво и суштински наследни со секое учество приближно половина од вкупната варијанса кај мажите и кај жените. Понатаму, во согласност со нивната фенотипска независност, бестрашната доминација и импулсивна антисоцијалност се исто така карактеристики и за мажите и за жените [26].

Колективно, со податоците со кои се располага, сугерираат дека бестрашната доминација и импулсивната антисоцијалност можат да произлезат од одделни етиолошки процеси кои се суштински, генетски по природа. На теоретско ниво ваквите наоди би можеле да имаат поширок импликации за концептуализација на концептот на психопатија. Поточно, во општата популација, психопатијата може да се состои од независно изведени малдаптивни црти на личноста што кај одредени лица може да се комбинираат за да формираат особено вирулентен фенотип. Имено, оваа концептуализација е конзистентна со идеите на некои теоретичари на личноста кои ги гледаат нарушувањата на личноста како конфигурација на одредени лоши прилагодувања.

Исто така, вреди да се напомене дека сексуални разлики се пронајдени во генетските корелации помеѓу психопатичните црти и психопатологијата кога се мисли на „бестрашна доминација“ поголем израз доаѓа кај мажите, а кога станува збор за „импулсивната антисоцијалност“, поголем израз доаѓа кај жените. И покрај новитетот на ваквите наод, потребна е и понатамошна репликација на овие родови разлики пред да се извлечат цврсти заклучоци. Генерално, генетските корелации од претходно споменатата содржина помага да се разјаснат етиолошките граници на психопатија.

Во однос на класичните клинички сфаќања за психопатија, откривањето на различните генетски односи со посебни психопатолошки синдроми се тесно усогласуваат со парадоксалниот опис на Клекли на психопати (1941/1976). Поточно, клиничкиот профил разработен од Клекли вклучувал одлики на отворено прилагодување (на пример: површен шарм и добра интелегенција, отсуство на нервоза или психонеуроза) кои служат за маскирање на тешката и соновна патологија на однесување на психопатите (на пример: импулсивно антисоцијално однесување, неодговорност, промискуитет, неуспех да се следи ниту еден план за живот). Сегашните откритија на различните генетски односи со посебни психопатолошки домени укажуваат на можноста ваквата парадоксална презентација да ја одразува

мешавината на два различни етиолошки процеси, оној што служи како заштитен фактор на неволја и е фенотипски изразен како прилагодување, а другиот што дава ранливост на хронично однесување во однесувањето.

Накратко, и бестрашната доминација и импулсивната антисоцијалност[8] имаат значителни генетски влијанија со првото се мисли на надвладувањето на генетската еластичност кон Интер нарушувањата, а со вторите се потенцира одразот на генетската ранливост на Екстра психопатологија. Ова обезбедува валидација на конструкција на поимот психопатични црти што произлегуваат од одделни етиолошки процеси со оглед на тоа што тие прикажуваат конвергентни и дискриминаторски односи со две различни домени на психопатологијата.[9]

1.1(1) Други фактори кои се поврзуваат со психопатијата

Психопатијата исто така може да биде поврзана со историја на траума, особено кај потешките насилнички престапници. Друга студија направила испитување на 333 машки и жени за да се види како врзувањето на мајките и татковците и физичкото злоставување во детството имаат влијание врз развојот на психопатичка личност на 28-годишна возраст. Истражувачите откриле дека нарушената врска со родителите е поврзана со зголемено ниво на психопатија кај возрасни, а тоа се изразува преку недостаток на грижа за мајките како најважен аспект.[16]

„Физичкото злоставување во детството беше исто така поврзано со психопатија, но доказите од анализите на регресија сугерираат дека врската е повеќе примарна, отколку злоупотребата“, напишале истражувачите. Со други зборови, занемарувањето во млада возраст се чини дека има поголемо влијание за тоа лице да се трансформира во возрасна психопатска личност, отколку влијанието кое би го имало доколку тоа е физички нападнато како дете. Разводот на родителите, исто така, може да има влијание врз тоа дали психопатичните карактеристики стануваат поизразени. Нарушувачките искуства како разводот би можеле да создадат симптоми на посттрауматски стрес. Но децата кои се соочуваат со вакви искуства понекогаш се справуваат со тоа што стануваат манипулативни и учат како да го применат тоа за постигнување на саканата

[8] Аналогно на примарна и секундарна психопатија, соодветно.
[9] https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2242349/

цел. Сепак, другите деца се предиспонирани да постапуваат на одреден начин, без оглед на родителската состојба или како се воспитани. Постојат и деца пак кои се крајно сурови и крајно девијантни и уште од мали имаат тенденција да ги мачат животните „за забава“.[17]

Еден пример е со девојче наречено Саманта кое живеело на Атлантикот. Таа почнала да покажува загрижувачки однесувања на околу шест години. Тоа го демонстрирала во нејзината книга чија содржина била за тоа како да им наштети на луѓето, каде биле вклучени цртежи на оружје за убиства како ножеви, хемикалии од отров и пластична ќеса што би се користела за задушување. Саманта била посвоена од страна на нејзините родители на деветгодишна возраст, кои веќе претходно имале свои пет биолошки деца. Кога едно од нивните најмали деца било сè уште бебе, Саманта се обидела да го задави, само за да види што ќе се случи.[10] Луѓето со толку очигледни психопатични, будливи однесувања на млада возраст, по повторени однесувања во семејството, имаат тенденција да бидат институционализирани. Со текот на времето како што растат, овие луѓе се наоѓаат во одредени средини кои ги наградуваат нивните психопатични карактеристики и однесувања.

Она што е познато е како всушност психопатите манипулираат со луѓето околу нив. Честопати тие луѓе се запознаени со фактот дека таа индивидуа имала проблематично минато и благодарение на тоа ги користат таквите информации за да ги натераат луѓето да го направат она што ним им одговара.[10]

Терминот психопатија датира од 1800-тите години кое е со грчко потекло, а потекнува од зборовите пскеи патос, што значи „болен ум“ или „страдање на душата“. Во таа ера ваквата состојба се сметала за еден вид на морално лудило. Но ваквите претпоставки почнале да се менуваат во средината на 20 век, кога психијатарот Херви Кликли ја објавил книгата „Маската на здравиот разум“, при што обезбедил портрети на ликови од психопати кои биле под негова надлежност во универзитетската болница во Грузија.

Тој дошол до заклучок дека многумина од нив биле насилни криминалци, но дури и повторувачите на делата биле пуштани од психијатриските болници затоа што биле

[10] https://www.businessinsider.com/how-to-make-a-psychopath-2017-8

дијагностицирани како здрави личности кои прикажувале „совршена маска на оригинална разумност, беспрекорна површина индикативна во секој поглед на стабилно ментално здравје”.

За жал, митинг-повикот на КЛИКЛИ во голема мерка бил игнориран од страна на медицинската заедница. До крајот на 60-тите години, Библијата за психијатрија, Дијагностичкиот и статистичкиот прирачник (DSM) го замениле терминот „психопатичка личност” со терминот „антисоцијално нарушување на личноста”, што сè уште не вклучувало белег на психопатички црти, како што се недостаток на емпатија и лошотија. Оваа класификација на DSM трае и денес, но сепак, додека повеќето психопати се дијагностички антисоцијални, мнозинство од луѓето со антисоцијално нарушување на личноста не се психопати.

Роберт Харе е научник кој истражувањето за психопатија го започнал сосема случајно. Тој сакал да дознае што всушност ги придвижува нашите емоции, перцепции, мотивации, од експериментална научна перспектива.



Слика 2. Харе се сликал во раната кариера кога работел како психолог во затворот за безбедност на Британска Колумбија со максимална безбедност

Примарната работа на Харе вклучувала проценка на затворениците, користење на достапни алатки, почнувајќи од тестовите за личност, до удари со мастило од Роршач. Тој во текот на првиот час го сретнал својот прв случај, односно првата индивидуа со карактеристики на психопатија, тоа бил затвореник што го нарекувал Реј. Тој бил крајно предаторски поставен, па извадил и рачно изработен нож со кој се заканувал дека ќе го искористи против Харе. Сепак тој одлучил да се воздржи од повикувањето на стражарите бидејќи сметал дека Реј го тестира, за среќа Реј не ја искористил

заканата, но Харе наскоро сфатил дека Рej го навлеков во еден вид на стапица бидејќи со самиот негов пристап тој успеал да го убеди Харе да не ги испочитува затворските правила за клиничко известување.

Во текот на осуммесечниот престој на Харе во казнено-поправниот дом, Рej успеал да го убеди Харе, така што му помагал со поправањето на неговиот автомобил и слично, воедно извршувајќи ги и своите затворски должности. По завршувањето на неговиот престој тој забележал некои неправилност на неговиот автомобил и кога го однел на автомеханичар заклучиле дека линијата за сопирачките била наместена за бавно истекување. Така тој се заинтерсирал уште повеќе за ваквите лица и истражувајќи наидел на книгата на Клекли, и во деталните портрети на ликови, Харе го препознал Рej, особено неговата способност да шармира и да манипулира со луѓето.

Подоцна направил истражување каде испитаниците биле поврзани со ЕЕГ (електроенцефалограм)[11] што ја следи активноста на мозокот. Учесниците во студијата разгледувале неутрални или емотивни зборови - табела, биро, тепих, труп, пигмент, тортура. Испитаници биле лица со психопатија и нормални луѓе. Кај обичните луѓе имало различни сигнали при разгледувањето на различни зборови, но психопатите реагирале на ист начин и на емотивните зборови и на неутралните зборови. Немало никакво емоционално засилување на турбо, што било доста зачудувачки. Во почетокот ова докажано дело не се прифаќало од уредниците бидејќи сметале дека тоа не можат да бидат вистински луѓе.



[11] ЕЕГ- електроенцефалографијата е специјална неинвазивна функционална метода за снимање и регистрација на мозочната активност предизвикана од самите нервни клетки во мозокот. Може да се повторува неограничено, бидејќи нема никакво штетно зрачење, безболна е, трае кратко -30 минути.

Слика. 3 Споредба на мозокот на психопат и нормална личност при разгледувањето на зборовите

На првата слика се импулсите кои ги дава мозокот на психопат при разгледувањето на неутрални зборови, на втората слика се импулсите кои ги дава мозокот на психопат при разгледувањето на емоционални зборови, а на третата слика се импулсите кои ги дава мозокот кај нормална личност при разгледувањето на емоционални зборови.

Од сликите можеме да забележиме дека и кај лица со психопатија при разгледување на емоционални термини има мала активација на мозокот, но кај здрава личност при разгледувањето на емоционални термини импулсите кои ги дава мозокот, односно активацијата на мозокот е далеку поголема од онаа слика кога станува збор за лице со психопатија [20]. И покрај тоа што има изобилство на научни истражувања за психопатија, можеби и повеќе отколку за кое било друго нарушување на личноста, специјалистите сè уште не можат да се согласат за специфичното потекло. Мнозинството ги толкува аномалиите во структурата на мозокот, но некои истражувачи сметаат дека и злоупотребата и траумата која ја доживува личноста е на исто рамниште како и аномалиите во структурата на мозокот. Па така тој ја толкува психопатијата и како развојно еволутивна работа, повикувајќи се на работата на специјалистите за психопатија во Центарот за ментална здравствена заштита во Вејпоин, Клиничка и судска болница во Пенетангизезен, Онтарио. Тие тврдат дека психопатијата не е нарушување, тоа е она што тие го нарекуваат адаптивна стратегија за живот, можете да ги пренесете гените со тоа што имате едно или две деца и многу вложувате во нивната благосостојба, но психопатите се безлични и тие ја подржуваат стратегијата да имаат многу деца, а потоа да ги напуштат. Но поради ваквата теорија за биолошка адаптација психопатијата се квалификува како поволна за генетска репродукција, а не како невролошко нарушување. Одовде се поставува и прашањето дали децата можат да имаат психопатични тенденции? Харе смета дека ова се големи проблеми кој исто така го поставува и прашањето за невролошките споредби помеѓу психопатијата и аутизмот, тој смета дека природата предвидува секаков вид на разновидност, пример има супер-емпатични луѓе од една страна кои чувствуваат огромна болка и сочувствуваат со другите лица, а од друга страна се наоѓа психопатот кој нема никаква грижа на сосвест, ниту пак било каква емоција се побудува кај него. Од гледна точка на еволутивната психологија, структурата и функциите на мозоците на психопати тие се поразлични, но тие се правилно дизајнирани за вклучување на

предаторски однесувања. Тие би можеле да бидат генетски програмирани, но сè уште не се пронајдени кои механизми за активирање можае да ги исклучат гените, битно она што се знае е дека факторите на животната средина се исто така одредувачки.

Харе смета дека ни требаат програми за терапија дизајнирани за психопати, вклучително и оние за деца кои се премлади за да ја носат етикетата на психопати, но имаат будливи неемотивни својства во донесувањето како малтретирање, кражба и слиично. Целта е да се искористи таа интелегенција со која располагаат овие индивидуи, односно да се искористат предностите и да се обликуваат на начин што е посоцијален и продуктивен, а воедно добар за поединецот како и самото општество [34]. PCL-R (Psychopathy Checklist-Revised) се мери преку констелација на 20 особини и однесувања на личноста. Значи, акредитиран лекар, со претходно искуство со индивидуи со психопатија, спроведува полуструктуирано интервју со субјект, упатувајќи информации за личноста, стилот на живеење и личната историја на субјектот. Повратните информации се комбинираат со информации од досието на субјектот и интервјуа со семејството, пријателите, работодавците и други соработници, за да му се помогне на лекарот да утврди дали предметот е евазивен или измамен. 20-те особини кои се содржани на списокот вклучуваат:

- Слаткоречивост, површен шарм,
- Грандиозно чувство за самостојност,
- Потреба за симулирање,
- Пристојност,
- Патолошко лажење,
- Поврзување,
- Манипулација,
- Недостаток на каење,
- Недостаток на вина,
- Плитко влијание,
- Будност,
- Недостаток на емпатија,
- Паразитски животен стил и сл.,
- Промискуитетно сексуално однесување,

- Рани проблеми со однесувањето,
- Недостаток на релани, долгорочни цели,
- Импулсивност,
- Неприфаќање на одговорност, многу краткорочни брачни односи,
- Малолетничка деликвенција и
- Криминална разноврзност.

Од своето основање, списокот со проверки останува ист, но прирачникот PCL-R пораснал од само неколку страници до тековна книга со 200 плус страници, спакувана со статистички податоци од специјалисти за психопатија низ целиот свет. Сега претставува врвна алатка за проценка на ризикот од насилство што ја користат форензички психолози во Северна Америка, значајно мнозинство во одредени расправи и за условна казна од најопасните затвореници со висок ризик.[12]

Веродостојно е да карактеристичните црти на психопатија имаат функционална врска со антисоцијалното однесување. Поединците кои се грандиозни, честопати имаат чувство дека тие имаат право да крадат, да силуваат или пак да експлоатираат други [33]. Оние на кои имаат недостаток на емпатија и вознемиреност понекогаш не успеваат да ги спречат насилните мисли и пориви. Импулсивноста ја зголемува веројатноста овие лица да извршат кривични дела без да размислат за последиците. Специфичните општествено девијантни акти се квалитативно различни од опсежливите и постојани црти на личноста што ги подржуваат трите фактори во рамките на PCL-R. Битно е овде да не се мешаат основните тенденции (својства) и карактеристичните адаптации (специфични акти) [43].

Антисоцијалното однесување е поврзано со голем број ментални нарушувања (на пример: психотични нарушувања, попреченост во учењето, злоупотреба на супстанции и други нарушувања на личноста). Теориите за криминал вклучуваат мноштво фактори во врска со антисоцијалното однесување. Целта е да се укаже дека не секој човек кој извршува кривични дела или извршува некои антисоцијални дејствија се дефинира како психопат, туку се заклучува дека можат и многу други фактори да влијаат за таквото негово однесување. Секако психопатијата е специфична самата по себе, да, таа

[12] https://www.discovermagazine.com/mind/into-the-mind-of-a-psychopath

може да биде наследна, да, таа се смета како еден вид на психичко нарушување на личноста со одредени недостатоци, но не секогаш резултира со извршување на кривично дејствие од страна на таа личност.[13] Значи покрај тоа што индивидуата се одбележува со поимот психопатија, понекогаш клучен фактор, за тоа како таа индивидуа ќе се справи со таквата состојба, е раното детство и околината во која израснала самата таа индивидуа.

1.2 Социопатија

Социопатијата се однесува на шема на антисоцијални однесувања и ставови, вклучувајќи и манипулација, измама, агресија и недостаток на емпатија кон другите. Социопатијата е не-дијагностички термин и не е синоним за „психопатија“, иако преклопувањето доведува до честа забуна. Социопатите може или не може да го прекршат законот, но со искористување и манипулирање со другите, тие ја нарушуваат довербата врз која работи човековото претпријатие.

Антисоцијално нарушување на личноста (ASPD) е нарушување на личноста кое се карактеризира со долгорочен начин на непочитување или кршење на правата на другите. Често доаѓа до израз ниското морално чувство или совест, како и историја на криминал, проблеми со правниот систем или импулсивно и агресивно однесување. Антисоцијалното нарушување на личноста е дефинирано во Дијагностичкиот и статистичкиот прирачник за ментални нарушувања (DSM). Дисоцијалното нарушување на личноста (DPD) е сличен или еквивалентен концепт, кој е дефиниран во Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми (МКБ), и во едниот и во другиот концепт има слични критериуми за дијагностицирање на нарушувањето. И двата асоцираат на психопатија или социопатија, но се направени разлики помеѓу концептуализациите на антисоцијалното нарушување на личноста и психопатијата.

[13] https://www.cambridge.org/core/journals/the-british-journal-of-psychiatry/article/understanding-the-structure-of-the-psychopathy-checklist-revised/4D3E446795FDFFCDBCC765D1C8FCDBCD/core-reader

Антисоцијалното нарушување на личноста резултира во она што нам ни е познато како социопат. Некои примери на ова непочитување се несовесно непочитување на безбедноста на себеси или на другите, неисполнување на социјалните норми во однос на законското однесување, измама, како што се повторено лажење или измама за личен профит или задоволство и недостаток на каење за постапки што повредуваат други луѓе на кој било начин. Покрај тоа, тие мора да имаат докажано нарушување во однесувањето пред возраст од 15 години, а за да ја добијат оваа дијагноза мора да имаат најмалку 18 години.

Луѓето со ова нарушување понекогаш изгледаат како шармантни и може да воспоставуваат односи, но тие односи завршуваат во моментот кога ќе го добијат она што им треба, а врските се без длабочина или значење, вклучително и бракови. Се чини дека имаат вродена способност да ја пронајдат слабоста кај луѓето и се подготвени да ги искористат овие слабости за остварување на сопствените цели преку измама, манипулација или заплашување и да уживаат од задоволство со тоа. Се чини исто така дека тие не се способни за какви било вистински емоции, почнувајќи од љубов, сè до срам и вина. Брзи се на лутина, но исто толку брзо може и да им размине. Без оглед на тоа каква емоција велат дека имаат, тие немаат никакви ставови и планови за во иднина. Тие ретко се во можност да имаат работни места кои траат подолго време, бидејќи лесно им здодева и имаат потреба од постојана промена. Тие живеат за моментот, заборавајќи за минатото и не ја планираат иднината, ниту пак размислуваат за последиците од нивните постапки. Тие сакаат непосредни награди и задоволство. Во моментов не постои форма на психотерапија што работи со оние лица кои имаат антисоцијално нарушување на личноста, бидејќи ваквите лица немаат желба да се променат. Единствениот третман е спречување на нарушување во раните фази, кога детето прво започнува да ги покажува симптомите на нарушување во однесувањето.[14]

Антисоцијалното нарушување на личноста е дел од групата нарушувања на личноста, наречена нарушувања во кластерот Б[15]. Овие нарушувања се карактеризираат со невообичаено емотивно однесување кое има тенденција да ги наруши односите и да доведе до нестабилни форми на поврзаност со другите. Други нарушувања на

[14] https://www.mcafee.cc/Bin/sb.html
[15] Постојат 10 видови на нарушување на личноста (https://www.psychiatry.org/patients-families/personality-disorders/what-are-personality-disorders)

кластерот Б вклучуваат: нарцистичко нарушување на личноста, гранично нарушување на личноста, хистерично нарушување на личноста и др. Децата не можат да бидат дијагностицирани со антисоцијално нарушување на личноста. Децата, врз основа на одредена шема на непочитување на правата и потребите на другите може да бидат дијагностицирани само со нарушување во однесувањето.

Едно лице не може да биде дијагностицирано со антисоцијално нарушување на личноста само врз основа на една активност или непочитување.

Однесувањето што се објаснува со нешто друго, како што е зависност, траума или когнитивна попреченост исто така не би биле дијагностицирани како антисоцијално нарушување на личноста. Овие луѓе се борат да ги следат и разберат социјалните правила за да можат да комуницираат со другите. Тие не ги гледаат другите луѓе како суштества што се достојни за да имаат одредени права. Иако тие не чувствуваат емпатија или вина, сепак не сите луѓе со антисоцијално нарушување на личноста ги кршат правата на другите. Едно лице може да биде проценето како лице со антисоцијално нарушување на личноста по самиот разговор со полицијата, доколку претходно било во токсична врска или некое негативно искуство уште од раното детство. Сè уште нема клинички тестови за антисоцијално нарушување на личноста, наместо тоа дијагнозата се заснова на симптомите на една личност.

1.2(1) Како можеме да определиме која личност има карактеристики на социопатија?

За да може некое лице да се дефинира како лице со антисоцијално нарушување на личноста тоа пред сè мора да биде постаро од 18 години. Нивните однесувања треба да покажат најмалку три од следниве карактеристики[16]:

1. Не ги почитуваат социјалните норми или закони - тие постојано ги кршат законите или ги надминуваат социјалните граници.
2. Лаги, измами, користат лажни идентитети или прекари и ги користат другите за исполнување на своите цели.

[16] https://www.healthline.com/health/mental-health/sociopath?fbclid=IwAR3rFddGODUVH2XsOeGa75moqnw319TIxs_vBD2V4cbxSi7hFwwp1EG_Q3M#diagnosis-and-symptoms

3. Не прават долгорочни планови - честопати дејствуваат без да размислуваат за последиците.
4. Покажуваат агресивно или влошено однесување - тие постојано употребуваат физичка сила и им штетат на другите.
5. Не се грижат за нивната сопствена безбедност или безбедноста на другите.
6. Не ги почитуваат личните или професионалните одговорности - како на пример: постојано доцнење на работа или пак неплаќање на сметки навреме, овие примери се некои ситници во кои би можеле да се препознаат поголем број на луѓе кои не се со антисоцијално нарушување, но од друга страна тие сепак се индикатори на ваквата состојба.
7. Не чувствува вина и каење што наштетил некому или пак што малтретирал други лица.

Други можни симптоми на АСН може да вклучуваат:

- Ладнокрвност, со тоа што не покажува емоции, ниту пак сака да се вклучи во животот на другите.
- Користење хумор, интелегенција или харизма за манипулирање со другите.
- Има чувство на супериорност и силни, непоколебливи мислења.
- Не учат од грешките.
- Не можат да одржуваат пријателство или пак врска.
- Се обидуваат да ги контролираат другите со заплашување или заканување.
- Навлегување во чести правни проблеми или вршење на кривични дела.
- Преземање ризици на штета на самите нив или на другите.
- Се закануваат со самоубиство.
- Стануваат зависници од дрога, алкохол или други супстанции.

Други начини за дијагностицирање на АСН вклучуваат:

- ✓ Проценка на чувствата, мислите, начините на однесување и личните односи на лицето;

- ✓ Разговор со оние луѓе кои имаат блиски односи со лицето, за да може да се разбере нивното однесување;
- ✓ Проценка на медицинската историја на едно лица за други состојби.

Понекогаш антисоцијалното нарушување на личноста може да се дијагностицира и кај некоја индивидуа која има навршено повеќе од 15 години, доколку тие во рана возраст почнат да покажуваат симптоми на нарушување во однесувањето. Овие симптопи вклучуваат:

- Кршење на правилата без оглед на последиците,
- Непотребно уништувајќи ги работите што им припаѓаат на самите себе или на другите, кражба,
- Постојана измама или се користат со лаги,
- Доаѓа до израз агресивноста кон другите индивидуи или кон животните.

1.3 Разликата помеѓу психопатија и социопатија

Психопатијата и социопатијата се термини кои се користат за дефинирање на одредени индивидуи со одредени специфики со помош на кои се издвојуваат од останатите луѓе, тоа се лица кои понекогаш тешко можат да се препознаат, но честопати може да дојдеме во контакт со нив, бидејќи тие не се ништо поразлични во физичкиот изглед од нас. Тие можат да бидат и меѓу најуспешните луѓе во општеството, затоа што тие честопати се немилосрдни, безобразни и површно шармантни, додека малку или воопшто немаат предвид за чувствата или потребите на другите.

Ваквата група на луѓе е позната уште како и група на „успешни“ психопати, бидејќи имаат тенденција да извршуваат предумисла за кривични дела со пресметан ризик. Или тие можат да манипулираат со некој друг и индиректно да го натераат да го прекрши законот, додека тие се држат безбедно на далечина. Познати се уште и под називот господари манипулатори на чувствата на другите народи, но не се во состојба самите да ги доживеат емоциите. Многу од карактеристиките со кои се карактеризираат ваквите индивидуи звучат познато, но тоа е така бидејќи врз основа на извршени

анализи, стапката на застапеност доаѓа некаде помеѓу 0,2% и 3.3% од населението. Постојат и тестови кои можеме сами да ги направиме, но факт е дека овие лица воопшто не се загрижени за недостатоците во нивниот карактер. Затоа и психопатијата и социопатијата се познати како антисоцијални нарушувања на личноста, кои се долгорочни состојби на менталното здравје.

Како што напоменавме и претходно, психопатите и социопатите споделуваат голем број карактеристики вклучувајќи го недостатокот на каење или сочувство кон другите, недостаток на вина или можност да преземат одговорност за своите постапки, непочитување на законите или социјалните конвенции и склоност кон насилство. Основна карактеристика на двете е измамничка и манипулативна природа. Но од тука се поттикнува и појавата на прашањето како би можеле да ги разликуваме?

Социопатите се вообичаено помалку емотивно стабилни и многу импулсивни, нивното однесување има тенденција да биде понерационално од психопатите. Коги социопатите сторуваат некое кривично дело без разлика дали станува збор за насилно или ненасилно, социопатите најчесто дејствуваат врз основа на присила, и се карактеризираат со недостаток на трпеливост, полесно давање на импулсивност и недостаток на детално планирање. Психопатите, од друга страна, ги планираат своите злосторства до најмалиот деталь, преземајќи пресметани ризици со цел да се избегне нивното откривање. и психопатите и социопатите делуваат на континуитет на однесувања, а многу психолози сè уште расправаат дали тие воопшто треба да се разликуваат. Но, за оние кои прават разлика помеѓу овие два поима, во голема мера се согласуваат за една работа: психијатрите го користат терминот психопатија за да илустрираат дека причината за антисоцијално нарушување на личноста е наследна. Социопатијата од друга страна пак ги опишува однесувањата што се јавуваат како резултат на повреда на мозокот, злоупотреба и/или занемарување во раното детство. Постои особено интересна врска помеѓу сериските убијци и психопати или социопати, иако, се разбира, не се сите психопати и не сите социопати или психопати стануваат сериски убијци.[17]

[17] https://theconversation.com/amp/psychopaths-versus-sociopaths-what-is-the-difference-45047?fbclid=IwAR24V1aiXB1tax4Wfd9iymke0WIbpE8yPqaWx48EogX1S_Xj7VxTxH1K2gY

Социопатите имаат обичај да бидат нервозни или лесно да се вознемируваат. Тие се непостојани и склони кон емоционални испади, вклучувајќи ја и карактеристиката на постојан гнев. Тие се со поголема веројатност, отколку психопатите, да бидат необразовани и да живеат на работ на општеството. Тие понекогаш не се во состојба да задржат стабилна работа или да останат на едно место многу долго. Најчесто е многу тешко, но не е целосно невозможно за социопатите да формираат некаков вид на приврзаност со другите. Многу социопати можат да се приврзат со одредена индивидуа или група, иако тие немаат никаков интерес за општествата или неговите правила воопшто.

Затоа, значајните прилози на кој било социопат би биле малку на број и ограничени во обемот. Гледајќи од друга перспектива, социопатите генерално оставаат впечаток на постојана вознемиреност или непостојаност. Сите кривични дела што ги извршуваат, вклучувајќи ги и убиствата, ќе имаат тенденција да бидат несреќни и спонтани, но не и планирани. Поради нивното навидум неправилно однесување, социопатите се полесни за идентификување на професионалците и непрофесионалците, отколку што се психопатите.

За разлика од социопатите, психопатите не се во можност да формираат емотивни приврзаности. Психопатите имаат тенденција да бидат агресивни и грабливи по природа. Тие ги гледаат другите како предмети за забава. Иако им недостасува емпатија, психопатите често имаат разоружувачки, па дури и шармантни особини. Тие се манипулативни и лесно можат да стекнат доверба кај луѓето. Тие учат да имитираат емоции, и покрај нивната неспособност да ги чувствуваат и така тие полесно се вклопуваат во околината и изгледаат сосема нормално, при што не предизвикуваат сомнеж кај луѓето. Психопатите често се добро образовани и одржуваат постојани работни места. Некои психопати се толку добри во манипулација и други долготрајни врски, па затоа и лицата кои ги опкружуваат воопшто не се сомневаат во нивната вистинска природа. При извршувањето на кривични дела, психопатите внимателно ги планираат сите детали однапред и честопати планираат и за чекорите кои би ги преземале, доколку настапи некоја вонредна состојба.

За разлика од нивните социопатски ,,колеги", психопатичните криминалци се доста смирени и прецизни. Од гледна точка на спроведувањето на законот, ,,ладнокрвната"

природа на психопатите ги прави многу добри криминалци. Како такви, тие потешко се идентификуваат, отколку социопатите. За жал тешко може да се знае кога психопатичен предатор би можел да ве насочи кон експлоатација. Од дијагностичка гледна точка, етиологијата или причината за психопатија е различна од онаа на социопатијата. Заклучокот е дека психопатијата е резултат на „природата", односно генетиката, додека социопатијата е резултат на „негување", односно животната средина.[18]

Психопатијата е поврзана со она што се нарекува физиолошки дефект кој резултира во неразвиеност на делот од мозокот кој е одговорен за контролата на импулсот и емоциите. Социопатијата, од друга страна, е поверојатно производ на детска траума и физичко или емоционално злоставување. Бидејќи се чини дека социопатијата настанува врз основа на лошо искуство, но не и вродена, тие се способни за емпатија во одредени околности, и само со одредени лица, но не и со други. Психопатијата е поретка од социопатијата и се смета дека е најопасна од антисоцијалните нарушувања на личноста. Се проценува дека 50% од сите сериски убијци се со дијагноза на психопатија.

За да може да се долови разликата помеѓу психопат и социопат, пример клучната разлика помеѓу психопатот и социопатот е во тоа дали тој има совест или „малиот глас внатре" што ни овозможува да знаеме кога правиме нешто лошо. Психопатот како што веќе напоменавме нема совест, тој може да лаже за на пример да украде пари и притоа тој нема да има никакво чувство на вина, тој може да ги набљудува другите и потоа да постапува така како што прават и тие, за да не биде откриен.

Социопатот обично има совест, но е слаб. Можеби знае дека земањето на пари е погрешно и може да почувствува вина или каење, но и тоа нема да го запре неговото однесување. И двајцата немаат емпатија, можност да стојат во туѓи чевли и да разберат како се чувствуваат. Но, психопатите ги гледаат луѓето како предмети кои можат да ги користат за свои потреби и цели.

[18] https://www.psychologytoday.com/us/blog/wicked-deeds/201801/the-differences-between-psychopaths-and-sociopaths

Како што пренесуваат медиумите, психопатите и социопатите се обично негативци кои убиваат или мачат невини луѓе. Во реалниот живот, некои луѓе со антисоцијално нарушување на личноста можат да бидат насилни, но повеќето од нив не се. Наместо тоа, тие користат манипулација и се карактеризираат со невнимателност при однесувањето за да го добијат она што го сакаат. Во најлош случај тие се дефинираат како ладни убијци. Тие се вешти да се искачат нагоре по корпоративната скала, дури и ако треба да повредат некого за да стигнат таму. Спомнувајќи ги овие белези често можеме да се присетиме на некој познаник со истите карактеристики, но само затоа што човекот е смирен или себичен не значи дека тој има антисоцијално нарушување.

1.4 Сериски убијци

Сериски убиец е човек кој убил тројца или повеќе луѓе во рок од повеќе од 30 дена, при што има период на „одмор“ помеѓу секое убиство и при што мотивацијата за извршувањето на овие убиства е најчесто психолошко задоволување. Често постои и сексуален елемент во убиствата. Постои можност да има сличности помеѓу убиствата или обидите за убиство, како и помеѓу жртвите во некоја област, како професија, раса, изглед, пол или возраст [8].

Сериските убијци често се помешуваат со масовните убијци, коишто извршуваат повеќе убиства одеднаш, или пак со миговните убијци, коишто извршуваат повеќе убиства на 2 или повеќе места, при што виртуелно нема пауза помеѓу убиствата.

Карактеристики

Сериските убијци во Соединетите Американски Држави обично ги делат следниве заеднички карактеристики [5]:

1. Најголем дел се белци и неоженети.

2. Често се многу интелегентни, со коефициент на интелегенција во рамките на „натпросечно високите“ коефициенти.

3. И покрај нивниот висок коефициент на интелегенција, тие имаат проблем со задржување една постојана работа и често работат физички работи.

4. Често потекнуваат од нестабилни семејства.

5. Типична карактеристика е да биле напуштени од страна на нивните татковци уште како деца и да биле израснати од доминантни мајки.

6. Нивните семејства често имаат криминално, психијатриско и алкохоличарско минато.

7. Во голем број од случаите тие биле злоупотребувани - емотивно, физички и/или сексуално - од страна на член од семејството.

8. Имале чести обиди за самоубиство.

9. Уште од многу рана возраст, многу од нив покажувале силен интерес за воајеризам, фетишизам и садомазохистичка порнографија.

10. Повеќе од 60% мокреле во кревет и на возраст поголема од 12 години.

11. Многумина ги фасцинира запалувањето на нештата.


12. Честопати имаат садистички активности и измачуваат мали животни.

Психозата[19] е ретка појава кај сериските убијци. Психијатриската дијагноза, која претежно се забележува кај оваа група луѓе, е повеќе наклонета кон психопатско однесување, што значи дека тие страдаат од нарушувања, кои спаѓаат во специфична група на нарушувања на нефункционална личност, односно оние кои се поврзуваат со антисоцијалното растројство на личноста. Психопатите не поседуваат способност за сочувствување или за чувствување вина, тие се егоцентрични и импулсивни и не се потчинуваат на социјални, морални и законски норми. Наместо ова, психопатите често следат одредени правила коишто самите си ги имаат создадено за себе. Можат да изгледаат нормално и често дури и шармантно, што претставува состојба на приспособување, којашто психијатарот Херви Клекли ја нарекува уште и „маска на психичко здравје“. Иако психопатијата не е официјален поим во „Дијагностичкиот и статистички прирачник за психички нарушувања“, таа сепак е вид на психичко нарушување, кое содржи и карактеристики на антисоцијалност и нарцисоидност.

[19] Психозите се изречени форми на ментални нарушувања во кои менталната активност на пациентот е обележана со остра разлика помеѓу околната реалност, грубо се искривува рефлексија на реалниот свет, што се манифестира во нарушувања во однесувањето и манифестација во психоза на патолошки симптоми и синдроми необични за перцепција, меморија, размислување, нарушувања на афективност и друго).

Развој

Тоа, по коешто серијските убијци се разликуваат од „нормалното“ население, се сличните проблеми со кои се соочувале во детството. „Моделот за контрола на траумите“[20] на Хики објаснува како некоја траума од раното детство може да влијае на детето и во иднина да го наведе на девијантно однесување. Средината на детето[21] е главниот фактор за тоа, дали однесувањето на детето ќе прерасне во склоност кон убивање. Најчесто мајката ја игра најважната улога во развојот на детето. Преголемата заштита од страна на мајката, комбинирано со недостаток од татковско влијание, резултирала во голем број од случаите со развој на многубројни сексуално насилни мажи [3].




Слика 4. Теоријата на умот, Сочувството и Емпатијата за страдањето кај здрава нормална личност и кај личност со психопатско нарушување

Семејството[22], или пак недостигот од семејство, е најзначајниот дел од развојот на детето, поради секојдневниот контакт и поврзувањето со членовите. „Серискиот убиец не е ништо поразличен од било која друга личност, која била поттикнувана да бара поддршка од родителите, сексуалните партнери или други луѓе“[23]. Оваа потреба за поддршка е тоа, коешто ги поттикнува децата да се обидат да развијат врска со нивните родители и врсници, но доколку детето е одбиено или запоставено, тоа нема да може да ги оформи овие врски[21]. Ова резултира со намалување на нивото на нивната самопочит и им помага да си создадат нивен замислен свет, којшто тие си го

[20] Trauma and inflammation modulate lymphocyte localization in vivo: Quantitation of tissue entry and retention using Indium-111-labeled lymphocytes
Yeager, Mark P. MD; DeLeo, Joyce A. PhD; Hoopes, Jack P. DVM, PhD; Hartov, Alex PhD; Hildebrandt, Laurie BA; Hickey, William F. MD.
[21] или родителите или општеството.
[22] Зборот „семејство” води потекло од зборот семе. Како поим во секојдневниот говор со семејство означуваме заедница од родители и потомци. Клучната цел на таквата заедница е одгледување на потомците.
[23] Хејл, 1993 година, стр. 41.

контролираат. „Моделот за контрола на траумите“ на Хики[24] јасно покажува дека развојот на сериските убијци се заснова на траума од раното детство, проследена со забрзувачи на процесот (порнографија, дрога и алкохол) и исполнети предуслови (неспособност за поврзување со некого).

Поврзаноста со семејството исто така игра важна улога во растот и развојот на детето. „Квалитетот на нивната врска со родителите и останатите членови на семејството е исклучително важен за тоа, како овие деца ќе се поврзат и ќе ги почитуваат останатите членови на општеството“ [31].




Слика 5. Приказ на двата главни елемента (Вентромедијалниот префронтален кортекс (VmPFC), односно делот од мозокот кој е одговорен за чувствата како што се емпатија и вина, не може да се конектира, односно да се поврзе со амагдалата (Amygdala), која е одговорна за предизвикување на чувство на страв и вознемиреност)

На едно истражување за затворените сериски убијци и за факторот, којшто тие го сметаа за највлијателен при создавањето склоност кон убивање, скоро сите сериски убијци кои учествувале во истражувањето се соочувале со проблеми со околината за време на нивното детство, како што се нефункционално семејство[25] или недостаток од домашна дисциплина. Чест бил случајот серискиот убиец да потекнува од семејство,

[24] 2010 година, стр. 107.

[25] Растењето во нефункционално семејство може да остави рани со сериозни последици во подоцнежниот живот. За жал, овој вид семејства се многу почести отколку што мислиме. Емоционална манипулација, понижување, недостиг на емпатија и чувствителност, проблеми во комуникацијата… Сето тоа се карактеристични кои укажуваат на нефункционално семејство.Кога растат во вакво опкружување, децата мора да се приспособат за да преживеат. Тие го прават тоа за да се заштитат од опкружување што е далеку од идеално. За злото да биде поголемо, ги набљудуваат обрасците на однесување кои веројатно ќе ги имитираат кога ќе пораснат. Семејното опкружување може или да го олесни или да го попречи психолошкиот развој на децата, затоа е тоа толку важно.

коешто поминало низ развод, разделба или пак семејството немало еден родител [7]. Понатаму, скоро половина од сериските убијци се соочувале со некаков вид на физичко или сексуално злоставување, а уште поголем процент од нив се соочувале со емотивно запоставување. Кога некој родител страда од проблеми со алкохол или дрога, вниманието во домаќинството е насочено кон родителите, а не кон децата. Ова запоставување на детето води кон намалување на неговата самопочит и му помага да си создаде негов замислен свет, којшто тоа самото си го контролира. „Моделот за контрола на траумите“ на Хики го потврдува фактот дека запоставувањето од страна на родителите може да придонесе кон девијантно однесување, особено ако детето засведочи употреба на дрога пред свои очи. Подоцна, ова води кон исполнување на одредените предиспозиции (неспособноста за поврзување со луѓе), коешто пак подоцна може да води кон развој на склоност кон убивање, освен ако детето не најде начин да развие значајни врски со луѓе и да се избори со траумата. Ако детето не добие поддршка од луѓето со кои е опкружено, тогаш многу е мала веројатноста дека детето ќе успее да се извлече од трауматичното искуство[26] во позитивна насока.



Слика 6. Графички приказа на Моделот за контрола на траумите на Хики

[26] Трауматично искуство е секоја случка во животот која претставува закана за нашата безбедност и можеби го доведува во опасност нашиот живот или животите на други луѓе. Како резултат на тоа, лицето доживува силна емоционална, психолошка и физичка вознемиреност која привремено ја попречува способноста за нормално функционирање во секојдневниот живот.

Фантазија

Децата коишто не можат да го контролираат погрешното третирање со кое се соочуваат, си создаваат еден вид на нова реалност, во којашто можат да избегаат. Оваа нивна нова реалност станува сопствен замислен свет, врз којшто тие имаат целосна контрола и којшто станува дел од нивното секојдневно постоење. Во овој замислен свет, нивниот емотивен развој се управува и одржува од страна на тој свет. Според ова „детето добива социопатска природа, бидејќи нормалниот развој на концептот на доброто и лошото и сочувствувањето со другите му заостанува, а тоа пак е последица на фактот што емотивниот и социјалниот развој на детето се одвива внатре во неговите фантазии. Детето не може да згреши во неговиот сопствен свет и болката на другите нема никаква важност, земајќи предвид дека целта на замисленият свет е да ги задоволи потребите на детето“. Се губи чувството за разграниченост помеѓу замисленият свет и реалноста, а фантазијата прераснува во доминација, контрола, сексуално покорување и насилство, што на крајот води кон извршување убиство. Фантазијата може да доведе до првиот чекор во процесот на создавање дисоцијативна природа, којашто му овозможува на серискиот убиец да ја напушти реалноста и да ја замени со место, коешто за него е подобро [38].

Криминологот Хозе Санчез изјавил дека „младите криминалци кои ги гледаме денес се поодвоени од нивните жртви, поподготвени да повредуваат или убиваат... Недостатокот од сочувство кон нивните жртви е само еден симптом за проблем, кој го засега целото општество.“ Лорензо Каркатера[27] од друга страна пак, објаснува како потенцијалните криминалци се обележани од страна на општеството, што може подоцна да доведе до тоа и нивните потомци да се развиваат во истата насока преку „циклусот на насилство“. Пред да биде убиен како последица на пресудената смртна казна, серискиот убиец Тед Банди изјавил дека насилството во медиумите и порнографијата го стимулирале и му ја зголемувале потребата да извршува убиства, но сепак мора да се земе предвид дека оваа изјава била дадена за време на неговите последни очајнички обиди да покрене жалба против смртната пресуда.

[27] авторот на „Гангстер“ (2001 година).



Слика 7. Еден од најбараните сериски убијци во Соединетите Американски Држави - Тед Банди


ВИДОВИ СЕРИСКИ УБИЈЦИ

Според прирачникот за класификација на криминалните дела на ФБИ, сериските убијци се делат на 3 категории: „организирани“, „неорганизирани“ и „мешани“ – сериски убијци кои прикажуваат особини и на организиран и на неорганизиран сериски убиец. Некои убијци со текот на нивните убивања се претвораат од организирани во убијци од неорганизиран тип [4].



ОРГАНИЗИРАНИ ЗЛОСТОРНИЦИ

Организираните злосторници се обично натпросечно интелегентни, со просечен коефициент на интелегенција до 123. Често ги планираат нивните злосторства прилично методично, така што ги грабнуваат жртвите, ги убиваат на едно место, а се ослободуваат од нив на друго место. Тие често ги намамуваат жртвите со тактики кои предизвикуваат чувство на сожалување кај нив. На пример, Тед Банди си ставал лажен гипс на раката и замолувал жени да му помогнат да однесе нешто до колата, каде што ги тепал со метална шипка (на пример со ќускија) додека не изгубат свест и ги носел на друго место. Други пак ги одбираат проститутките за нивна специфична цел, бидејќи тие доброволно би се согласиле да отидат некаде со непознат човек. Тие задржуваат висок степен на контрола врз местото на злосторството и обично имаат солидни познавања од форензика, кои им овозможуваат да ги прикријат нивните траги, како на пример со закопување на телото или пак потонување на телото во река, така што ја зголемуваат неговата тежина. Тие претпазливо ги следат нивните злосторства во медиумите и често се гордеат со нивните дела, како да е тоа некој голем проект. Организираниот убиец е обично приспособен на општеството и има пријатели и љубовници, а понекогаш дури и сопружник и деца. Тие се таков тип на луѓе што кога /ако би биле фатени, познаниците најчесто би ги опишале како фини луѓе, за коишто не е веројатно дека би повредиле некого.



Слика 8. Графички приказ на ниво на интелегенција

НЕОРГАНИЗИРАНИ ЗЛОСТОРНИЦИ

Неорганизираните злосторници често не се многу интелегентни, имаат потпросечен коефициент на интелегенција (помал од 90) и ги извршуваат злосторствата импулсивно. Додека организираниот убиец е конкретно сконцентриран на тоа да улови предодредена жртва, неорганизираниот убиец убива некого кога има можност за тоа и ретко се грижи за ослободување од телото, а наместо тоа тој го остава телото таму каде што ја нашол жртвата. Тие обично извршуваат блиц - напади, така што брзо излегуваат, ги напаѓаат нивните жртви без предупредување и откако ќе ја убијат жртвата, ги извршуваат сите ритуали кои се чувствуваат приморани да ги извршат (на пример некрофилија, распарчување, канибализам итн.). Тие ретко се грижат за покривање на нивните траги, но сепак можат да успеат да го избегнат нивното фаќање и подолг временски период поради анонимната природа на нивното злосторство. Често се затворени луѓе, неприспособени на општеството, со неколку пријатели и е можно да имаат минато на психички проблеми. Ричард Чејс[28] е пример за неорганизиран сериски убиец.

ЖЕНИ СЕРИСКИ УБИЈЦИ

Ретки се случаите на жени – сериски убијци. Тие најчесто убиваат мажи заради лична придбивка, често се емотивно блиски со нивните жртви и обично им е потребно да се во врска со личноста пред да ја убијат. „Една анализа на 86 жени – сериски убијци од САД покажа дека жртвите се најчесто сопружници, деца или постари луѓе [1]. Методите на убивање кои ги користат се дискретни и неупадливи, како убиство со труење. Тие ги извршуваат убиствата на специфични места, како на пример во нивните домови, во здравствени институции[29] или на различни места во истиот град или држава. Секоја жена – убиец си има свои склоности, потреби и стимулатори, додека посебните причини можат да се дознаат само лично од убиецот. Многу се ретки случаите кога жената е здружена со маж – сериски убиец како дел од тим за сериски убиства.“

[28] Бил американски сериски убиец кој убил шест лица во текот на еден месец во Сакраменто, Калифорнија. Тој го добил прекарот „Вампир на Сакраменто” затоа што ја испил крвта на своите жртви и ги канибализирал нивните остатоци.

[29] тогаш медиумите почнале да ги нарекуваат „ангели на помилувањето“

„Во еден преглед на објавена литература за жени – сериски убијци најчестиот мотив кој бил препознаен бил материјалната добивка.“ Се смета дека сексуалните или садистичките мотиви се исклучително ретки кај жените – сериски убијци и кај овие жени постојано биле забележувани психопатски карактеристики и историја на сексуално злоставување во детството. Едно истражување на 105 жени – сериски убијци покажа дека претпочитаната метода за убивање е труење.

Еден забележлив исклучок од типичните особини на жените – сериски убијци е Ајлин Вумос, која убивала надвор наместо дома, користела пиштол наместо отров, убивала непознати луѓе наместо пријатели или членови од семејство и убивала заради лично задоволство. Уште една нетипична жена – сериски убиец е медицинската сестра Џејн Топан, која за време на нејзиното судење за убиство признала дека смртта сексуално ја возбудувала. Таа им ставала мешавина од лекови на пациентите кои ги избрала за жртви, лежела во кревет со нив и ги држела блиску до нејзиното тело додека тие умирале.

Сличности помеѓу жени – сериски убијци:

- Најчесто убиваат мажи, сопружници, деца или постари луѓе;
- Најчест мотив - материјална добивка;
- Психопатски карактеристики и историја на сексуално злоставување во детството;
- Најчесто убиваат во нивните домови или во здравствени установи;
- Најчест користен метод за убивање е отров.

МОТИВИ

Во главно, мотивите на сериските убијци се делат во 4 категории: „визија“, „посветеност на мисијата“, „хедонизам“ и „моќ или контрола“. Сепак мотивите на било кој убиец би можеле да покажат дека може да има и преклопувања помеѓу категориите.

ВИЗИЈА

Сериските убијци со визионерски мотиви страдаат од психотично нарушување на реалноста и понекогаш веруваат дека се друга личност или дека се принудени да убијат од страна на друго битие, како ѓаволот или Бог. Двете најчести подгрупи се „управувани од Бог“ и „управувани од ѓаволот“.

Херберт Мулин[30] верувал дека загинатите Американци во Виетнамската војна спречиле да се случи земјотрес во Калифорнија. Како што војната стивнувала, Мулин тврдел дека со помош на телепатија татко му го упатил да го зголеми бројот на „човечки жртви за природата“, за да одложи катастрофален земјотрес, којшто би ја потопил цела Калифорнија во океанот.

Дејвид Берковиц[31] („Синот на Сем“) е пример за убиец – визионер управуван од ѓаволот. Тој тврдел дека ѓаволот му пренесувал наредби преку кучето на неговиот сосед, кои го упатувале да убива.

ПОСВЕТЕНОСТ НА МИСИЈАТА

Сериските убијце кои се посветени на некоја мисија обично ги оправдуваат нивните дела, така што тврдат дека го „спасуваат светот“ од одреден тип на личности, кои тие ги доживуваат како непожелни, на пример хомосексуалци, проститутки, луѓе од други етнички или верски групи итн. Но во секој случај, тие најчесто не се психотични. Некои се гледаат себе си како луѓе кои се обидуваат да ја сменат природата на човечкото општество или најчесто да го излечат општеството од некоја „болест“.

ХЕДОНИЗАМ

Сериските убијци со овој вид на мотиви бараат возбуда и нивното задоволство е да убиваат, при што ги гледаат луѓето како потрошлив материјал, кој им служи како средство за да ја постигнат оваа цел. Форензичките психолози препознаваат 3 подвидови на мотиви на сериските убијци со хедонистички мотиви: „страст“, „возбуда“ и „погодности“.

СТРАСТ

Сексот е примарниот мотив на убијците од страст, без разлика дали се жртвите мртви или живи, а фантазијата игра важна улога во овие убиства. Степенот на нивното сексуално задоволство зависи од степенот до кој тие ги измачуваат и сакатат нивните жртви. Тие обично користат оружја, кои бараат близок контакт со жртвата, како

[30] (роден на 18 април 1947 година) е американски сериски убиец кој убил тринаесет лица во Калифорнија во раните 1970-ти, тој бил осуден на доживотен затвор.

[31] роден 1 јуни 1953 година, познат и како Синот на Сем и убицето Калибар 44, е американски сериски обиец кој признал дека е виновен за осум одвоени напади со пукање што започнале во Њујорк Сити за време на летото 1976 година.

ножеви или раце. Со текот на времето, како што тие продолжуваат со нивните убиства, се намалува времето помеѓу убиствата или расте нивото на стимулација кое им е потребно, а понекогаш и двете.

ВОЗБУДА

Примарниот мотив на убиец за возбуда е да нанесе болка или да предизвика ужаснување кај неговата жртва, што го стимулира и задоволува. Тие бараат адреналинско искуство, коешто си го обезбедуваат со ловење и убивање. Убијците за возбуда убиваат само заради чинот на убивање. Обично не го одолговекуваат нападот и нема сексуален мотив во убиството. Најчесто жртвите се непознати луѓе, и покрај тоа што во некои случаи убиецот ја следи жртвата одреден период. Убијците за возбуда можат да се воздржат од убивање подолго време и како што ги усовршуваат нивните методи на убивање, така стануваат поуспешни во убивањето. Многумина се обидуваат да го направат совршениот злочин и веруваат дека нема да ги фатат.

ПОГОДНОСТ (ПРОФИТ)

Материјална добивка и удобен начин на живот се примарните мотиви на убијците заради погодности. Вообичаено е жртвите да се членови на семејството или блиски пријатели. По извршување убиство, убијците заради погодности најчесто чекаат одреден период пред повторно да извршат убиство, со цел да почекаат да избледат сомневањата од страна на семејството или властите. Често користат отров за да ги убијат нивните жртви, а најчесто е забележан арсенот. Жените - сериски убијци најчесто спаѓаат во групата на убијци заради погодности, но сепак не сите убијци заради погодности се жени.

МОЌ/КОНТРОЛА

Главната цел на убивањето им е да се здобијат и да ја истакнат нивната надмоќ врз жртвите. Некои од убијците од овој тип биле злоставувани како деца, што како возрасни им оставило чувство на немоќ и непотполност. Многумина од убијците заради моќ или контрола ги злоупотребуваат нивните жртви сексуално, но се разликуваат од хедонистичките убијци по тоа што мотивот за овие силувања не е страста, туку тоа е едноставно уште еден форма на доминирање над жртвата.

ТЕОРИИ

Постојат напреднати теории за тоа зошто одредени луѓе извршуваат сериски убиства. Некои теоретичари веруваат дека причините се биолошки, претпоставувајќи дека сериските убијци се раѓаат, а не се создаваат, и дека нивното насилно однесување е резулат на абнормална мозочна активност. „Синдромот на нарушен идентитет“[32] поставува претпоставка дека некоја случка или случки поврзани со социјализацијата за време на детството или адолесценцијата резултира со нарушување на личноста на серискиот убиец. Поимот „нарушување“ се дефинира како мала повреда на личноста, која често не е воочлива за надворешниот свет и само убиецот може да ја почувствува.

„Војничката теорија“ може да се воведе за тоа зошто сериските убијци убиваат. Ако се погледне подлабоко во минатата на некои сериски убијци, може да се види дека некои служеле во војска или пак вршеле некоја слична активност. Според Кесл и Хенсли, 7 % од испитаните сериски убијци имаат војничко искуство.

„Теоријата за социјален притисок“ е исто така предложена како објаснување за сериските убиства. „Теоријата за социјален притисок“ тврди дека криминалците настануваат поради притисок од страна на околината, семејството и пријателите. Недостатокот од семејство и идентитет може исто така да биде причина, која може да допринесе до оформување карактеристики на сериски убиец. Детето, кое било користено како „жртвено јагне“, подоцна ќе биде лишено од способноста да чувствува вина. Потиснатиот гнев може да резултира со мачење животни, коешто е препознаено во тројството на МакДоналд, како и подоцнежен недостаток од основен идентитет.

ЖРТВИ

Криминолозите уште одамна откриле дека во повеќето случаи постои врска помеѓу убијците и нивните избрани жртви. Демографски, сериските убијци имаат тенденција повеќе да целат на жени отколку на мажи и почесто убиваат непознати луѓе, отколку членови на семејството или познаници, за разлика од еднократните убијци, кои подеднакво убиваат мажи и жени, додека пак пријателите и роднините се почести жртви, отколку непознатите луѓе[15].


Убиствата на сериските убијци се често со сексуален мотив, но сепак има исклучоци. Сексуалните мотиви ја потврдуваат теоријата дека сериските убијци најчесто имаат

[32] (Fractured Identity Syndrome (FIS)).

специфични критериуми и специфични сексуални интереси, коишто претставуваат мотив за изборот на одредени жртви [21]. Хомосексуалните сериски убијци, како Џефри Дамер или Денис Нилсен, често убивале други хомосексуалци.

Во Соединетите Американски Држави сериските убијци претпочитаат да убиваат луѓе на возраст од 18 до 50. Мнозинството од жртвите се белци, што ги поддржува тврдењата на истражувачите дека сериските убиства се „интрарасни“ (во рамките на една раса, на пример почест е случајот сериски убиец – белец да има најмногу жртви - белци).

Жените - сериски убијци најчесто ги убиваат оние, со кои веќе се интимно запознаени, наспроти мажите, кои обично целат на непознати луѓе. „Историски, сопрузите и децата се првиот избор за жртви на жените – сериски убијци. Кога се споредуваат жените со мажи кои убиваат деца, жените имаат многу поголем процент на убиства на деца. Процентот на криминалци, кои убиле најмалку еден тип на жртва која е дете кај мажите е 21 %, додека кај жените 39 %.“



Слика 9. Графички приказ на број на жртви-деца

Социопатите вообичаено се помалку емоционално стабилни и високо импулсивни, односно нивното однесување е попроменливо во споредба со психопатите. Кога извршуваат некаков вид на злосторство (без разлика дали е насилно или не) тие делуваат импулсивно, немаат трпение и не планираат детално. Психопатите, од друга страна, ќе го испланираат своето злосторство да најмалиот детаљ и ќе преземат

пресметан ризик за никој да не ги забележи. Нив не ги понесува моментот и како резултат на тоа прават помалку грешки. Оние паметните дури и намерно може да остават некоја трага која води до нивно препознавање. Многу психолози сè уште дебатираат за тоа дали воопшто има разлика помеѓу психопатите и социопатите, но оние кои ги разликуваат се согласуваат за едно нешто – психијатрите го користат терминот психопатија за да илустрираат дека причината за анти-социјалното нарушување на личноста е наследна. Социопатијата го опишува однесувањето кое е резултат на повреди на мозокот, злоупотреба или занемарување во детството.

ДЕСЕТТЕ ДРЖАВИ СО НАЈМНОГУ СЕРИСКИ УБИЈЦИ

Интересот за сериските убијци е доста голем во очите на јавноста. Сериските убијци како што се познатиот Астрономски убиец, Убиецот од Зелена Река, Ангелот на смртта, или убиецот од Бостон го привлекле интересот на јавноста.

Сепак, раководејќи се според информациите од ФБИ, сериските убиства се делумно нечести појави кој заземаат само 1% од сите убиства на годишно ниво. Според доктор Михаел Амодт, професор по психологија на Универзитетот Радфорд, доаѓа до несогласување за дефинирање на поимот сериски убиец и правилното класифицирање на убијците во таа група. Се раководи со тезата дека доколку разговараш со 50 души кои вршат истражување со цел дефинирање на поимот сериски убиец ќе добиеш 50 различни одговори за дефинирање на тој поим.

Тој додава, сепак, дека за да се дефинира некое лице како сериски убиец тој мора да извршил најмалку две убиства во две различни околности, со разлика во временскиот период од неколку дена.

Раководејќи се според популарни записници, често поддржано и од страна на јавните медиуми, сериските убијци често не можат да се вклопат во одредена група на стереотипи. Кога се спомнува терминот сериски убиец, најчесто се помислува на социопатско зло кое е доста генијално извршено најчесто од страна на лице со машки пол и кое е со бела боја на кожа. Убијците, како фиктивните така и вистинските, како што се Ханибал Лектер кој е прикажан во филмот „Тишината на јагнињата” и серискиот убиец математичарот Тед Кацински, познат уште како и Унабомберот, сосема добро се вклопуваат во претходно оформениот профил.

Всушност, помалку од половина сериски убијци за коишто се спомнува уште од почетокот на 1900-тата година се и припадници на машкиот пол и со белци. Високото ниво на интелегенцијата е исто така карактеристика која е застапена кај сериските убијци. Базирано врз основа на паримерок од 252 сериски убијци, нивото на интелегенција (IQ) варира на скала од 54 па сѐ до 186. Во просек нивото на интелегенција на сериски убиец е 86.

Мотивите исто така делумно се совпаѓаат кај сериските убијци. И покрај тоа што голем дел го извршуваат убиството поради задоволство, скоро една третина е пизвршување на убиство поради стекнување на финансиска стабилност. Мотивот пак кај 7,8% од сериските убијци е поради нервоза.

И покрај рангирањето на различните мотиви од еден убиец и друг, сепак постои сличност помеѓу жртвите. Околу 858 луѓе кои се жртви на сериски убијци биле проститутки. Други 325 сериски убиства се поврзуваат со лица кои се служеле со автостоп. Овие лица се изложуваат самите себеси на опасност бидејќи тие се доведуваат во ситуација да бидат со непознати лица. Сепак најчести околности во кои сериските убијци ги одзимаат животите на своите жртви е инвазија на домот и извршување на самиот чин во домот на лицата. Грубо 1.500 лица биле убиени од страна на сериски убиец во своите домови почнувајќи уште од 1900-тата година.

За да можат да се идентификуваат 10-те држави со најзастапени сериски убиства, се извршува истрага од Дата базата на сериски убиства, во зависност од бројот на населеност во една држава [2]. Дата базата ги содржи сите податоци за жртвите на сериските убијци почнувајќи од 1900-тата година, па сѐ до 2014. Карактеристиките помеѓу жртвите се слични, односно вклучени карактеристики се: полот, годините, расата, исто како и карактеристиките на самите сериски убијци, вклучувајќи го мотивот, активниот временски период како и самите мотиви за извршување на убиството. За прилагодување кон историските нивоа на популација, го пресметав бројот на сериски убиства на еден милион жители за секоја декада од 1900-тата сѐ до 2010 година користејќи го бројот на жители на државата (или територијата) на крајот од секоја декада. За да ја пресметам стапката на сериски убиства во тој период, пресметав просек од стапката на секоја декада во сите држави, врз основа на популацијата. Популациите на државите по декада доаѓаат од долгорочниот (или

дечениски) Попис. Националните популации пред 1960 година не ги вклучуваат Алјаска и Хаваи. Сепак, и овие држави се вбројани во вкупниот износ на сериски убиства. Тоа го направив со цел да ја пресметам стапката на убиства пред 1960 година врз основа на жителите, а да бидат вклучени и Хаваи и Алјаска како официјално пријавени национални популации. Предвид ги земав и стапките на насилен криминал, добиени од Извештајот за Униформиран криминал на ФБИ од 2014.

- Оклахома (Најизразена декада на сериски убиства 1980 година)



Со почетокот на 20 век, во Оклахома се застапени 174 сериски убиства. Се документирани 48 сериски убиства во Оклахома во преиодот од 1980 година како најизразена декада на сериски убиства во споредба со другите декади.

- Јута (Најизразена декада на сериски убиства во периодот помеѓу 1970-1980 година)



Во Јута се извршени 18 сериски убиства во периодот од 1970 година и 31 број на сериски убиства во периодот од 1980 година. Артур Гери Бишоп познат како Роџер Даунс бил дете сериски убиец кој ги извршувал овие злодела во периодот помеѓу 1979

и 1983 година. Тој бил обвинет за убиство на пет деца со тоа што ги тепал до смрт и давејќи ги до смрт, подоцна тој бил погубен од смртоносна инјекција во 1988 година. Некои од другите убиства кои се забележани во околината на Јута, се извршени од страна на озлогласениот силувач и убиец Тед Банди, тој живеел во Јута во периодот од 1974 година сè додека не бил уапсен во 1975 година. Банди убил 36 жени во повеќе држави, иако се претпоставува дека бројот на убиства извршени од негова страна е многу поголем.

- Тексас (Најизразена декада на сериски убиства во периодот од 1990 година)



Околу 800 убиства во Тексас се поврзани со сериски убијци во периодот од 1900 година. Големиот број на сериски убијци во Тексас, е поради големата населеност. Одреден број на сериски убијци кои дејствуваат низ годините во Тексас биле погубени од страна на извршните власти на државата, бидејќи Тексас е една од 19 држави каде смртната казна е легална. Еден од скорешните сериски убијци на Тексас Томи Лин Шелс, бил убиен пред не помалку од две години. Рафаел Ресендез Рамирез, познат како Убиецот од железничката станица, убил најмалку 15 луѓе во Кентаки, Тексас пред да се предаде во 1999 година.

- Лузијана (Најизразена декада на сериски убиства во периодот од 2000 година)



Иако во другите држави најизразен број на сериски убиства се во периодот од 1980 години, во Лузијана најизразен период е периодот од 2000 до 2010 година. Дерик Тод Ли е озлогласен сериски убиец кој бил активен во раниот период на таа декада. Познат како убиецот од Бејтон Руж тој моментално ја чека пресудата за неговото погубување за неколкуте извршени сериски убиства во областа на Лузијана каде што убил и задавил најмалку 149 жртви. Многу од жртвите го запознале својот убиец во кафетерија.

- Орегон (Најизразена декада на сериски убиства 1980)



Дејтон Лерој Роџерс, познат како убиецот од шумите Молала, моментално се суди за смртна казна за убиствата на седум жени од Орегон во доцните 1980-ти. По распоредот на бројот на населеност, Орегон се наоѓа на шестото место со актуелни сериски убиства во оваа држава. Во другите држави, сериските убијци најмногу го користат методот на убивање со огненено оружје. Сепак во Орегон сериските убијци го користат методот на давење до смрт. Започнувајќи од 1900-тата, сериските убијци задавиле до смрт 52 жители на Орегон.

- Вашингтон (Најизразена декада на сериски убиства 1980)



И покрај доста актуелното верување, сериските убијци не секогаш се социопати со неизлечива ментална болест. Всушност, многу од криминалот кој е документиран бил извршен од страна на индивидуалци кои навидум имале нормален живот. Роберт Јатес, на пример, чија мета му биле проститутки, бил припадник на Американската национална одбранбена сила, татко на пет деца и активен член на заедницата. Тој бил обвинет за извршување на најмалку 13 убиства во околината на Вашингтон во периодот од 1990-тите. Гери Риџвеј, кој бил познат уште како и убиецот од Зелена Река, работил како фарбач на камиони, одел на црква и имал сосема нормален живот. Со време тој го признал извршувањето на 48 убиства, од кои најголемиот број се жени, во период од 20 години во околината на Сиетл.

- Калифорнија (Најизразена декада на сериски убиства 1980)



Нивото на сериски убиства во Соединетите Американски Држави било зголемено во периодот од 1980-тите години. Од целокупниот број на 2.670 сериски убиства извршени во периодот, една петина зазема место во Калифорнија. Како и да е најкритичниот период на сериски убиства зазема место во 1960-тите години, кога еден од најпознатите сериски убијци во нацијата бил активен во Калифорнија. Според пишаното и кажаното од полицијата и јавните медиуми, неидентификуваниот астролошки убиец кој според тврдењето убил 37 луѓе останува непознат и до ден денес. Сериските убијци ги одзимаат животите на нивните жртви на различни начини и со различни методи, започнувајќи со труење, па сѐ до свирепи убиства. Во Калифорнија, пукањето со огнени оружја и задавувањето до смрт се двата најпознати методи на сериските убијци. Почнувајќи од 1900-тата, 552 жители на Калифорнија се убиени со пукање со огнено оружје од страна на сериските убијци, а 334 жители на Калифорнија се задавени до смрт од рацете на сериските убијци.

- Флорида (Најизразена декада на сериски убиства 1980 година)



Флорида се наоѓа на третото место со највисок број на сериски убиства, каде биле документирани 778 убиства извршени од страна на сериски убијци започнувајќи со одбројување од 1900-тата година. 1980-тата година е годината кога сериските убијци биле најактивни. Флорида документирала 247 убиства извршени од страната на сериските убијци во периодот од 10 години. Флорида не се смета за една од најсигурните држави, бидејќи покрај застапеноста на сериските убиства, голем е бројот и на самоубиства и насилство, во споредба со останатите држави таа е меѓу првите држави каде криминалот е доста застапен.

- Невада (Најизразена декада на сериски убиства 1980)




Повеќе од првата половина на 20-тиот век, само на две жртви им бил одземан животот од страна на сериски убијци во Невада. Почнувајќи со една жртва во 1950-тата година и продолжувајќи со 33 жртви во 1980-тите, вкупниот број на жртви на сериски убијци е 80 во втората деценија. Бројот на жртви се зголемил тогаш кога Лас Вегас станал најпознатиот град на коцкањето. За време на 30 години во периодот помеѓу 1970-тите и 2000-тата година, 8 од жртвите на сериски убијци биле проститутки. Бројот на сериски убиства во Невада е навистина голем, исто како и насилството кое е доста застапено.

- Алјаска (Најизразена декада на сериски убиства 1980 година)



Ниедна друга држава нема толку голем број на сериски убиства како што има во државата Алјаска. Како што е докажано и во останатите држави, па така и во Алјаска најкритичен период во кој се извршени серискиите убиства е периодото од 1980-тите години. Роберт Хансен, кој можеби се смета и за најсуровиот сериски убиец во


историјата на државата, бил осуден на 461 година затвор во 1984-тата година откако го признал суровото убиство на 17 жени. Повеќе од половина од 50 сериски убиства кои биле извршени во околината на Алјаска се одвивале во периодот помеѓу 1980-тите години и 1990-тите години. Не само што бројот на сериски убиства е највисок и најзастапен во Алјаска, исто така е застапено и насилството во голема процентуалност.



Слика 10. Графички приказ на број на сериски убиства на ниво на држави

Причината за големиот број на сериски убиства со Северна Америка во периодот на 1980-тите години

Питер Вронски почнал да се интересира за сериските убијци кога на 23 години налетал на еден во лифт. Тоа се случило во 1979 година кога канадскиот историчар бил во Њујорк на службено патување. Тој со нетрпение го чекал лифтот кој бил задржан на четвртиот кат од запуштениот хотел и бесно го погледнал човекот кој го удрил по рамото додека излегувал од лифтот кој конечно стасал до лобито.




Слика 11. Питер Вронски, наидување на чудовиште

„Тоа е коктел од нешта, никогаш не е едно нешто“ - (Vronsky, 2014)

Прво, тој период се совпаѓа со генерално интензивирање на насилниот криминал во САД и Канада. Општеството во тоа време минувало низ големи промени - луѓето се селеле повеќе и имало помала веројатност да ги познаваат соседствата. Автостопирањето било почесто, а со тоа на убијците им било полесно да најдат ранливи жртви. Исто така, детектирањето на криминалот губело чекор. Полицијата немала опсежни компјутеризирани бази на податоци кои би можеле да им помогнат да ги поврзат сличните убиства. ДНК не се користела за форензички цели дури до средината на 1980-ите, па тоа било уште еден отежнувачки фактор за детективите. Канадскиот криминолог Мајкл Арнтфилд вели дека полицијата во тоа време била во ситуација која била надвор од нивните способности кога станувало збор за борбата со сè поголемиот број на сериски убиства и истражувањата околу ваквите видови на убиства биле во зародиш. Терминот „сериски убиец“ бил составен дури на почетокот на 1980-тите. Други фактори за кои се вели дека придонеле за ваквата ситуација се медиумите и фасцинирањето на јавноста од сериските убиства, со што се

создавало ефект на снежна топка (процес кој започнува од нешто со мала значајност, а потоа се зголемува); развојот на системот на меѓудржавните автопатишта, кој на некои убијци им давал можност да лутаат и убиваат; а придонела и изложеноста на олово од горивата, за која има докази дека предизвикува проблеми во однесувањето и зголемување на нивото на криминал.



Слика 12. Потрага на сериски убијци во периодот од 1976 до 1986 година/ Калифорнија

Вронски има и друга хипотеза. Тој верува дека подемот на бројот на сериски убијци во Северна Америка во доцниот 20 век може да влече корени од пустошењата во текот на Втората светска војна и децата на мажите кои се враќале од бојните полиња во Европа и Пацификот. Вронски сфатил дека многумина од сериските убијци биле деца во текот на Втората светска војна и годините по неа. Тоа е време кога психолошкото влијание на глобалниот конфликт и неговата бруталност не се дискутирало. Според Вронски, многу од убијците од тој период не зборувале за нивните татковци, но оние кои зборувале, велеле дека тие од војната се враќале во истрауматизирана состојба. Секако многу луѓе кои се враќале од војна станале одлични родители, децата на истрауматизираните луѓе пораснале во здрави возрасни лица, како и многу деца од растурени семејства.

Криминологијата, како самостојна научна дисциплина, се јавува, развива и обликува во научно сознание на оној степен од развојот на општеството и науката, кој овозможува научниот интерес да се насочи кон причините (етиологијата) што ја детерминираат појавноста на криминалитетот и облиците низ кои се манифестира. Поимот криминологија потекнува од латинскиот збор krimen што значи криминалитет, злосторство, казнено дело и logos, а тоа значи ум, разум, моќ за мислење и расудување, а најлесто и синоним за наука [33].

Поимот **деликвенција**[33]**,** опфаќа облици на асоцијално, антисоцијално, социо-патолошко и криминално однесување. Одредени теоретичари нагласуваат дека деликвенцијата не е медицинска дијагноза туку е социјална болест, затоа што се смета дека деликвентите се личности кои не живеат во согласност со моралните и законските норми на општеството и од овие причини тие се повремено или трајно во конфликт со законите. Но од причини што деликвенцијата секогаш како поим е врзана за полнолетните сторители, ревидираното казнено законодавство го прифаќа новиот поим, односно поимот на детско престапништво. На овој начин се укажува дека детето ја престапило законската норма, дошло во судир со општествено прифатливо однесување со што всушност се укажува на поблагиот степен на повреда на правните норми [22].

Пенологијата е наука за казнување на кривичните дела што ги изучува целите, дејствата и видовите на казните, казнените установи и начинот на управување со нив[18]. Под овој поим се подразбираат сите казни, воспитни мерки, мерки на безбедност и алтернативните мерки. Со оглед на поставените цели на примената и извршувањето на кривичните санкции, пенологијата ги изучува кривичните санкции во нивната комплексност од два аспекта: прво индивидуализацијата на кривичната санкција во нејзиниот избор и извршување како претпоставка за остварување на позитивно влијание и второ, од гледиште на создадените услови за нивно извршување [19]. **Методологијата** како поим потекнува од грчките зборови methos - пат, начин и logos-ум. Претставува наука за начините на доаѓање до нови научни сознанија. Едноставно кажано е наука за науката или поинаку, наука за пристапите и патиштатаза неисцрпно континуирано стекнување на нови научни сознанија. Целта на методологијата е да се разбере суштината на научното сознание и да се утврдат основните принципи за неговото стекнување и критичко испитување. Методологијата насочува со кои средства треба да се служи истражувачот за да дојде до објективни и повистинити сознанија на сите науки, односно за светот воопшто. **Наука** или структура на научни сознанија. Претставува систем на знаења за објективно утврдена стварност која му служи на човекот да го унапреди својот живот и да ја продолжи континуирано да ја проучува стварноста [50].

[33] Свесно и сакано поведение, коешто е спротивно на општествените правила.
Свесно и сакано поведение, коешто е спротивно на општествените правила.

ГЛАВА II: МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1 Кривично дело извршено од страна на сериски убиец со белези на психопатија

Обвинетото лице А.А е психички нестабилна личност. Тој е на животна возраст од 42 години - значи со големо животно искуство и наполно зрела личност. Лицето А.А е успешен очен доктор, кој се занимава со потешки случаи и операциони зафати и благодарјеќи на своето знаење и својата работа, често посетува болници низ целата област на Соединетите Американски Држави. Лицето А.А во периодот од 2012 до 2016 година го привлекува вниманието на инспекторите кои водат истрага за тогашните последователни убиства кои не биле тајна за јавноста. Причината поради коишто тие го земаат лицето А.А предвид е поради случајноста да лицата кои се убиени се негови пациенти, и имаат специфична физичка состојба, односно болест наречена хетерохромија, односно различна пигментација на ирис око, односно недостатокот или вишокот на меланин предизвикува различна боја на очите [46]. Но тој е успешен доктор чија цел му е да помогне на лицата со истата болест како него, па затоа доаѓа до судир на можностите за и тој да биде одговорен за повеќекратните убиства.



Слика 13. Пример за лице со хетерохромија

❖ Сличноста помеѓу жртвите

Причината поради којашто се претпоставува дека 8 жени биле убиени од страна на едно исто лице е поради сличностите и карактеристичниот начин на нивното убиство. Исто така безживотните тела на убиените жени се пронајдени фрлени во вода на различни територии на Соединетите Американски Држави, како и недостаток на дел од нивните тела, односно изваденитe очи по самото убиство. Самиот факт дека телата биле фрлени во вода ја отежнува истрагата од страна на извршните органи, односно од страна на припадниците на крим техничкиот тим.

❖ Судскиот медицинар (форензички патолог)

Истражува ненадејни и неочекувани смртни случаи на лица кои се навидум во добра здравствена состојба, како и смртни случаи кои се сметаат за насилни. Од судскиот медицинар, исто така се бара да го утврди начинот на смртта. Начинот на смртта се дефинира како состојба во која настанала причината за смртта. Постојат стотици или илјадници можни причини за смрт, но само четири начини на настапување на смрт а тоа се природен, несреќен случај, убиство и самоубиство.

❖ Време на настанување на смртта

Откако едно лице ќе почине се разгледуваат одреден број промени, кои можат да се искористат за целите на утврдување на времето на настапувањето на смртта: rigor mortis, livor mortis и algor mortis. Rigor mortis претставува вкочанување на мускулите, кое настанува по настапување на смртта. Тоа е хемиска реакција кога гликогенот, кој обично се наоѓа во мускулите се искористува по смртта при што повторно не се формира во телото ова уште се нарекува и мртовечка вкочанетост и се забележува околу три часа по смртта.




Слика 14. Rigor mortis (вкочанување на мускулите кое настанува по настапување на смртта)

Livor mortis е промена на бојата на телото која нстанува поради наталожување на црвените крвни зрнца по запирањето на циркулацијата на крвта. Тоа е видливо само неколку минути по смртта, доколку стапката на седиментација на крвните зрнца е зголемена поради одредена инфекција или друг вид заболување.



Слика 15. Livor mortis (промена на бојата на телото)

Algor mortis е ладење на телото, кое настапува по смртта под претпоставка дека амбиенталната температура е пониска од телесната. Нормалната температура е 37 целзиусови степени, тоа значи дека доколку телото е мртво 4 часа, температурата би била 37 Целзиусови степени.



Слика 16. Algor mortis (ладење на телото)

Според увидите кои биле извршени од страна на стручните лица се започнува со правење на профил на криминалната личност. Откако ќе се направи проценатa на местото на настанот резултатите се: одредување на физички, демографски карактеристики и карактеристики на однесувањето на непознатиот престапник; развивање на однесување на престапникот по престапот и стратегии за неговото фаќање; развивање стратегии за испрашување штом престапникот ќе биде фатен и одредување на местото каде што има докази.

❖ Потпис на убиецот

Што понекогаш се нарекува и психолошки знак на претпазливост, се остава на секое место на злосторството во неколку убиства што во овој случај е карактеристично вадењето на очите на жртвите кое се претпоставува дека е и симбол за моќ кое е специфично за машките убијци.

Серискиот убиец во овој случај се смета за личност со натпросечна интелегенција бидејќи тој лично пријавува дека го извршил убиството точно во 20:37 часот, точно една недела откако жртвата е пријавена за исчезната од страна на нејзината фамилија, но притоа секој чекор е добро испланиран и внимателен за да не остави некој траг. И покрај тоа што телата се пронајдени во водата и пронаоѓањето на докази е многу тешко, може да се забележи дека лицата пред да бидат убиени биле малтретирани. Кај лицата се забележани повреди со остар предмет кои спаѓаат во механички повреди. Убодната рана настанува од остар предмет, што има најголема димензија во длабочина, спротивно на површинските димензии. Сите убодни рани кај сите жртви се нанесени со еден ист нож каде убодната рана зазема 1 инч на површината и е длабока 4 инчи. Прво се забележани неколку исечници на телото кои не предизвикале поголема штета, а потоа убиството е извршено со истото оружје каде што намерно е предизвикано значително оштетување на голема артерија и се оставени да искрварат до смрт.



Слика 17. Убодни рани од нож

Според конструкцијата на настанот се претпоставува дека жртвите не биле пуштени директно во водата туку безживотните тела биле пуштени по надолнина каде што при падот на телото кон водата е пронајдено влакно од жртвата кое останало на гранка од дрво. Така се пронаоѓа точното место каде што убиецот се разделува со безживотните тела. Бидејќи почвата каде што стоел убиецот е мека се пронаоѓаат траги од гуми како доказен материјал и форензички докази од обувки.

На тоа место се пронајдени тридемнзионални траги, откако обувката трајно ја деформирала површината. При лоцирањето, документирањето и земањето на трагите од обувките од местото на настанот, клучно е да се применуваат сооедветни техники и материјали. Бројот на големината на обувките е ист, но индивидуалните карактеристики на обувките се различни. Поради оваа причина, промените во или отсуството на случајни индивидуални карактеристики на една обувка вообичаено не се користат за елиминирање на обувките. Сепак стапките водат до друга трага, односно до пронаоѓање на траги од гуми.



Слика 18. Тродимензионални траги од обувката


Широчината на трагите од тркалата, димензиите на растојанието меѓу оските, дијаметарот на завртувањето и релативната положба на повеќекратните траги од вртење со едно име се нарекуваат докази од траги од гуми. Честопати шарите од пневматиците се фотографираат, се гипсираат и се мерат на самото место на настанот, а потоа се открива дека никој нема документирано од каде тие доаѓаат. Сепак стручниот тим успева да открие во која насока се движело возилото и тој пат води до напуштена куќа каде што се претпоставува дека се извршени убиствата. Исто така пред куќата се наоѓа и самото возило со кое биле пренесувани телата. Испитувањето на

шари од гуми се состои од споредување на отпечатоците земени од местото на настанот со отпечатоците семени од познатото возило.




Слика 19. и 20. Траги од гуми

На возилото е извршен увид, но никакви траги не се пронајдени од страна на стручните лица. На самата врата на влезот од куќата не се пронајдени никакви знаци на насилно влегување, но во внатрешноста на куќата се забележани траги од крв и дрвен стол каде што се претпоставува дека жртвите биле измачувани, како и јаже со коешто се претпоставува дека биле врзувани. По увидот на трагите од крв се започнува со истражување. Изложената човечка крв е како и другите течности. Ќе реагира на предвидлив начин кога ќе биде изложена на надворешни сили. Крвта, една капка или големо количество, ја држат целосна кохезивни молекуларни сили што создаваат притисок, како на внатрешната површина од секоја капка, така и на надворешната. На местото на злосторството се пронаједни траги од крв во вид на прсканици. Распрсканата крв се дефинира како случаен распоред на крвни дамки, кои варираат по големина и кои можат да бидат добиени од различни механизми. До прсканици доаѓа кога соодветната сила го совладува површинскиот притисок на крвта. Големината на силата што дејствува на изворот на крвта и големината на добиеното распрскување варираат во зависност од настанот како што се истрели, тепање или напад со нож. Сепак по земањето на брисовите и на доказите од крв, се утврдува дека тоа е крвта на жртвите, но не и на сторителот на делата.



Слика 21. Артериски траги

И покрај тоа што се пронајдени телата на жртвите, местото каде што нивните тела пловат безживотно во водата и местото каде што е сторен самиот чин, сепак секоја трага е намерно оставенна од убиецот доволно јака да ги одведе на прав пат стручните лица, но не и да го откријат идентитетот на сторителот, ниту пак мотивот. Сепак при извршената аутопсија на последната жртва, се наоѓа единствениот доказ кој е доволно добар за да се открие идентитетот на серискиот убиец. Се претпоставува дека пред да бидат убиени жртвите, убиецот прво ги малтретирал додека тие биле врзани и беспомошни, а потоа ги пуштал на слобода откако биле слаби и изнемоштени и им давал прилика да избегаат, бидејќи се пронајдени крвави отпечатоци на sидовите на кои се потпирале жртвите на патот кон вратата за излезот од куќата , каде што и пред да излезат биле убивани. Сепак последната жртва пред да се обиде да избега од куќата, се смета дека имала физички контакт со лицето поради коишто се најдени и остатоци од горниот епител на кожата на убиецот, под ноктите на жртвата. Со помош на истражувањата извршени од страна на стручните лица и ДНК анализите, доказот се совпаѓа со идентитетот на осомниченото лице, односно со очниот доктор Андре Андерсон.



Слика 22. Епидермис

Откако е потврден идентитетот, лицето е приведено и се започнува со истражување на неговото минато, со негово испрашување и со испрашување на неговите познаници за да може да се дознае мотивот поради кој ги убил овие лица, со цел да се даде целосно разјаснување за настанот. Според Кривичниот законик на Флорида, и по признавањето на извршување на кривичните дела, лицето А.А било осудено на доживотен затвор.

2.1(1) Опис на ликот од аспект на кривичното постапување спрема деца во ризик и судир со законот

Според истражувањето за минатото на лицето А.А. се утврдило дека тој имал тешко детство, поради недоволно внимание од родителите кои биле успешни и угледни луѓе, и поради потешкотиите за да се вклопи во околината и неприфатеноста од неговите врсници. Причината за неговото неприфаќање била неговиот физички изглед, односно состојбата на хетерохромија, поради што се двоел од другите луѓе. Сето тоа предизвикало чувство на отфрленост, поради што тој си создал негов замислен свет во кои важат негови правила и секое негово однесување е оправдано.

Мултифакторски се причините што го предизвикуваат детското престапништво[34]. Корените може да се најдат во општествените промени и тешкотиите младата личност да ги спознае вистинските животни вредности и да оствари правилна идентификација која ќе му помогне во себеразбирање, зголемена самодоверба, поголем степен на толеранција, прифаќање на различностите, социјални вештини и интерперсонални својства, сликата за себе и градењето став кон оправданоста на општествено прифатливите норми [23].

Семејствата се примарна нишка, примарната микро социјална средина во која детето се раѓа и развива и треба да овозможи правилен раст, развој, воспитание, образование и социјализација на детето. Но во претходно обработениот случај се укажува на фактот дека лицето А.А. имало недостиг на воспитна функција од страна на неговите родители, поради угледноста на нивната фамилија и поради неговиот физички изглед тој бил дискриминиран од страна на неговите родители, и поради тоа дошло до неправилен развој на детето при што тој има отсуство на емпатија и морал. Поради неговото запоставување тој израснал со погрешни погледи кон функционалноста на светот. При тоа тој се карактеризира со дисфункционално семејство, а дисфункционално семејство е она кое не е во состојба да ги исполни обврските за правилен развиток, помош, грижа и заштита на децата.

По семејството, следна социјална средина во која детето продолжува со развојот е училиштето. Во училиштето децата за прв пат сознаваат нешта за кои немале

[34] Детското престапништво, покрај кршењето на кривичните и другите правни норми, го опфаќа и она однесување на децата кое социокултурната средина го смета за непожелно.

информации во семејството, за прв пат може да се споредат со другите деца и притоа да доживеат задоволство или фрустрација, да се образуваат но и воспитуваат, стекнуваат ментални и физички способности, учат за социјалните вредности, стекнуваат вештини за остварување социјални контакти, за разбирање на различностите, за толеранција, недискриминација и инклузивност. Но во зависност од вклопеноста на детето, прифатеноста од соучениците и постигнатиот успех, училиштето може да придонесе за појава на криминално однесување [12]. Единствено поразлично во овој случај е тоа што сторителот на делото секогаш бил со високи оцени и се приметувало висок степен на интелегенција. Но кога станувало збор за вклопувањето со останатите врсници, тој секогаш бил личноста која не комуницирала и не воспоставувала пријателски однос.

Првиот знак на негово девијантно однесување било убиството на мачка која исто така имала различни очи, односно состојба на хетерохромија, кога имал полни 16 години, но таквиот чин бил занемарен од неговите родители.

2.1 (2) Опис на ликот од аспект на науката за криминологија

Казненото право е посебна правна област чии норми определуваат кои човекови поведенија ќе се сметаат за казнени дела, како и каква ќе биде правната реакција на општеството спрема сторителите на овие дела. Така тоа претставува правна област која опфаќа повеќе научни гранки кои се составен дел и кои овозможуваат изучување на казнените дела во едно општество. Секое човечко дејствие кое според закон се казнува, е претходно добро проучувано, односно се проучувани причините за појавата на таквото дејствие, како да се искорени и каква би била казната, доколку се стори тоа дејствие. Секое дело е специфично и има свои потешкотии само по себе, но сериското убиство се смета за едно од потешките дела, како за проучување за неговото настанување, така и за пронаоѓање на сторителот [34]. Причината поради која ја одбрав оваа тема за изработка на дипломската работа е завидливо високиот коефициент на интелегенција на организираните серијски убијци и начинот на кој тие го злоупотребуваат тоа. Од друга страна е недостатокот на емпатијата кај ваквите личности и нивната убеденост дека тие прават добри дела со тоа што лишуваат други лица од живот. Така, во една личност ја пронаоѓаме сеопфатноста на казнено-правните

предмети кои се занимаваат со изучување на таквите појави, односно се проучува ликот од повеќе научни аспекти, почнувајќи од раното детство, па сè до самиот крај и се бараат причините за таквиот мотив [35].

Поради тоа што криминалитетот има големо и штетно влијание врз човекот како битие во смисла на повреда на неговите права, но и врз оштеството и неговата дестабилизација постојат многу науки кои се обидуваат да го дефинираат поимот криминалитет, неговата појава и начинот на неговото спречување, но секоја веќе постоечка наука се обидува да го дефинира криминалитетот од различна гледна точка. Токму поради ова доаѓа до забуна и до неможност за конкретна дефиниција на самата таа појава. Оттука се јавува и потреба за создавање на една нова наука која ќе ги опфане сите аспекти и ќе може да ја дефинира самата појава наречена криминалитет. Науката која го изучува криминалитетот како општествена појава се нарекува криминологија. Нормално самото општество е подложено на промени благодарејќи на развитокот на технологијата и други фактори кои влијаат врз развитокот на општеството, но и на самиот криминал кој напоредно се развива. Криминологијата како наука е од големо значење бидејќи таа го следи тој напредок на криминалитетот, односно навлегува во с`ржта на криминалитетот и бара опционални решенија за негово намалување и по можност искоренување од општеството.

И покрај тоа што криминалитетот е доста застапен во секое општество, бројот на сериски убиства не е многу голем, па затоа ваквите случаи се третираат различно. Сепак криминологијата го опфаќа и тој дел каде што се изучуваат причините за појавата на ваквото девијантно однесување и обидите за искоренување на ваквиот криминал. Се смета за дел од криминологијата што ги изучува и утврдува фактите врзани за манифестациите на кривичното дело во неговото настанување и неговото изразување во општествените односи и стварност [30]. Феноменологијата ги изучува надворешните манифестации на криминалитетот како реална појава. Феноменологијата на криминалитетот претставува подрачје на криминологијата како наука што се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и деликвенцијата во општествената реалност со обемот, динамиката и структурата и структуралните промени, со распостранетоста на криминалитетот и деликвенцијата и нивните карактеристики што се израз на времето и просторот, со квалитативните и квантитативните карактеристики што произлегуваат од неговиот

карактер на индивидуална и општествена појава, со штетните последици и жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат сознавања за објаснување на нивната етиологија [37].

2.1(3) Употребената методика за изучување на случајот

Постојат различни нивоа на научни сознанија: податоци, факти, закони, теории и целовити научни системи [50].

Предмет и податоци во истражување на општествени појави

Предмет	**Појавна страна на предметот: индикатори**
Став	Искази (пишани или усни), постапки, податоци за својствата на природното и општественото окружување
Чувства	Искази, гестови, мимики, движења
Однесување	Постапки на поединец и групата, искази
Информираност	Искази од кои се гледа количината на точни информации за нештата, постапки кои се показатели за имање или немање информации за нешто
Медии (публика)	Искази, однесување (гледање тв, читање списанија, радио, интернет)
Медии (содржина)	Пишани содржини (текст), сликовни содржини (фотографии, слики, плакати, цртежи), аудио-визуелни содржини-

	филмски записи
Институции, организации, заедници	Документи (пишани, звучни, аудио-визуелни записи), искази, постапки на поединец и група
Норми	Документи (пишани, звучни, аудио визуелни записи), искази, постапки на поединец и група
Настани	Постапки на поединец и група, искази, гестови, мимики, движења, разни видови сртефакти-религиозни симболи, предмети, орудија, уметнички дела
Јас како предмет на истражување: личност, себеистражување	Лично искуство: сетилни впечатоци (слики, осети), претстави, поими ставови, чувства, соништа

Табела 1. Употреба на методика за изучување на случајот

Предмет на проучување според методологијата на изучување на случајот е свирепото убиство кое е извршено од страна на лицето А.А. Поради влијанието на околината каде лицето не било прифатено за таков каков што е, довело до психичко пореметување кај самото тоа лице и формирање на комфортна зона, односно формирање на сопствен свет каде што неговото однесување е сосема оправдано. Со самиот факт дека тој се повлекол самиот во себе и со првото измачување и убивање на животното укажува на девијантно однесување кај личноста. Овде лицето постапува самостојно не во група бидејќи тој смета дека им прави услуга на лицата кои ја имаат истата болест како него со тоа што ќе им ги скрати маките, доколку им го одземе животот, за и тие или пак нивните потомци да не поминуваат низ тоа што поминал тој. Врз основа на тоа што тој спаѓа во групата на организирани серијски убијци, укажува на фактот дека тој претходно бил доста информиран за тоа како да внимава на деталите, да не остава траги, кога, каде и колку време да ја набљудува жртвата пред да ја нападне, за да ја оствари посакуваната цел. Што значи дека информациите за да му успее планот му биле достапни и претходно собирани. Медиумите во овој случај имаат штетно влијание бидејќи создаваат слика за тоа како треба да изгледа една нормална личност, односно воспоставува еден систем во кој треба да се вклопуваме. Исто така медиите влијаат и

врз појавата на идеите за измачувањето на личноста врз основа на филмовите од различни криминални содржини. За ваквото однесување нормално постојат институции кои се грижат да спречат да дојде до тоа личноста да се развива погрешно, доколку тоа се примети на време, и институции кои ги преземаат соодветните мерки, доколку дојде до извршувањ ена кривично дело. Нормите се пишани закони кои треба да се почитуваат и доколку не се почитуваат следуваат соодветни рестриктивни мерки и казни.

2.2 Кривично дело извршено од страна на сериски убиец со белези на социопатија

Обвинетото лице Б.Б. е дијагностицирано со антисоцијално нарушување на личноста. Тоа е на животна возраст од 25 години - значи наполно зрела личност. Лицето Б.Б. е припадник на армијата, односно војник кој служи на Соединетите Американски Држави. Причината поради која ова лице го привлекува вниманието на инспекторите кои се задолжени за истражување на повеќекратни убиства во 2019 година, е поради специфичниот начин на изввршувањето на убиствата.

❖ Сличноста помеѓу жртвите

Причината поради којашто се претпоставува дека 4 мажи биле убиени од страна на едно исто лице е поради сличностите и карактеристичниот начин на нивното убиство. Жртвите биле мажи на возраст помеѓу 20-25 години, на висина помеѓу 180-200 сантиметри, крупно градени и со црна коса од муслиманска вероисоповед. Исто така сите жртви се убиени со исто оружје, со по неколку истрели во пределот на градите.

❖ Типови на модерни огнени оружја

Пред сè потребно е да се напоменат механизмите на автоматските и полуавтоматските оружја. Автоматските и полуавтоматските оружја можат да работат на еден од трите можни начини: со слободен затворач, со заклучување на затворачот или со гасен клип (т.е. принцип на заем на гасови). Кај оружјата со слободен затворач активираната т.е. испуканата чаура го турка затворачот наназад спроти повратната пружина, при движењето наназад, затворачот ја извлекува активираната чаура, која потоа излетува од оружјето. Компресираната пружина потоа го притиска затворачот нанапред, го извлекува куршумот од шаржерот и го внесува во комората. Повеќето рачни огнени оружја работат на принципот на слободен затворач. Кај оперативниот систем со

заклучување на затворачот, цевката од оружјето и неговиот затворач заедно се заклучуваат за многу кратко растојание, потоа затворачот се ослободува од цевката и продолжува да се повлекува наназад кон пружината. Компресираната пружина го враќа затворачот во почетна положба, и на тој начин во првата комора се уфрлува нов куршум. Кај оружјата што работат на принципот на гасен клип, мало количество на двигателните гасови поминуваат низ мал отвор во цевката и оди во гасниот клип. Експандирачкиот гас го притиска клипот наназад, клипот и затворачот се поврзани со клин, така што и затворачот се придвижува наназад.

Типови на оружја што моментално се користат:

1. Рачни оружја - Постојат оружја што се дизајнирани да се држат и да се употребуваат со една рака (иако за прецизно да се пука е потребно оружјето да се држи со двете раце);
- Револвери;
- Полуавтоматски пиштоли.
2. Пушки - Постојат пушки што се дизајнирани да се држат со две раце при пукањето, стабилизирани на рамото. Различните типови пушки што во моментов се произведуваат се:
    - Пушки што се репетираат со систем на лостење и лизгање (Lever and Slide action);
    - Пушки што се репетираат со систем на затворач;
    - Едностреlни пушки;
    - Полуавтоматски пушки.
3. Други пушки - Двоцевните пушки, или комбинираните пушки, претставуваат спортски пушки со две нажлебени цевки или со една нажлебена и една ненажлебена цевка од сачмарка. Цевките можат да се постават над, под или една до друга. ,,Breaktop'' репетирањата (репетирањата на прекршување) се највообичаени.
4. Сачмарки - Постојат огнени оружја со ненажлебена цевка што се дизајнирани пушки што се држат со две раце и се стабилизираат на рамото при пукање. Различните видови на сачмарки што се достапни во моментот се:
    - Репетирање со систем на лостење и на лизгање;
    - Двоцевни сачмарки;

- Репетирање со затворач и едностреlни сачмарки;
- Полуавтоматски сачмарки.

5. Автоматски оружја - овие оружја испукуваат сè додека чкрапалото е притиснато и сè додека оружјето има муниција. Во моментов се достапни голем број различни автоматски оружја:
    - Тешки митралези (тешки оружја),
    - Лесни митралези,
    - Автомати,
    - Автоматски пушки.

Автомат калашников - АК47

- ✓ Видови на муниција - 7,62 x 39 мм,
- ✓ Капацитет - 30 амуниција,
- ✓ Име - 7.62,
- ✓ Калибар/ должина - 7,62 x 39 мм,
- ✓ Ефективен опсег (м) - 300,
- ✓ Брзина на муцката (м/с) 710,
- ✓ Тежина (кг) - натоварен 4.876,
- ✓ Должина (мм) 870,
- ✓ Циклична стапка на пожар (РД/ мин)- 600,
- ✓ Работен гас,
- ✓ Пожарен режим - полуавтоматски, полн автоматски [40].



Слика 23. Автомат калашников-АК47

❖ Собирање докази во врска со огнени оружја

Понекогаш е тешко да се соберат истреланите проектили од местото на настанот. Тие може да се навлезени во ѕидови, тавани, врати, рамки од прозорци и слично. За

испитување куршуми или за нивно вадење треба да се користат само пластифицирани или добро облепени алати. Општо земено, најдобро е експертот да ја отстрани градежната структура во која е навлезен куршумот за форензичките иследници на огнени оружја да можат внимателно да го извлечат куршумот во лабараторијата. Некои полициски агенции пак препорачуваат вештакот да ги бележи куршумите на врвот или основата за целите на идентификација. Во никој случај не е дозволено проектилите да се бележат врз потенцијално корисните обележја на тој куршум. Треба да се внимава да не се помести ниту една трага од доказ што би можела да се наоѓа на површината од куршумот. Како алтернативно решение за обележување на куршумот за целите на идентификација, некои агенции за спроведување на законот предлагаат проектилот да се смести во запечатено кутиче или пластична ампула, кутијата и печатот потоа се обележуваат за идентификација. Активираната чаура може да се обележи за идентификација во внатрешноста на устата. Некои агенции препорачуваат да не се бележат активираните чаури, туку да ги стават во запечатени обележани кутии. Истражителите треба да ги евидентираат сите сериски броеви на сите запленети огнени оружја. Истражителите општо ги обележуваат огнените оружја за нивна идентификација само во случај кога тие се собираат како доказен материјал. Дури и во тој случај треба да се постапува разумно, антикварните или детално изгравираните огнени оружја треба внимателно да се бележат за да не се загуби нивната вредност. Сите составни делови од огненото оружје може да остават трага врз истреланиот проектил или чаура. Следствено, деветмилиметарски полуавтоматски пиштол треба да се обележи на цефката, навлаката, рамот и шаржерот. Револвер со заменлив цилиндар и изменлива цевка треба да се обележи на цилиндарот, цефката и на рамот. Оружјата со затворач треба да се обележат на затворачот, цефката и на рамот.

Поради безбедносни причини, наполнетите оружја прво треба да се испразнат пред да се пренесат во лабараторија за огнени оружја. Шаржерите или затворачите треба внимателно да се отстранат и да се обележат за идентификација, непотрошените или истрошените куршуми треба да се отстранат од лежиштето за куршум. Револверите се многу попроблематични. Истражувачот треба да изгребе малечка стрелка на задната страна од цилиндарот за да ја посочи комората што била под ударната игла кога револверот бил земен како доказен материјал. Коморите во цилиндарот се обележуваат во насока на стрелките на часовникот (гледано од задната страна), каде што комора #1

е комората под ударната игла. Секоја комора притоа се празни и притоа испуканите и неиспуканите куршуми се бележат на цилиндарот од комората.

Општо кажано, огнените оружја не смее да се чистат пред да се пенесат во форензичката лабораторија. Сепак, доколку во цевката има големо присуство на влага, таа треба да се отстрани така што низ цевката се поставува сува лепенка. Иследникот треба да ги забележи во неговите/нејзините белешки, како и во писмото за пренесување во форензичката лабораторија. Тој/таа треба да ја приложи лепенката како доказен материјал заедно со огненото оружје. Оружјето треба да се стави во заштитната обвивка за обезбедено да се пренесе до форензичката лабораторија. Огненото оружје не треба да се прекрива со обвивка, доколку треба да се процесира за латентни отпечатоци од прсти, туку треба да се стави во кутија или во каков било контејнер за да не се истријат латентните отпечатоци при допирот со внатрешноста на кутијата. Сета муниција што ќе се пронајде кај осомниченият во случај со пукање, треба да се заплени како доказен материјал. Понекогаш иследникот на огнените оружја треба да ја процени далечината на испукувањето со помош на расејувањето на сачмите. За овие процени е потребна муниција од истата група од која произлегол спорниот барут или шема на расејувањето на сачмите. Во Соединетите Американски Држави, неиспуканата муниција не смее да се испраќа по пошта. Следствено, иследеникот ќе мора рачно да ја пренесе муницијата директно извадена од оружјето или запленета од осомниченият до форензичката лабораторија или да ја транспортира преку приватна пакетна служба по пошта. Кога станува збор за лабараториските испитувања, целта на почетното испитување на испуканиот куршум е да се одредат општите карактеристики на ожлебување на огненото оружје со кое бил испукан тој куршум. Оваа информација му овозможува на форензичкиот вештак да го намали бројот на веројатни марки и модели огнени оружја од кои тој куршум би можело да биде испукан. Треба да се определат следните општи карактеристики на ожлебување:

- Калибарот,
- Бројот на полињата и на браздите,
- Насоката на ротацијата на ожлебувањето,
- Широчината на полињата и на браздите.

Општите карактеристики на огнените оружја може исто така да се одредат и преку активираните чаури. Значајните општи карактеристики се:

- Калибарот,
- Обликот на лежиштето за куршум,
- Положбата на ударната игла,
- Големината и формата на ударната игла,
- Големината на екстракторите/извлекувачите и на исфрлувачите (доколку ги има),
- Геометрискиот однос на екстракторот и на исфрлувачот.

Штом ќе се одреди дека општите карактеристики на огненото оружје се совпаѓаат со општите карактеристики на испуканите куршуми или чаури, мора да се извршат тест-испукувања со тоа оружје за да се добијат проектили или чаури за споредбено микроскопско споредување. Пред да се извршат тест-пукања со оружјето, форензичарот спроведува испитувања за да се одреди дали механизмот на огненото оружје функционира правилно и дали оружјето е безбедно за пукање. Доколку не е безбедно да се пука со оружјето, форензичарот може да биде во можност да ги замени оштетените делови што недостасуваат со делови од лабораториските резерви на огнени оружја. За да се добијат куршуми од тест-испукувања, со оружјето се стрела во цел за обезбедување неоштетени проектили. Најголемиот дел лаборатории за огнени оружја користат некаков тип водни цели за обезбедување на испуканите куршуми. Хоризонталната цел за куршуми се состои од челичен резервоар полн со вода. Испитувачот на огнените оружја пука во самообновувачка гумена мембрана. Откако ќе се испукаат тест-истрелите, резервоарот се отвора и испуканите куршуми се земаат и се носат на последователни микроскопски анализи. За вертикалната цел за тест-куршуми не е потребна самообновувачка мембрана. За собирање на испуканите тест-куршуми на дното од резервоарот се поставува кошница. Куршумите се поставуваат на компаративен микроскоп за да се изврши микроскопско споредување. Микроскопски може да се споредуваат голем број различни траги врз куршумите, но треба да се следи логичката хиерархија при спроведувањето на ваквите процеси на споредување. Прво треба да се споредат вдлабнувањата од ударната игла и трагите од затворачот (исто така наречени траги од ударната игла од затворачот), бидејќи тие може да се создадат со испукување куршум во огненото оружје [40].



Слика 24. Микроскопско споредување отпечатоци од ударна игла врз две чаури испукани од ист полуавтоматски пиштол

Серискиот убиец во овој случај се смета за лице кое има вештина да ракува со огнено оружје врз основа на неговата прецизност. На 25.07.2019 во Невада, Лас Вегас во трговскиот центар Гранд Канал, во 8 часот биле погодени две машки лица кои подоцна се утврдува дека биле и во роднинска врска, односно браќа близнаци, кои биле погодени со по неколку куршуми во пределот на градите, по пристигнувањето на брзата помош, односно по прегледот од страна на стручно лице, смртта била констатирана на самото место. Причината поради која се претпоставува дека убиството било извршено од страна на едно лице е поради тоа што во рок од 30 дена разлика, на истото тоа место биле извршени уште две убиства, односно биле погодени повторно две машки лица кои исто така имале некои сличности со претходните жртви. Убиството било извршено на истиот начин, односно со испукување на куршуми во пределот на градите, при што и нивната смрт била констатирана на самото место по прегледот од страна на стручно лице.

❖ Теорија на планирањето

Откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот се засновува врз планско преземање и користење на општите криминалистички правила, средства и методи, прилагодени на специфичните барања на секоја поединечна криминалистичка методика, која покрива поединечни групации на кривични дела сродни по сличните начини на извршување. Инаку, ваквите групации на кривични дела, чии криминалистички карактеристики ја детерминираат природата и суштината на секоја криминалистичка методика посебно, се разбира, не ретко, не се совпаѓаат со кривично-правните класификации на кривичните дела [47].

Од оној момент на дознавање за постоење на евентуално кривично дело или за евентуален потенцијален сторител, преку конечното разјаснување на кривичниот

настан кој индицира на постоење на одредено кривично дело и негов конкретен појавен облик, па до утврдувањето на стореното кривично дело и на неговиот сторител, потрагата по фактичката состојба како во фазата на откривањето, така и фазите на гонењето и пресудувањето, мора да биде конципирана и водена на начин за да може да се постигне целта на преткривичната и кривичната постапка. Тоа ќе се постигне, доколку уште од самиот почеток постапката се темели врз методично и систематско планирање.

Планирањето и програмирањето на оперативната, истражната и на судската дејност како општ метод за организационата основа на откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот воопшто и посебно на секој конкретно даден кривичен настан кој индицира на постоење на одредено кривично дело, потоа, расветлувањето на сите релевантни околности под кои е извршен појавниот облик на начинот на извршување на секое конкретно кривично дело, како и откривањето, потрагата, фаќањето и приведувањето кон кривина санкција на сторителот на кривичното дело, се сложени и динамични активности кои се плод на длабок творечки и мисловен процес што го проследува целиот тек на времетраењето на оперативниот и кривичниот предмет.

Во изборот и примената на најоптимални и најсоодветни средства, методи и начини за решавање на загатката што се крие зад секој конкретно определен кривичен настан којшто се расветлува, криминалистичкото планирање како организациона, рационална, систематска и логична интелектуална дејност на криминалистот се наметнува како неизбежна и значајна криминалистичка активност која се протега и ги поврзува сите фази од преткривичната и кривичната постапка. Учењето за криминалистичкото планирање нераскинливо е поврзано со учењето за криминалистичкото прогнозирање. Криминалистичката прогностика, всушност, е камен темелник за проекција на планирана борба против криминалитетот на репресивно-превентивен план, со оглед на тоа дека со предвидувањето на идните квантитативно-квалитативни промени на криминалитетот во конкретно одредено подрачје и во омеѓен временски простор, во голема мера се решава и прашањето за планирањето на обемот, интензитетот, изборот и усовршувањето на криминалистичките средства, начини и методи за ефикасна борба против најавените идни структурални измени на криминалната феноменологија на криминалитетот во точно одредена општествена средина.

Ова значи дека криминалистичкото планирање за трасирање на патиштата за изнаоѓање најцелисходни решенија при репресивно-превентивното спречување на криминалитетот произлегува од криминалистичката прогноза, која претставува појавен облик на научно предвидување на идните тенденции на обемот, динамиката структурата и структуралните промени на појавните облици на начините на извршување на криминалитетот според простор и време и определување на најприкладни криминалистички решенија за спротивставување на најавените идни промени на криминалитетот. Продукт на криминалистичкото научно претпоставување, предвидување или прогнозирање е прогностичката информација, од чија содржина, пак, е детерминирано криминалистичкото планирање на оперативната, истражната и на судската дејност [49].

❖ Поим, предмет и значење на увидот

Увидот[35] на местото на извршување на кривичното дело е истражно дејствие кое се состои во истрага на ситуацијата на местото на кривичниот настан преку непосредно забележување со користење на научно-технички средства.

Место на извршување на кривичното дело - тоа е простор или одредено подрачје каде се случува кривичниот настан, кој содржи или е можно да содржи знаци од извршено кривично дело.

Ситуацијата на местото на кривичниот настан - тоа е материјалната структура на местото вклучувајќи ги и неговите карактеристики на главните објекти и нивната состојба, локација во однос еден со друг и други предмети. Ситуацијата на местото на кривичниот настан се јавува како составен дел од извршеното кривично дело. Таквите негови елементи како и однесувањето на инволвираните лица во кривичното дело, хронолошките карактеристики на настаните, околностите кои го потикнуваат или спречуваат извршувањето на кривичното дело, наоѓаат своја рефлексија во ситуацијата. Оттука е јасно значењето на целосната истрага на ситуацијата на местото на извршување на кривичното дело.

Увидот е доказно дејствие кое се презема кога за утврдување или разјаснување на некаков факт во постапката е потребно непосредно забележување.

[35] Преглед, разгледување, подобро, поподробно запознавање со нешто. Утврдување на фактичка состојба.

Увидот спаѓа во оние криминалистико-процесни дејствија врз чија основа може на егзактен и објективен начин да се утврди фактичката состојба во врска со кривично дело и последиците по оштетенипот, со крајна цел откривање на сторителот на кривичното дело, доколку е непознат.

Квалитетното извршување на увидот со поволни објективни услови може да има големо, често пресудно значење за мериторното судско одлучување.

Увидот како истражно дејствие се презема и се врши според одредбите на Законот за кривична постапка без разлика на тоа дали го врши МВР[36] или јавниот обвинител[37] во преткривичната постапка, јавниот обвинител во фазата на истрагата или судскиот совет на главниот претрес, кога е потребно дополнително да се разјасни или дополни некој факт, односно доказ кој е од значење за кривичната постапка. Овој процесен карактер на увидот го прави тој да има потполно доказно значење, без разлика на тоа кој орган го презема и во која фаза од постапката е преземан.

Основна цел на увидот е истрага на местото на кривичниот настан, идентификација и фиксирање на трагите на местото на кривичниот настан и утврдување на нивниот механизам за настанување.

Целта на увидот е да се добијат информации кои имаат значење за кривичната постапка, за самиот објект, неговите односи, траги поврзани со нив, како и други околности. Објекти на истрагата можат да бидат:

- Каков и да е дел (фрагмент) од материјалната средина (местото на кривичното дело, простории),
- Други објекти,[38]
- Материјално фиксирани траги.

Овие основни цели се реализираат со посредство на исполнување на неколку краткорочни цели:

[36] Министерство за внатрешни работи.

[37] Единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство е исклучив субјект повикан и должен во името на државата и општеството и во нивен интерес да дава иницијатива за покренување. кривично гонење. Тоа е орган на целата општествена заедница, а не само на определена политичко-територијална заедница.

[38] Лешеви од луѓе, животни, средства за извршување на кривично дело, облеката од сторителот на кривичното дело итн.

1. Неопходно е да се утврди што се случило на местот на кривичниот настан;
2. Механизмот на настанување на трагите и предметите кои можат да имаат доказна вредност;
3. Карактерот (природата) на ситуацијата;
4. Доколку постои кривично дело да се дојде до податоци за сторителот на кривичното дело;
5. Времето и начинот на извршување на кривичното дело, употребените орудија и средства.

Не секојпат е едноставнпо да се разрешат сите поставени прашања во текот на увидот, но криминалистите мора да се стремат да ги постигнат. Како истражно дејствие, увидот на местото на кривичниот настан има и втора основна цел - целосно и комплетно фиксирање на доказите пронајдени на лице место.

Екипата за вршење на увидот можат да ја сочинуваат и стручњаци од разни специјалности кои учествуваат во вршење на увидот кога одредена специјалност е потребна: лекар од судска медицина, инжињери и техничари од разни струки, балистичари кога нивното учество во увидот е нужно заради разјаснување на некои важни факти каде се потребни специјални знаења. Криминалистичкиот инспектор и криминалистичкиот техничар задолжително учествуваат, ако увидот се врши пред покренување на кривичната постапка. Учесниците во вршењето на увиодот мора да се придржуваат кон следните криминалистички начела: брзина, методичност, темелност, објективност, единствено раководење, а во нешто помала мера и кон останатите начела [9].

❖ Први службени лица излезени на повик

Оние што први излегуваат на повик на местото на настанот се обични полициски службеници, пожарникари или персонал за итна медицинска помош. Тие се единствените луѓе што го гледаат местото на настанот во неговата првобитна состојба. Нивните дејства на местото овозможуваат основа за успешно или неуспешно решавање на истрагата. Тие мора да ги исполнуваат своите должности и да запомнат дека тие го почнале процесот што ги поврзува жртвите со осомничените лица, а нив со местото на настанот, и никогаш не смеат да ги уништат тие врски [26].

Излезените на повик мора секогаш да бидат објективни и со отворен ум кога пристапуваат на самото место на настан. По пристигнувањето, првата грижа е

сигурноста. Кога местото и жртвата се обезбедени, тие мора да почнат темелно да ги документираат своите забелешки и дејства на тоа место. Што е можно побрзо треба да почнат со мерки за обезбедување на местото на настанот.

Должностите на излезен на повик на лице место се:

1. Помогни и на жртвата,
2. Побарај и уапси го осомниченото лице доколку е уште на местото,
3. Задржи ги сите сведоци. Како што беше погоре објаснето, сведоците поседуваат вредни информации за местото на настанот. Сведоците држи ги одвоено за да се зачува нивната објективиност.
4. Заштити го местото на настанот. Почни со користење на бариерна лента, службени возила или други средства за обезбедување на местото. Направи дневник за безбедноста на местото на настанот и запиши ги имињата на сите што доаѓаат или си одат од местото. Немој да пиеш, пушиш или јадеш во рамките на обезбеденото место на настанот и не дозволувај луѓе што не се неопходни да влегуваат и да го згадуваат местото.
5. Забележи ги и пренеси им на истражувачите за сите движења и промени што се направени на местото на настанот.

❖ Обезбедување на местото на настанот

Како што беше погоре опишано, принципот за размена на Локард е основа за поврзување на материјалните докази со жртвите, осомничените и местото на настанот. Секој што ќе пристапи на местото на настанот може да ги измени и местото и доказите. Само поради оваа причина, пристапот до местото на настанот мора да биде ограничен, а доколку е можно, да се забрани пристап, освен за кримтехничарите. Какви било материјални препреки како што се возила или ленти што ќе помогнат да се заштити местото на настанот, мора што побрзо да се употребат уште од службениците кои први стасале на повик на местото на настан. Откако препреките околу местото ќе бидат поставени, треба да се назначи овластено лице за обезбедување на местото. Тој или таа ќе го спречуваат влегувањето на љубопитните гледачи. Треба да се води дневник за загадување или за обезбедување на местото и да се запишат сите влегувања и излегувања од обезбедените области од местото на настанот. Употребата на повеќестепен безбедносен пристап може успшно да ги спречи несаканите влегувња.



Слика 25. Графички приказ на обезбедување на местото на настанот

Само во ретки ситуации, лицето што прво ќе дојде на повик на местото на настанот е кримтехничар. Откако тој/таа ќе пристигне, првиот чекор е да се проценат обезбедените области и да се променат, доколку е потребно.

❖ Преглед на местото на настанот

Кога истражувачот на местото на настанот е пристигнат на местото и безбедноста на местото е проценета, треба да биде направен прелеминарен преглед на местото или таканаречената „обиколка"[39]. Истражувачот на местото на настанот и првиот пристигнат на повикот на лице место, вообичаено заедно ќе го извршат овој преглед. Доколку е можно главниот истражувач или инспекторот, исто така може да придонесат со своето учество. Непосредното фотографирање за прелиминарна документација може исто така да помогне. Обиколката е прво испитување или насоченост од страна на истражувачот на местото на настанот и треба да се следат следниве инструкции:

- Користи ја „обиколката" („walk-trough") за ментална подготовка на реконструкциската теорија, која може и треба да биде изменета со напредувањето на истрагата на местото на настанот.
- Забележи каков било минлив (привремен) или условен (резултат на дејство) доказ што бара непосредна заштита или обработка.
- Биди свесен /свесна за можни промени на временските услови и доколку се очекуваат преземи соодветни мерки.

[39] walk-trough , односно преглед на целото место со кое се идентификува каква било опасност за интегритетот на местото на настанот и се обезбедува заштита на материјалните докази.

- Забележи ги сите влегувања или излегувања и патеки на движење во рамките на местото на настанот кои може да бараат дополнителна заштита. Биди свесен/свесна за промените или загадувањата на овие области од страна на првите лица пристигнати на повик на самото место на настанот.
- Забележи првични набљудувања за кој, што, каде, кога и како.
- Процени ја потребата од кадар, заштитни мерки или опрема и сè што е неопходно и извести ги службените лица од повисок ранг или другите служби.

❖ Документирање на местото на настанот

Откако местото на настанот ќе биде проценето со помош на прелиминарен преглед на местото, неговата состојба мора да биде документирана. Документирањето е најважниот чекор во обработување на местото на настанот. Целта на документирањето е трајно снимање на состојбата на местото на настанот и неговите материјални докази. Тоа е активност која троши најмногу време и од истражувачот бара да остане организиран и систематичен низ целиот процес. Исто така се потребни и оригиналност и иновации. Главните четири задачи за документирање се:

1. Земање белешки,
2. Видеографија,
3. Фотографирање и
4. Скицирање.

Сите четири се неопходни и ниедна не претставува адекватна замена за другата. На пример, забелешките не се замена за фотографиите.

Документирањето, во сите свои различни форми, почнува со вклучувањето на истражувачот. Документирањето никогаш не запира, може да забави, но потребата за документирање останува постојана.

❖ Запишување на забелешки на местото на настанот

Белешки вредни за истрагата се пишани докази за сите активности на местото на настанот. Белешките се запишуваат откако активноста ќе биде завршена, за да се спречи можно губење на сеќавањето, доколку забелешките се запишат подоцна. Точното запишување за белешките од местото на настанот е клучно во првичната истрага и, исто така, е суштинско за подоцнежните истраги. Општото упатство за

начинот на земање забелешки е да се земе предвид кои, што, кога, зошто и како, а особено да се вклучат.

- Податоци за известување: датум и време, метод на известување и добиени податоци.
- Податоци за пристигнување: транспортни средства, датум и време, присутни лица на местата на настанот и други белешки што треба да се направат.
- Опис на местото: временски услови, локација, вид и состојба, главни структури, идентификација на минлив и условен доказ (особено точки на влез), содржатели на докази за неоддамнешни активности[40], облека, мебел и присутно оружје.
- Опис на жртвата: во повеќе правни системи телото не смее да се поместува додека медицински експерт не даде одобрување, по што може да се направат забелешки за положбата, бледилото на телото, раните, облеката, накитот и идентификацијата (отсуство или присуство).
- Тим за истрага на местото на настанот: задачи за членовите на тимот, информации од „обиколка”[41], време на почетокот и крајот и резултати од доказите.

Точното запишување на забелешките од местото на настанот е клучно за првичната истрага, но е суштинско за секакви последователни истраги.

❖ Видеозапис на местото на настанот

Создавањето видеозапис на местото на настанот стана рутинска процедура за документирање. Оваа процедура е широко распостранета поради „тридимензионалното” прикажување на местото и зголемената достапност на опрема што содржи карактеристики лесни за користење, како што се леќите за зумирање и компактната големина.

Прифатливоста и очекувањата на поротата исто така ја зголемиле и познатата употреба на видеоснимките во истрагите на местото на настанот. Видеографијата на местото на настанот треба да го следи прегледот на местото. Видеоснимката на местото на злосторството е формат за ориентација. Снимателот треба да биде објективен при снимањето на местото на настанот. Видеолентата не треба да прикаже

[40] пепелници, канти за смет итн.
[41] „ walk trough”.

членови од тимот или нивната опрема. Лентата треба да биде без нарација, ниту, пак, да содржи аудиодискусија за субјективни информации за местото на настанот создавањето видеозапис е вредна алатка, која дозволува јасна перцепција, која е обично неостварлива со другите задачи на документирање. Неадекватна замена за која било од другите задачи. Процесот што треба да следува за да се добие ефективно видеоснимање на местото на злосторството се состои од следните чекори:

1. Направи вовед на видеозаписот: бројот на случајот, датумот и времето на снимање, локацијата и снимателот; ова може да се направи во форма на плакат или да биде кажано од страна на снимателот.
2. Почни со околината на местото на настанот. Вклучи ги патиштата што водат до и од местото пред да почнеш да ги снимаш општите аспекти на местото на настанот. Користи ги четирите компасни дирекции как водич.
3. Општ поглед на местото на настанот. Сними ја поставеноста на деловите од доказот во однос на целото место на настанот; перспектива со широк агол проследени со поблизок поглед кон поединечни делови: не скокај од еден на друг дел на доказот. Користи благи премини при опфаќање на целосниот поглед на местото.
4. Поглед на жртвата. Земи безбедносна локација близу до жртвата и сними ги четирите компасни точки како што се гледаат од далечина.
5. Техники со камера. Прави благи движења; доколку е можно, користи триногарник или едноногарник. Користи дополнително осветлување за внатрешни сцени[42]. Кога снимањето е завршено, преглоедај го записот на самото место и, доколку треба, повторно снимај.
6. Оригиналните видеозаписи се доказ и не смее да се корегираат или менуваат. Доколку е потребно, направи копија од записот.

❖ Фотографирање на местото на настанот

Целта на недвижно фотографиското документирање на местото на настанот е да се обезбеди вистината и веродостојната сликовна белешка за местото на настанот и на материјалните докази кои се таму. Фотографирањето ја бележи почетната состојба на местото. Тоа им овозможува на истражувачите и другите од тимот запис што може да биде анализиран или испитуван по истрагата на местото и служи како траен запис за

[42] (повеќето видеокамери имаат автоматски бленди за слабо светло, па сепак препорачано е дополнително светло).

правни аспекти. Фотографирањето на местото на настанот обично се прави веднаш по видеографијата на местото или по прелиминарниот преглед на местото. Ситематски, организиран метод за снимање на местото на настанот и на релеванти докази најуспешно се постигнува со постапки што започнуваат од општото и водат кон специфичното. Основната опрема потребна за фотографско документирање на местото на злосторството [25]:

- фотоапарат,
- нормален објектив,
- објектив со широк агол,
- објективи за сликање од близина со додатоци,
- електронски блиц со кабел,
- триножен статив,
- филм,
- материјал за означување,
- размерник или линијар,
- џебна ламба,
- резревни батерии,
- дневник за фотографии.

❖ Скицирање на местото на настанот

Последната задача во документирањето на местот на настанот е скицирање. Сите претходни задачи за документирање го бележат местото на настанот без да водат сметка за големината или мерките на местото на настанот и неговите материјални докази. Скицирањето на местото на настанот е доделување на единици мерки или точна перспектива на целата сцена и на релевантниот доказен материјал идентификуван на местото на настанот. Скицирањето на местото на настанот не е тешко, но бара организации и планирање од страна на истражувачот со цел да се добие веродостојна скица. Се прават два вида скици за време на истрагата на местото на настанот: груби скици и финални или завршени скици. Се користат два вида преспективи при правењето скици: од горна или птичја перспектива и висинска или странична перспектива. Повремено се користи скица на комбионирани перспективи, наречена проекција на пресек за интегрирање на горната со висинската скица. Не се вообичаени тридемензионални скици или модели направени со користење линијар, но


тие можат да се користат како форми за документација за местото на настанот. Можат да се користат три техники за добивање мерки за скицирње на местото на настанот:


- Триангулација,
- Основна линија (фиксирана линија) и
- Поларни координата.

Сите три се базираат на препознавање две почетни фиксни точки и сите понатамошни мерења на местата на настанот се поврзани со тие точки. Фиксните точки треба да се трајни или познати за во случај подоцна да се направи обид за реконструкција на местото. Добри фиксни точки се:

- Агли на згради,
- Геодетски маркери,
- Големи дрвја или наменски столбови (бандери, далноводи и сл.).

Сите скици на местото на настанот бараат документација составена од: наслов или легенда; опис на скратеници: симболи, броеви или користени букви, компас на дирекција, ако е цртано во размер се наведува размерот што е употребен и докоментациското тефтерче со бројот на случајот, видот на прекршокот, името на жртвите, локација, опис на сцената, датумот и времето на започнување на скицата и име на цртачот.





Слика 26. Груба скица (првата слика)

Слика 27. Финална скица (втората слика)

Научната истрага на местото на настанот е најдобрата методологија за спроведување на правилна истрага и задоволување на правдата. Употребата на методологијата ќе спречи брзо завршување на нецелосна истрага и ќе дозволи најдобро користење на материјалниот доказ најден на местата на злосторството. Во формулирањето на целите и задачите на борбата против криминалитетот, како и нејзиното планско, систематско и методично одвивање, извонредно помага прогнозирањето на криминалитетот. Значи, откривањето, докажувањето, разјаснувањето и спречувањето на криминалитетот се засновува врз планско преземање и користење на општите криминалистички правила, средства и методи, прилагодени на специфичните барања на секоја поединечна криминалистичка методика, која покрива поединечни групации на кривични дела сродни по сличните начини на извршување. Самиот процес на собирање на докази, обезбедување на местото на злосторство и слично претставува еден доста комплицирана задача каде што обучените стручни лица мора да внимаваат на секоја ситница бидејќи една ситница може да го промени сосема крајот на делото. Покрај тоа

е потребна и добра опрема со која би можеле овластените лица да се служат за да може да се постигне крајната цел, односно да се разјасни самото дело [47].

❖ Процена на далечината на испукување од распоредеността на барутот и од распоредеността на сачмите

Реконструкцијата[43] на инциденти со пукање, дострелот и насоката на истрелот се од курцијално значење. Испитувачите на огнени оружја честопати наидуваат на ситуации кога мора да ја проценат далечината од која истрелот бил испукан со испитување на расејувањето на трагите од испукувањето врз кожата и облеката на жртвата. Трагите од испукувањето на оружјето може да се видат врз рацете на застреланата жртва што се борела за оружјето кога тоа испукало. Изгледот на огнострелната рана може да оддаде детали за далечината од која била нанесена. Форензичките патолози вообичаено ги групираат далечините од кои е нанесена раната од испукување на следниот начин: истрели од далеку, истрели од блиску, истрели од апсолутна близина и контактни огнострелни рани. Истрелите од далеку се истрелани од таква оддалеченост што никакви препознатливи остатоци не доаѓаат до кожата или облеката на жртвата. Во нашиот случај станува збор за истрел којшто доаѓа оддалеку врз основа на направеното истражување и на претходно споменатите факти. Огнострелната рана нанесена од истрел од далеку се состои од кружен или елипсовиден дефект на кожата која е опкружена со маргинални абразии или контузивен прстен на местата каде што кожата се растегнала и искинала при навлегување на проектилот. Маргиналните абразии може да бидат прекриени со сив прстен, прстен од производи на согорување потисни гасови, лубриканти за куршуми и дел од метал од површината на куршумот што се оттргнал врз кожата. Материјалот што го сочинува сивиот прстен се нарекува и брис од проектил. Брис од проектил може да се најде на кој било цврст материјал низ кој може да помине куршум, како на пример облека, врати и ѕидови.

Врз основа на истрелот жртвите и во првиот случај и во вториот биле погодени во предниот дел на градниот кош, врз основа на податоците земени од очевидците кои присуствувале на местото на извршеното злосторство во вториот случај, жртвите биле свртени со телото кон зградите кои се наоѓале од спротивната страна на трговскиот

[43] Постапка што судските власти ја водат на местотот каде што се извршило некое дејство заедно со обвинетиот и со други лица вклучени во предметот, создавајќи претстава за вистинскиот тек на настаните. Опис според сочувани документи, други показатели или според кажувања.

центар. Оттука се установува дека истрелите доаѓаат од некоја од зградите кои се во близина, па затоа инспекторите кои го вршат увидот имаат за задача да ги проверат сите жители кои живеат во тие згради. По спроведеното испитување на куршумите кои се пронајдени во телата на жртвите и залутаните куршуми кои завршиле во некои други објекти во околината, се доаѓа до заклучок дека станува збор за автоматско оружје, односно калашников АК47. Тоа е истото она оружје со кое биле убиени и претходните две жртви. Автоматското оружје калашников АК47 е оружје со кое се служат припадниците на војската во Соединетите Американски Држави, оттука се претпоставува дека убиството било извршено од страна на припадник на војската. При истрагата на првите две жртви, истражувањето било отежнато поради временските услови кои исто така влијаат врз распрснувањето и расејувањето на трагите од испукувањето, а исто така и недостаток на очевидци кои би биле од голема помош за правилно насочување на истрагата. Ветерот и дождот може да ја раштркаат целината на трагите од испукувањето и тие да не стигнат до површината на целта, дури и при испукување одблиску. Амбиентната температура исто така дејствува врз брзината на горење на бездимениот барут. Па поради тоа што при испитувањето, повторувањето на истите временски услови може да биде неизводливо, во таква ситуација би било невозможно да се процени далечината на испукување. Според аголот од кој доаѓа истрелот и оружјето кое е користено се претпоставува дека испукувањето се одвивало од страна на убиецот кој се наоѓал на четири катна зграда. По добиениот список на лицата кои живеат во четири катни згради, кои се наоѓаат во близина на трговскиот центар од каде што се претпоставува дека пукањето било извршено, едно име се издвојува и тоа лице се смета за главниот осомничен. Лицето Бен Блек кој е припадник на армијата, односно војник кој служи на Соединетите Американски Држави, тој е на животна возраст од 25 години и сите траги водат кон неговото откривање. По сознанието за кое лице се работи, со истото е обавен разговор во касарната во кој е вработен, лицето Бен Блек го негира извршувањето на пукањето, но од страна на испекторите истото оружје со кое се служел на работа му е одземено, за понатамошно испитување. По добиените податоци за местото на живеење на лицето Бен Блек е изваден налог за извршување на претрес во неговиот стан со негово присуство, каде што по извршувањето на деталниот преглед е пронајдена една чаура под креветот. При извршувањето на прегледот се подигнати микро траги од работното биро поставено до прозорецот. И покрај тоа што тој тврди дека за време на извршените убиства тој бил на работа, односно ја извршувал својата должност, по проверката на податоците се

утврдува спротивното. По обезбедените траги при извршениот претрес во станот на осомниченият е извршено вештачење и е утврдено дека пронајдената чаура е испукана од обезбедената пушка на осомниченият и пронајдените траги на работното биро, е утврдено дека станува збор за барутни честички. Во оваа ситуација е потребно шемата на расејување на барутот да подлегне на хемиска обработка или примена на специјални техники на визуализирање за да се направи видлива, собено ако шемата се наоѓа врз темна облека или облека натопена со крв. Доколку шемата на расејување на барутот се наоѓа врз кожата на жртвата, за да се зачува оригиналната шема на расејување на барутот, најдобро би било да се примени метод на фотографирање во секвенци. Доколку жртвата е мртва, кожата врз која се наоѓа шемата на расејување на барутот може да се отсече и да се третира со презевативни средства. Сепак вака третираната кожа може да се собере или да се растегне и притоа да се изменат димензиите на шемата на расејување на барутот. Судот може да го земе отсеченото ткиво како доказ.

Остатокот од огненото оружје уште познато и како остаток од празнење на огнено оружје, е остаток депониран на рацете и облеката на оној кој го употребува огненото оружје. Тој главно е составен од изгорени и неизбришливи честички од експлозивниот прајмер, горивото и евентуално фрагменти од куршумот, торбичката и огненото оружје. Парафинскиот тест е метод за пронаоѓање на остатоци од огнено оружје на рацете на можниот осомничен за пукање. Основата на овој тест е присуството на нитрати во остатокот од барут. Тестот е направен со примена на топол растопен парафински восок на рацете на наводниот стрелец и со тоа се предизвикува порите на кожата да ги отворат и издишуваат честичките од остатоци од барут. Според новите методи сега постојат и таканаречени парафински ракавици кои го даваат истиот ефект. По собирањето на доказите и по извршената споредба на барутот од оружјето кое било употребено се докажува дека главното осомничено лице е сторител на овие дела, односно убиство на 4 мажи во трговскиот центар. Подоцна и самиот извршител на делото го признал стореното кривично дело. А според правниот систем на Невада, лицето Бен Блек бил осуден на доживотен затвор.



Слика 28. Парафински тест

По приведувањето на извршителот на кривичните дела Бен Блек, се извршува разговор со самото лице. Почнувајќи од раното детство, тој и неговата мајка биле жртви на семејно насилство извршено од страна на неговиот татко. Бен било дете кое уште во раната возраст имал потешкотии да воспоставува контакт и да одржува долгогодишни врски со своите врсници. Врз основа на одговорите кои биле дадени се утврдува дека тој од својата 18 година служи на војската на Соединетите Американски Држави, притоа тој учествувал во многу мисии каде што бил сведок на голем број на смртни случаи, а исто така и тој извршил голем број на убиства при извршувањето на неговата должност.

Воени лица со ментални проблеми честопати остануваат долги месеци на рехабилитација. Првото нешто што Бен го изјавил било дека тој имал проблеми со спиењето, при што тоа индиректно била молба за зголемување на дозата на седативите. Бен бил испратен во армијата на 18 години и бил испратен во мисија во Авганистан. Секој ден тој со уште неколку други војници биле задолжени да ги повратат американските тела како и да се најдат мртвите непријателски борци. Тој кажал дека поради тоа што го гледал и доживувал секојдневно тој, како и другите, зимале многу лекови за полесно да можат да се соочат со она што го гледале и доживувале секојдневно. Тие исто така почнале и да ги ограбуваат телата како часовници, прстени, пари и слично. Бен бил изопачен, преокупиран, многу вознемирен и параноичен, понекогаш тој слушал и гласови.

Добрата психијатриска проценка генерално може да направи разлика помеѓу криминално однесување и ментално заболување. Ако дијагнозата е антисоцијално нарушување на личноста, што не е подложно на психијатриски третман, тоа е криминално однесување, ако се утврди дека кривичното дело е последица на менталното заболување, тогаш следи посветеност на психијатриската болница за лекување. Криминалното однесување додека е во психотична состојба или предизвикана од дрога треба да се разликува од антисоцијално однесување на личноста. По неколку недели, Бен почнал да зборува послободно, раскажал за неговиот татко алкохоличар, механичар кој не можел да ја одржи работата. Тој ја претепувал и неговата мајка во негово присуство. Тој исто така кажал и дека има проблем да научи да чита и не можел да се концентрира. Тој повремено отсуствувал од часови, но кога за тоа дознавал неговиот татко тој бил казнуван, но од секогаш желбата му била да се

приклучи на војската. Тој бил осамен почнал да пие и пуши цигари кога имал околу 13 години, тоа било еден вид на негова терапија во која барал утеха сè до моментот кога влегол во службата. За време на службата постојано користел и хашиш, опиум и што било друго што можел да го најде. Подоцна тој почнал да раскажува за гласовите кои ги слушал кои постојано му кажувале да го одмазди својот најдобар другар.

Бен не се вклопувал лесно во ниту една категорија на дијагностицирање бидејќи тој покажал комбинација на трауматски, поврзани со лекови и психотични карактеристики. Сепак тргнувајќи од раните когнитивни проблеми во врска со Бен, неговата виктимизација од неговиот татко и неговата прогресивна употреба на алкохол датира од раната адолесценција. Тој се карактеризира со антисоцијални однесувања, неговите дневни фантазии биле главно агресивни, во кои тој бил извршител на насилството, но неговите соништа постојано откривале дека е жртва на другите. Емоционалната и физичката злоупотреба што ја добивал како дете, влијаела врз неговиот капацитет да верува и да создаде промени во анатомијата и физиологијата на мозокот што може да ги предизвика траумата. Неговата злоупотреба на алкохол и дрога го поттикнало неговото антисоцијално однесување и веројатно исто така придонело за оштетување на мозокот и дополнително се предизвикала појавата на психотични симптоми. Главно Бен се сметал за лице со ментално нарушување и психолошки рани од војната, односно лице со антисоцијално нарушување, при што се разјаснува и причината за извршувањето на убиствата.

Кога било поставено прашањето, зошто токму тие жртви кои имаат одредени физички, видливи сличности, зошто сите тие наликуваат еден на друг? Одговорот бил, лицето кое го извршило убиството над неговиот пријател, наликувал на неговите жртви. Тој не го планирал нападот над овие лица, тие биле случајни минувачи кои тој ги забележал седејќи покрај прозорецот, при што не можел да го исконтролира својот нагон за одмазда на својот пријател и издејствувал импулсивно. Тоа всушност биле гласовите кои тој си ги замислувал, тие постојано му укажувале на тоа дека негова должност била тој да го одмазди својот пријател, и поради таквите мисли дошол нагонот.

❖ Дали социопатите се подобри војници од останатите?

Често помислуваме дека лицата кои можат да убиваат без да чувствуваат вина се добри војници, сепак реалноста е сосема спротивна од она што го мислиме.

„Има еден вид шега во војската дека ако излезете и убиете 100 луѓе како цивил, вие ќе бидете осудени на казна затвор, но ако тоа го правите како војник, добивате еден куп медали“ вели лицето кое бил во Воздухопловните сили четири години, од 2002 до 2006 година. Тој тврди дека бил дијагностициран со антисоцијално нарушување на личноста во 2005 година.

Тој за себе вели дека одговара на описот, поради недостаток на емпатија, тој за себе кажува дека нема блиски пријателства. Тој ја гледа човечката раса исто како и секое животинско потекло во природата, тој за луѓето мисли дека се алчни и глупави. Како што напоменавме и претходно антисоцијално нарушување на личноста е состојба на ментално здравје главно карактеризирана со недостаток на грижа за чувствата на другите. Како што сугерира и името на состојбата, тие не ги почитуваат социјалните норми и имаат тенденција да предизвикаат болка без да почувствуваат каење или вина. Причината поради која многу лица со антисоцијално нарушување на личноста се привлечени од идејата за приклучување кон војската е слободата да убиваат, без да трпат последици.

Научните студии и вештачења покажуваат дека антисоцијалното нарушување кај воените лица е доста чест феномен. Како што се испоставува, да се успее како војник без грижа на совест, не е мала задача. Интервјуата кои биле извршени со сегашни и поранешни војници кои биле дијагностицирани со антисоцијално нарушување на личноста, како и војници кои служеле заедно со нив, укажуваат на тоа дека многу социопати не се во состојба да ги надминат своите попроблематични психолошки тенденции доволно долго, за да можат да се истакнат во военото опкружување.

Навистина, неуспехот да се формираат емотивни врски со врсниците или да се толерираат претпоставените лица, го отежнува тренирањето на социопатите, особено во средина каде животот на секој војник буквално зависи од неговите или нејзините соиграчи. Но, оние што го положуваат тој тест, стануваат еден вид тајно оружје за

армијата: безмилосни борци чии вештини за самоодржување и способност да убиваат без каење се само дел од квалитетите кои нивните претпоставени можат да ги искористат.

Во познатата книга „социопатот од соседната врата“[44], психологот на Медицинскиот факултет „Харвард“, Марта Сјут, објаснува дека антисоцијалното нарушување се јавува кај 4% од населението. Според Сјут, додека многу од овие луѓе завршуваат да извршуваат злосторства и да бидат фатени, други пак успеваат да наидат на нормален живот, како луѓе што живеат прифатливо, оддржувајќи работни места како библиотекари, извршни директори и војници. Како и сите нарушувања на личноста, антисоцијалното нарушување на личноста се смета за погрешно разбрана, дури и во рамките на заедницата за ментално здравје. Сепак за жал нема толку многу академски материјал на полето на социопатијата и психопатијата во војската. Една кратка студија на мајорот на американската армија Дејвид С. Пирсон ги детализирал потенцијалните придобивки што ги даваат „природните убијци“ во војската. Тој ги опишува високите функционални психопати како еден вид на предност на единицата со која раководат. Нив ги смета за природни лидери кои ќе ги мотивираат другите војници да убиваат. Тие исто така се сметаат за жестоко конкурентни лица и агресивно се борат за победата. Според Пирсон, овие лица обично гравитираат кон пешадија, оклоп (тенкови) и пред сè, единици за специјални операции.

Рајланд Тејлор е поранешен снајперист на американската армија Ренџер, тој не е дијагностициран со антисоцијално нарушување на личноста, но има напишано статија на темата за популарен блог за социопатија, каде што тој кажува како тој ги забележал овие типови на луѓе за време на својата служба и како тој верува дека тие можат да станат и да направат одлични војници. Но, Тејлор додава дека повеќето луѓе за кои верува дека виле социопати во Армијата биле премногу импулсивни и деструктивини за да можат да издржат толку долго во толку структурирана и хиерархиска средина. Проблемот кај некои лица со антисоцијално нарушување е тоа што, токму поради проблемот со поврзувањето со останатите, тие мора да соработуваат и да бидат кохезивни и доверливи, во спротивно не би можеле да стигнат далеку.[45]

[44] „Sociopath next door“ 2005.
[45] https://www.vice.com/en_us/article/ppxae7/the-unique-challenge-of-being-a-psychopath-in-the-military-721

Интервју на лице со антисоцијално нарушување на личноста

На анонимно лице кога му било поставено прашањето какво е чувството да имаш антисоцијално нарушување на личноста? Тој одговорил вака: „Како прво, иако станува збор за вообичаена заблуда, да се има антисоцијално нарушување на личноста е различно од терминот „психопат“. Социопатот може да има широк спектар на симптоми, што значи дека не секој социопат чувствува потреба да убива и уништува. Социопатите или психопатите можат да бидат насекаде. Во мојот случај, како дете бев тврдоглав и имав проблеми да оддржувам пријателства. Социјалните норми ми беа туѓи и обично губев интерес за пријателство. Моите родители го опишаа моето однесување како студено и далечно. Немав апсолутно никакво чувство за лојалност и ги користам луѓето за да го добијам тоа што го сакам. Не можам да кажам дека нема ефикасен третман за проблемот, но во мојот случај, бев институционализиран многу месеци и во суштина бев преквалификуван како да преживеам во општество што не можам да го разберам. Бидејќи многу од проблемите ги развив во текот на моето детство, моите родители решија да се соочат со овој проблем на многу екстремен начин. Денес многу луѓе и не знаат дека имам проблеми. Се преселив во нова област за да ја олеснам транзицијата. Не сите луѓе кои покажуваат симптоми на антисоцијално нарушување на личноста ќе се вклучат во криминална активност. Иако имав неколку ситни проблеми со законот, јас не сум криминалец и немам желба да кршам закони. Исто така, спротивно на популарното верување, доживувам емоции. Јас доживувам емоции кои се многу помалку интензивни, поголемиот дел од времето имам потешкотии да идентификувам што чувствувам, а моите емоции честопати се несоодветни во контекст со ситуацијата. Јас скоро и да немам можност да сочувствувам со другите, па дури и при смртта на блиските до мене не чувствував тага. Наместо тоа, знаев дека треба да чувствувам тага и затоа ги изложив емоциите што знаев дека треба да ги чувствувам. Ова беше обука и третман што го добив. Ме научија за моето нарушување, ми беше кажано дека сум различен од поголемиот дел од светот, но исто така ме научи дека треба да се обидам да се интегрирам.

Еден од најголемите проблеми е отуѓувањето. Ова отуѓување е често единственото нешто што некој навистина може да го разбере само доколку има антисоцијално нарушување на личноста. Отуѓувањето е јасно и не е збунувачко. Меѓутоа, ако дозволам отуѓувањето да ме дефинира, јас станувам помалку спремен да се борам

против антисоцијалните нагони. Овие антисоцијални дејства се оние што предизвикуваат многу луѓе со антисоцијално нарушување на личноста да го прекршат законот или да им наштетат на другите.

Иако не можам да го споредам третманот што го добив со други методи, јас би рекол дека обуката што ми беше дадена ми помогна да се умешам во моето општество и да станам дел од тоа. Глумата со која се служам дека чувствувам работи што не ги чувствувам ми помага во тоа да изгледам нормално, го прави отуѓувањето помалку интензивно. Не постои цврсто признат метод за лекување на луѓе кои се познати како психопати и социопати.

Еден од главните проблеми е што во споредба со другите ментални заболувања, постои многу мала база на знаење на оваа тема. Еднаш, добронамерно, но слабо информиран сосед ги стави моето име и адреса на мапа на интернет, означувајќи ме како опасен член на општеството. Јас присуствував на терапија во близина и наивно мислев дека тој нема да суди бидејќи неговиот мал син има шизофренија. Бев принуден да ја напуштам работата и да се тргнам, откако целата ситуација започна да се меша во мојата работа и општата желба да останам сам.

И покрај мојата дијагноза[46] на антисоцијално нарушување на личноста, јас сум функционален член на општеството. Со континуирана и добра терапија, јас разбирам дека е добро за мене да бидам различен, јас имам слобода да живеам таму каде што сакам, да имам пријателства, да работам и да одам на училиште.“- вели испитаникот.[47]

[46] Утврдување болест преку преглед на болниот, установување, процена на состојба на нешто.
[47] https://www.businessinsider.com/what-its-like-to-have-antisocial-personality-disorder-2014-4

ГЛАВА III: АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

3.1 Споредба на делата извршени од страна на психопат и социопат

	Психопат	Социопат
Дали и во првиот и во вториот случај извршителите на кривичните дела се лица со нарушување на личноста?	Да, лицето се дефинира како лице со психопатско однесување.	Да, лицето се дефинира како лице со социопатско однесување.
Дали тие се сметаат за наполно зрели лица?	Да, лицето е на животна возраст од 42 години.	Да, лицето е на животна возраст од 25 години.
Дали тие се сметаат како успешни луѓе во општеството?	Да, лицето е еден од најуспешните очни доктори.	Не, тој е војник кој не е во добри односи со никој од околината.
Дали постои сличност помеѓу жртвите?	Да, лицата имаат специфична болест наречена хетерохромија.	Да, лицата наликуваат на убиецот на неговиот најдобар другар.
Дали е присутен потписот на убиецот?	Да, колекцијата на очите како вид на трофеј и моќ.	Не, не е присутен потписот на убиецот.
Дали се со натпросечна	Да, тоа се утврдува со	Не, тоа се утврдува со

интелегенција?	одредени испитувања.	одредени испитувања.
Дали извршуваат предумисла за кривични дела со пресметан ризик?	Да, секој чекор е претходно добро испланиран.	Не, преовладува импулсивноста и дејствување во моментот.
За какви видови на сериски убијци станува збор?	Организиран	Неорганизиран
Кои се мотивите?	Желбата за моќ и контрола над другите.	Посветеност на мисијата.
Дали имале тешко детство и недоволно внимание од родителите?	Да, лицето било занемарено од своите родители.	Да, лицето било занемарено од своите родители и бил сведок и жртва на семејно насилство.
Дали овие лица имале проблем да се вклопат во околината во раното детство?	Да	Да
Дали овие лица имаат видлив недостаток на емпатија?	Да, тоа може да се забележи по начинот на извршување на убиствата.	Да, тоа може да се забележи по начинот на извршување на убиствата.

Табела 2. Споредба на двете дела

Врз основа на сите податоци, можеме да забележиме дека лицата со антисоцијално нарушување на личноста и лицата со психопатија, се термини кои се многу блиски, споредувајќи ги овие лица тие навистина се сродни во некои погледи. Одредени однесувања, одредени размислувања се мал дел од она што можеме да го наречеме дека е слично меѓу нив. Меѓутоа, доколку внимателно се разгледаат постапките, извршувањата на убиствата во првиот и во вториот случај, како и истражувањето за да се најдат извршителите на делата, можеме да забележиме дека токму тие работи се главните показатели на разликите. Така, раководејќи се од податоците со кои располагаме и во првото дело и во второто дело, можеме да дојдеме до заклучок дека и покрај тоа што и психопатите и социопатите не можат да го почувствуваат она што нормалните лица го чувствуваат, имаат недостаток на емпатија, но сепак, секое убиство го доживуваат на посебен начин кое можеме да кажеме дека ги задоволува нивните потреби.

Она што се забележува во првото дело е дека лицето е со натпросечна интелегенција што може да се забележи од голем број на постапки и однесувања, секоја жртва е претходно бирана внимателно, и секој чекор е даден со голема сигурност. Ова лице со психопатско однесување, со извршувањето на убиствата ја задоволува потребата за моќ и контрола над другите луѓе, тој е способен да манипулира со истрагата да ја насочува во насока во која тој сака да се движи, тој има модус операнди, тој има потпис, тој одзима дел од човечкото тело и го нарекува трофеј, успех, тој е трпелив, тој е паметен, но сепак една мала грешка е пресудна за неговото откривање, бидејќи никој не е безгрешен.

Од друга страна пак, се среќаваме со лице со антисоцијално нарушување на личноста, тоа е лице кое се родило здраво, но при растот и развојот, поради одредени претрпени трауми, доаѓа до оштетување на мозокот и резултира во она што е. Ова лице, не е со натпросечна интелегенција, тоа е лице кое не ги набљудува и бира жртвите подолг период, не се служи со модус операнди, ниту пак има потпис, не го планира убиството, ниту пак се грижи за прекршувањето на општествените норми. Ова е лице кое делува импулсивно, не размислува дали ќе си наштети самиот на себе си или на околината, поради тоа што не може да ги контролира и да ги скроти своите нагони, исто така постои и недостаток на емпатија. Откривањето на извршителот на овие дела е за нијанса полесно од претходното дело.

Лекување и рехабилитација на сериските убијци во затворите

Главни особини со кои се карактеризираат психоптатите, односно сериските убијци се:

1. Безобзирност за правата и социјалниот морал;

2. Непочитување на правата на останатите луѓе;

3. Недостаток на чувство на вина и

4. Склоност кон насилно однесување.

Психопатијата е психичко нарушување на личноста која често се изразува преку комбинација од шарм, манипулација, застрашување и понекогаш употреба на сила за контрола и моќ над другите луѓе, со цел да ги задоволат своите себични потреби. Проценката е дека ваквите карактеристики се позастапени кај мажите, отколку кај жените.

Зборувајќи во глобала, психопатите ги употребуваат своите добри особини за да можат да стекнат доверба и полесно да манипулираат со своите жртви. Благодарение на своите способности за меѓучовечки односи, најголемиот број од психопатите остваат впечаток дека се прилично доверливи и многу од нив се доста успешни во општеството. Како и да е, како што објаснува д-р Паул Бабиак и неговите колеги, поради тоа шти психопатите се карактеризираат со натпреварувачки и предаторски дух, тие настојуваат и останатите луѓе да ги кледат како конкуренција.

Кога психопатите ги гледаат останатите луѓе како плен, тогаш се јавува недостатокот за чувство на емпатија кон другите луѓе, па затоа имаат способност да ја набљудуваат својата жртва и полесно да ја најдат нејзината слабост. Поради нивниот недостаток на емпатија, тие не создаваат никаква приврзаност со личноста со која стапуваат во контакт.

Сепак сериските убијци понекогаш се дефинираат како психопати, а понекогаш како социопати. Но постои разлика помеѓу овие два термина.

Социопатите се карактеризираат со тоа што се постојано нервозни и лесно можат да се иритираат. Тие се насилни и се склони на излив на емоции, вклучувајќи го и бесот. Тие најчесто не се едуцирани за тоа како функционира правилното општество и за тоа каква треба да биде нивната улога во општеството, не можат да задржат постојана работа, или пак да седат на едно место на подолг временски период. Многу е тешко, но не и невозможно социопатите да можат да се приврзат со останатите луѓе. Дел од социопатите се способни да создадат добар контакт со одредена индивидуа или пак одредена група, и покрај тоа шти тие немаат обзир за тоа како треба да изгледа едно правилно општество, како да се вклопат во него и како да ги почитуваат дадените правила. Во очите на останатите луѓе социопатите предизвикуваат чувство на немир. Секое злодело, односно кривично дело извршено од страна на социопат е неорганизирано, спонтано и непланирано.

Психопатите од друга страна пак, не можат да оформат емоционално приврзување, ниту пак во ниеден момент да чувствуваат емпатија спрема другите луѓе и покрај тоа шти се карактеризираат како шармантни личности. Психопатите се дефинираат како екстремно манипулативни личности и често можат да ја стекнат довербата на другите луѓе. Тие учат како да изразуваат емоции со правење на одредени мимики, и покрај недостатокот на таквите емоции, со што тие изгледаат сосема нормално и несомнително. Психопатите се често добро едуцирани луѓе и имаат стабилно работно место. Некои од нив се толку добри во глумењето на емоции што дури имаат и своја фамилија или пак долгогодишни врски при што оние личности кои ги опкружуваат се сосема несвесни за нивните дела и нивната вистинска природа.

Кога тие го извршуваат кривичното дело, пцихопатите внимателно го планираат секој детаљ предвреме и често имаат непредвидливи планови. За разлика од социопатите, психопатите се смирени, неизбувливи, прецизни, точни и педантини. Нивните кривични дела, без разлика дали станува збор за тоа дали тие се насилни или ненасилни, секогаш се добро организирани и намерно оставаат траги за да можат погрешно да ги насочат надлежните органи. Интелегентните психопати секогаш своите кривични дела ги извршуваат на посебен и фасцинантен начин.

Терминот психопатија е сосема различен од терминот социопатија. Се верува дека психопатија е вродена човечка карактеристика, додека пак социопатијата е израз на

лошата околина која влијае врз погрешниот развој на личноста. Психопатијата се поврзува со психолошки дефект при што резултира со неразвивање на дел од мозокот чија функција е да ги создава и контролира емоциите. Социопатите, од друга страна пак, најчесто се такви како резултат на трауми од детството, и поради физичко или емоционално злоупотребување. Поради ваквите околности социопатите се способни да имаат чувство на емпатија за другите луѓе, но само во одредена граница и само под одредени околности, но само со одредени индивидуи.

Психопатијата е една од најопасните од сите антисоцијални нарушувања на личноста поради начинот на кој психопатите го манифестираат тоа, поради начинот на кои тие се емоционално оддалечени од своите постапки, без разлика на тоа колку громорозни се самите тие постапки. Многу озлогласени сериски убијци, вклучувајќи го и Тед Банди како и Џон Вејн Гејси, и познатиот Денис Радер (заврзи, мачи, убиј или ЗМУ („Bind, Torture, Kill" or BTK)) се безмилосни психопати. Психопатите убијци ги гледаат нивните жртви како бездушни објекти кои можат да се измачуваат и со кои може да експериментираат за нивна забава и за задоволување на нивното его.[48]

Дали психопатите можат да бидат излечени? Според изучувањата на експерите за ментално здравје, краткиот одговор на ова прашање е не. Д-р Нигел Блеквуд, водечки форензички психијатар во Кинг Колеџот во Лондон, изјавил дека возрасните психопати можат да се лекуваат и да се владее со нив, но не е возможно и нивното тотално лекување од таквата состојба

Блеквуд објаснува дека психопатите не се плашат од болка или од казнување, па затоа и законите во општеството не им претставуваат проблем. Тие немаат никакви очекувања од општеството и затоа на своето однесување не гледаат како криминално и грешно однесување. Според Блеквуд и други научници, беземоционалните психопати едноставно не гледаат на казните на начин на кој нормалните луѓе гледаат. Возрасните психопати кои се во затвор се многу потешки за промена или за нивна рехабилитација во споредба со останатите криминалци кои се исто во затвор [48].

[48] (1) Bouchard, T.J., Jr., Lykken, D.T., McGue, M., Segal, N.L. and Tellegen, A. 1990."Sources of human psychological differences: The Minnesota Study of Twins Reared Apart." Science 250 (4978), pp. 223–228.

Тие не реагираат на начин на кои другите луѓе реагираат на казнувањето. За полесно да се владее со нив се користат други стратегии, односно методи на наградување [36].

Како награда поради лекување, затворениците психопати се здобиваат со мали привилегии како што се гледање на телевизија, играње игри или некои слични работи за замена за добро однесување. Ваков пример за ефективноста на наградниот третман е серискиот убиец Денис Радер[49] во поправниот дом Ел Дорадо во Канзас.

Радер е пример за затвореник сè од неговото приведување во 2005-тата година. И покрај тоа што тој е во изолација 23 часа во текот на денот, тој се здобил со големи привилегии. Во едно интервју со него тој изјавил дека тој постојано ги чека неговите мали награди како резултат на неговото добро однесување. Па затоа и се верува дека опсесивната и компулсивна природа може да се манипулира само преку системот на награда, кој се покажува како ефективен.

Нивното однесување останува добро, па дури понекогаш се и подобрува со помош на тоа што тие се надеваат на наградување. Но и покрај тоа што нивното однесување во затворот е добро или подобрено, сепак тоа не го оспорува фактот дека нивната дијагноза не може да биде променета, и дека состојбата на психопатија е неизлечива. Со други зборови кажано, ваквите луѓе можат да бидат кнтролирани но не и излечени.[50]

Метод со кој се служев во овој научен труд е дедукцијата, односно полесното изведување на заклучокот, тргнувајќи од општото кон посебното и поединечното. Исто така каузалната или причинско-последичната метода е онаа која овозможи објаснување на тоа како, во овој случај, поради наследната генетика или влијанието на околината настанува пореметување на менталното здравје кај одредена индивидуа, при што резултира со сторување на кривично дело. Генетичката метода е исто така застапена

[49] познат како (заврзи, мачи, убиј или ЗМУ („ Bind, Torture, Kill" or BTK)).

[50] (1) Morton, R.J. 2005. *Serial Murder: Multi-Disciplinary Perspectives for Investigators.* National Center for the Analysis of Violent Crime. Washington, D.C.: U.S. Department of Justice.
(2) Babiak, P., et al. 2012. "Psychopathy: An important forensic concept for the 21st century." *FBI Law Enforcement Bulletin,* July.
(3) Ibid.
(4) Rogers T, Blackwood N, Farnham F, Pickup G, Watts M. 2008. "Fitness to plead and competence to stand trial: A systematic review of the construct and its application." *Journal of Forensic Psychiatry and Psychology, 19,* pp. 576-596.
(5) Ibid.

при што се обидов да ги објаснам корените на настанувањето на психопатијата и социопатијата, односно настојувањето да се сфати, проучи, објасни и опише некоја појава во нејзиниот постанок, изучувајќи го текот на претходниот развој. Постојано во текот на овој научен труд се прави споредба помеѓу двата главни поима кои преовладуваат, а тоа се социопатијата и психопатијата, односно употребата на компаративната метода преку која се применува споредба на исти или сродни факти, појави, процеси, односи, односно ја утврдува нивната сличност и различност. Следствено на претходно наведеното е и дека за сите тие разлики кои ги спомнувам да можат полесно да се воочат, е потребна употребата на статистичкиот метод кој служи како средство, односно научен метод за изучување на нетипичните појави изразени со бројки. Како последна метода, сакам да ја напоменам методата на анкетирање што значи истрага, прибирање податоци, службено истражување.

Од горенаведеното произлегува дека главната користена техника во овој научен труд е токму анкетата со која се прибираат многу корисни информации. Со добро подготвена анкета во која јасно се дефинира проблемот кој е испитуван и е направен соодветен избор на прашања се добива научната вредност на истата. Во конкретниот случај анкетирањето е во вид на прашалник и целна група е соодветен дел од популацијата преку кој се дознаваат нивните убедувања, ставови и мотиви. Одговорите во прашалникот беа понудени и со тоа анкетата беше од затворен тип.

3.2 Анкета

1. Социопатите се помалку емоционално стабилни и високо импулсивни?
    a) Точно
    b) Неточно
2. Психопатите се помалку емоционално стабилни и високо импулсивни?
    a) Точно
    b) Неточно
3. Социопатите делуваат импулсивно, не планираат детално и немаат трпение?
    a) Точно
    b) Неточно

4. Психопатите делуваат импулсивно, не планираат детално и немаат трпение?
    a) Точно
    b) Неточно
5. Социопатите се лица со антисоцијално нарушување?
    a) Точно
    b) Неточно
6. Психопатите се лица со антисоцијално нарушување?
    a) Точно
    b) Неточно
7. Психопатијата е наследна?
    a) Точно
    b) неточно
8. Социопатијата е наследна?
    a) Точно
    b) Неточно
9. Индивидуи со карактеристики на психопатија имаат видлив недостаток на емпатија?
    a) Точно
    b) Неточно
10. Индивидуи со карактеристики на социопатија имаат видлив недостаток на емпатија?
    a) Точно
    b) Неточно
11. Психопатијата се дефинира како спојување на својства на личноста поврзани со криминално и друго антисоцијално однесување?
    a) Точно
    b) Неточно
12. Индивидуите со карактеристики на психопатија немаат проблем да се социјализираат?
    a) Точно
    b) Неточно

13. Се смета дека психопатите сочинуваат околу 1% од популацијата?

    a) Точно

    b) Неточно

14. Психопатите се лица со површен шарм, отсуство на нервоза или психонеуроза?

    a) Точно

    b) Неточно

15. Социопатите се лица со површен шарм, отсуство на нервоза или психонеуроза?

    a) Точно

    b) Неточно

16. Психопатите имаат способност да манипулираат со луѓето за остварување на сцоите цели?

    a) Точно

    b) Неточно

17. Социопатите имаат способност да манипулираат со луѓето за остварување на своите цели?

    a) Точно

    b) Неточно

18. Социопатите можат да одржуваат долгорочни врски?

    a) Точно

    b) Неточно

19. Психопатите можат да одржуваат долгорочни врски?

    a) Точно

    b) Неточно

20. Психопатите можат да задржат едно работно место на подолг временски период?

    a) Точно

    b) Неточно

21. Социопатите можат да задржат едно работно место на подолг временски период?

    a) Точно

    b) Неточно

22. За да може некое лице да се дефинира како лице со антисоцијално нарушување на личноста тоа пред сè мора да биде постаро од 18 години, или во одредени случаи со одредени исклучоци, мора да има навршени 15 години?
    a) Точно
    b) Неточно
23. За да може некое лице да се дефинира како лице со психопатско однесување тоа пред сè мора да биде постаро од 18 години, или во одредени случаи со одредени исклучоци, мора да има навршени 15 години?
    a) Точно
    b) Неточно
24. Социопатите не ги почитуваат социјалните норми или закони тие постојано ги кршат законите или ги надминуваат социјалните граници?
    a) Точно
    b) Неточно
25. Социопатите покажуваат влошено или агресивно однесување?
    a) Точно
    b) Неточно
26. Социопатите не се грижат за нивната сопствена безбедност или безбедноста на другите?
    a) Точно
    b) Неточно
27. Социопатите можат да научат од грешките?
    a) Точно
    b) Неточно
28. Психопатите можат да научат од грешките?
    a) Точно
    b) Неточно
29. Социопатите се разликуваат по физичкиот изглед од останатите луѓе?
    a) Точно
    b) Неточно
30. Психопатите се разликуваат по физичкиот изглед од останатите луѓе?
    a) Точно
    b) Неточно

31. Психопатите можат да бидат меѓу најуспешните луѓе во општеството?

a) Точно

b) Неточно

32. Социопатите можат да бидат меѓу најуспешните луѓе во општеството?

a) Точно

b) Неточно

33. Психопатите извршуваат предумисла за кривични дела со пресметан ризик?

a) Точно

b) Неточно

34. Социопатите извршуваат предумисла за кривични дела со пресметан ризик?

a) Точно

b) Неточно

35. Социопатите не можат да формираат приврзаност со другите?

a) Точно

b) Неточно

36. Психопатите не можат да формираат приврзаност со другите?

a) Точно

b) Неточно

37. Социопатите се вознемируваат лесно?

a) Точно

b) Неточно

38. Психопатите се вознемируваат лесно?

a) Точно

b) Неточно

39. Социопатите се полесни за идентификување за разлика од психопатите?

a) Точно

b) Неточно

40. Психопатите се со повисоко ниво на интелегенција за разлика од социопатите?

a) Точно

b) Неточно

41. Социопатите често потекнуваат од нестабилни семејства?

a) Точно

b) Неточно

42. Психопатите често потекнуваат од нестабилни семејства?

a) Точно

b) Неточно

43. Социопатите се организирани злосторници?

a) Точно

b) Неточно

44. Психопатите се организирани злосторници?

a) Точно

b) Неточно

45. Карактеристично за психопатите е тоа што тие извршуваат блиц напади?

a) Точно

b) Неточно

46. Карактеристично за социопатите е тоа што тие извршуваат блиц напади?

a) Точно

b) Неточно

47. Социопатие ги почитуваат општествените норми?

a) Точно

b) Неточно

48. Психопатите ги почитуваат општествените норми?

a) Точно

b) Неточно

49. Психопатијата и социопатијата се сродни термини?

a) Точно

b) Неточно


50. Помеѓу психопатијата и социопатијата постојат разлики?

a) Точно

b) Неточно

Како што знаеме, анкетата претставува испитување преку пишан прашалник, а со оглед на начинот како се формулирани прашањата, може да биде стандардизирана и нестандардизирана. Во овој случај, мојата анкета е стандардизирана, односно одговорите се понудени. Целта на оваа анкета е да се дојде до знаење за информираноста за психопатијата и социопатијата како термини со коишто барем секој

од нас се има сретнато во текот на нашиот живот. Оваа анкета е спроведена во гард Штип, на 50 испитаници на животна возраст од 18 до 60 години.



Слика 29. Графички приказ на добиените одговори

По завршувањето на анкетата, од вкупно 50 испитаници, вкупниот број на одговорени прашања изнесува 2 500. Врз основа на можните комбинации кои изнесуваат вкупно 50 од целината, бројот на точно одговорени прашања изнесува 1 000, додека од друга страна пак бројот на неточно одговорени прашања изнесува 1 500. Доколку ги земеме предвид овие бројки, процентуално би било 75% неточни одговори, додека пак бројот на точно одговорени прашања, процентуално би се изразил со 25% од вкупната целина.

Она што јас можев да го приметам при разгледувањето на анкетата, а воедно и она што го очекував е тоа дека неточно се одговорени одреден број на прашања кои се издвојуваат. Пред сè голем број на испитаници беа во заблуда дека, доколку лицето со социопатија има одредени карактеристики, дека истите тие карактеристики не припаѓаат и на лицето со социопатија, а сепак на 49 прашање, односно на прашањето

дали психопатијата и социопатијата се сродни, поголемиот дел одговорија со потврден одговор. Исто така, чести прашања на кои беа дадени погрешни одговори се прашањата 6 и 7 од анкетата, односно дали социопатите се лица со антисоцијално нарушување и дали психопатите се лица со антисоцијално нарушување? 13 прашање пак, се смета дека психопатите сочинуваат околу 1% од популацијата, е прашање на кое сите 50 испитаници одговорија погрешно. Исто така голем број од испитаниците беа во заблуда дека индивидуите со карактеристики на психопатија имаат видлив недостаток на емпатија, исто како и неспособноста на лицата со психопатско однесување да се сметаат како едни меѓу најуспешните луѓе во општеството. Дел од испитаниците пак мислеа дека лицата со антисоцијално нарушување на личноста, односно лицата со социопатско однесување, не можат да формираат приврзаност со други лица, но можат да задржат работно место на подолг временски период, при што одговорите се контрадикторни самите по себе. На прашањето: За да може некое лице да се дефинира како лице со антисоцијално нарушување на личноста, тоа пред сè мора да биде постаро од 18 години, или во одредени случаи, со одредени исклучоци, мора да има навршени 15 години? 90% од испитаниците, не го одговорија точно прашањето.

Од друга страна пак, прашања на кои најголемиот дел одговорија точно беа: Дали социопатите можат да научат од грешките?, Дали психопатите можат да научат од грешките?, Дали социопатите се разликуваат по физичкиот изглед од останатите луѓе?, Дали психопатите се разликуваат по физичкиот изглед од останатите луѓе?, Дали психопатијата и социопатијата се сродни термини? и Дали помеѓу психопатијата и социопатијата постојат разлики?.

ЗАКЛУЧОК

Целта на ова мое истражување беше поттикната од недоволната информираност за самите поими кои ги спомнувам во овој научен труд, односно поимите психопатија и социопатија. Често кога некое лице ќе направи нешто неморално, луѓето го дефинираат како психопат, односно лице со психопатско однесување. Јас мислам дека тоа е поради недостатокот на достапноста на доволен број на информации и примери за полесно разграничување на овие два поима. Оттука ми дојде инспирација за подетално објаснување на овие поими, односно објаснување за самата историја и потеклото на овие видови на антисоцијално нарушување, сличностите и разликите, нивната застапеност, начинот на кој одредени лица се справуваат со тоа, начинот на кој тие го изразуваат тоа, сето тоа проследено со примери за полесно разграничување на овие поими. Интригантен е фактот дека оние сериски убијци чиј идентитет и до ден денес не се знае, успеале да надмудрат повеќе умови, а тие сепак функционираат со само еден. Друг интересен факт е нивната посветеност, внимание на ситници и тоа што секогаш се еден чекор пред извршните органи, целиот план е сосема добро испланиран и до најмалиот детаљ. И покрај тоа и тие се луѓе и тие се склони на грешки и една нивна мала грешка придонесува за откривање на нивниот идентитет, и најчесто нивната казна завршува со доживотен затвор или егзекуција. Исто така нивниот ум се разликува од останатите, нивната перспектива на светото е различна, нивната желба за моќ над другите е најголема и тие се спремни да направат сè за да го задоволат своето его. Во нивниот свет не постојат правила и сè е дозволено. Битно да се напомене е дека не секое лице со антисоцијално нарушување на личноста го манифестира тоа во општеството со извршување на кривични дела, некои од нив постојано одат на терапија и учат како да живеат со својата болест, бидејќи тоа е карактеристика со која можат само да се научат да живеат, но не може и да се излекува. Со помош на анкетата, односно на прашалникот заклучив дека навистина поголемиот број од луѓето кои беа анкетирани не можат да ги разликуваат овие поими и се во честа заблуда, па токму затоа се надевам дека овој труд ќе помогне во разграничувањето на овие поими. Во глобала разлика помеѓу поимот психопатија и социопатија постои, и покрај нивната сродност, овој научен труд служи за полесна идентификација на типовите на злосторници, нивните мотиви, начинот на извршувањето на самото злосторство и слично.

Користена литература

1. Ackerson, J. W., The Correctional Public Relations Program, American Journal of Correction, Washigton.
2. Aspelin E. et al. Some Developments in Nordic Criminal Policy and Criminology, Scandinavina Research Council of Criminology, 1957.
3. Alport, G: Sklop i razvoj licnosti, izdavacka Kultura Beograd.
4. Bazemore, G, and Umbreit, M.. A Comparison of four Restorative Conferencing Models. Washington, DC: U.S. Dept. of justice, Office of Justice programs, Office of Juvenile Justice and Deliquency Prevention, 2001.
5. Binder, A., Geis, G., Dickson D Bruce Jr. (2001): Juvenile Deliquency: Historical, Cultutal and Legal Perspectives, Elsevier.
6. Domino, G., Domino, M. (2006): Psychological Testing: An introduction, Cambridge University Press.
7. Durkheim, E. (2006) : On suicide, Penguin Books Limited (one hundred years later).
8. Jeffery, S. R., Crime, La[and Social Structure, Journal of Criminal La[, Criminology and Police science, Chicago, No. 4/1956.
9. Leaute, Jacques, Criminologie et science penitentiaire, Paris 1972.
10. Oates, J., C. Wood, A. Grayson, (2005) : Psychological Development and Early Childhood, Blackwell Publishing, The Open University.
11. Oxford Learners Dictionaries.
12. Алексоски, С (2010): Криминологија, УГД, Штип.
13. Анита Арсовска, Стипица Поповски, Зоран Арсовски, Елена Симеононова Јовева, Емилија Ѓорѓиева (2014): Практикум по практична настава по неврологија, Штип.
14. Анита Арсовска, Стипица Поповски, Зоран Арсовски, Елена Симеонова Јовева, Емилија Ѓорѓиева (2014): Неврологија-скрипта, Штип.
15. Арнаудовски, Љ. (2007) : Криминологија, Скопје.
16. Арнаудовски, Љ (1984) : Малолетничко престапништво, Скопје.
17. Арнаудовски Љ. (1978): Примарен криминалитет, ИСППИ, Скопје.
18. Арнаудоски, Љ, Дракулески-Груевска А. (2013): Пенологија (прв дел), Скопје.

19. Арнаудоски, Љ, Дракулески-Груевска А. (2013): Пенологија (втор дел), Скопје.
20. Артур К. Гајтон, (2012) Учебник по медицинска физиологија, Штип.
21. Бачановиќ, О. Виктимолошки аспекти на македонскиот Кривичен законик, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје.
22. Бужаровска-Лажетиќ, Г., Нанев Лазар, Кошевалиска Олга: (2015) Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот.
23. Бужаровска- Лажетиќ, Г., (2013): Авторизирани предавања по малолетничко казнено право, УКИМ.
24. Бужаровска-Лажетиќ, Г. (2011): Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничка правда, Zbornik Pravni Fakultet Zagreb.
25. Бужаровска-Лажетиќ, Г., Мисоски Б., Калајџиев Г., Димоски-Илиќ Д. (2015): Казнено процесно право, Скопје.
26. Даниела Тодосиева, Емилија Андова, Марија Караколевска-Илова, Дарко Бошнаковски (2018): Основи на хумана генетика, Штип.
27. Дарко Бошнаковски (2018): Молекуларна биологија со генетика, Штип.
28. Дарко Бошнаковски (2013): Молекуларна биологија со генетика-скрипта, Штип.
29. Ефремовски И. : Од идеја до дело.
30. Игњатовиќ, Ѓ. (2007) Криминологија, Београд.
31. Игњатовиќ, Ѓ. (2002) Криминолошко наслеце, Београд.
32. Каневчев, М. (2000) Скопје: Практикум за кривично право, Скопје.
33. Кајзер, Г. (2000) Криминологија, Скопје.
34. Камбовски В. (2004): Казнено право општ дел.
35. Камбовски В.,(2006): Казнено право- општ дел, Скопје: 2 Август Штип.
36. Камбовски В. (1976) : Ресоцијализација и класна суштина кривичног права, ЈРККП, Београд.
37. Кралев, Т. Криминологија (2004), преглед на основните поими, Скопје.
38. Камбовски В., Велкова Т. (2008): Малолетничка правда, Скопје.
39. Костовска-Трајкова Г., Мирчев Д. (2003) : Социологија, Скопје.
40. Крстески Т, Угриноски К., (2004) : Социологија, Скопје.
41. Ленче Милошева (2013): Развојна психологија, Штип.

42. Мургоски З. (2014) : Англиско македонски речник.
43. Мире В. Спасов, (2019) : Практикум по физиологија, Штип.
44. Мила Клинчева, (2016): Патолошка физиологија, Штип.
45. Наташа Давчева, (2019): Практикум по судска медицина, Штип.
46. Невенка Лабан - Гучева (2015): Болести на очите - скрипта за оптометристи, Штип.
47. Стамевски В. : Криминалистика, авторизирани предавања.
48. Сулејманов, З. Криминолошки карактеристики на убијците во Македонија и нивната ресоцијализација, докт. дис. Правен факултет Скопје.
49. Сулејманов, З.(2003) Криминологија, Скопје.
50. Ќимова Ѓ. (2018): Базична методологија и научна теорија, Св. Николе.
51. Џејмс Х. Стујарт, Норби Џ. Џон. (2009): Форензика.

Статии и публикации, интернет адреси

1. https://www.dictionary.com/browse/psychopathy#
2. https://www.medicalnewstoday.com/articles/321839
3. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3510904/
4. https://www.med.wisc.edu/news-and-events/2011/november/psychopaths-brains-differences-structure-function/
5. https://www.intechopen.com/books/psychopathy-new-updates-on-an-old-phenomenon/the-impact-of-psychopathy-on-the-family
6. https://www.businessinsider.com/how-to-make-a-psychopath-2017-8
7. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2242349/
8. https://www.discovermagazine.com/mind/into-the-mind-of-a-psychopath
9. https://www.cambridge.org/core/journals/the-british-journal-of-psychiatry/article/understanding-the-structure-of-the-psychopathy-checklist-revised/4D3E446795FDFFCDBCC765D1C8FCDBCD/core-reader
10. https://www.mcafee.cc/Bin/sb.html
11. https://www.psychiatry.org/patients-families/personality-disorders/what-are-personality-disorders
12. https://www.healthline.com/health/mental-health/sociopath?fbclid=IwAR3rFddGODUVH2XsOeGa75moqnw319TIxs_vBD2V4cbxSi7hFwwp1EG_Q3M#diagnosis-and-symptoms

13. https://theconversation.com/amp/psychopaths-versus-sociopaths-what-is-the-difference-45047?fbclid=IwAR24V1aiXB1tax4Wfd9iymke0WIbpE8yPqaWx48EogX1S_Xj7VxTxH1K2gY
14. https://www.psychologytoday.com/us/blog/wicked-deeds/201801/the-differences-between-psychopaths-and-sociopaths

ПРИЛОЗИ

1. Сродноста на нарцистичкото нарушување на личноста со психопатијата и социопатијата

Нарцистичкото нарушување на личноста е едно од неколкуте видови на нарушувања на личноста и се смета за ментална состојба во која луѓето имаат зголемено чувство за сопствената важност, длабока потреба од прекумерно внимание и воодушевување, проблематични врски и недостаток на емпатија кон другите. Но, зад оваа маска на екстремна самодоверба лежи кревка самодоверба која е ранлива и на најмала критика.

Нарцистичкото нарушување на личноста предизвикува проблеми во многу области од животот, како што се врски, работа, училиште или финансиски работи. Луѓето со нарцисоидно нарушување на личноста може да бидат генерално несреќни и разочарани кога не добиваа посебни услуги или восхит за кои веруваат дека ги заслужуваат. Можеби сметаат дека нивните односи не се во целост исполнети, а други лица пак можеби и не уживаат да бидат околу нив.

Симптоми

Знаците и симптомите на нарцисоидно нарушување на личноста и сериозноста на симптомите се разликуваат. Луѓето со нарушување можат да:

- Имаат претерано чувство на важност,
- Имаат чувство дека треба да добиваат постојан, прекумерен восхит,
- Очекуваат да бидат признати како супериорни лица, дури и без достигнувања што го гарантираат тоа,
- Претерани достигнувања и таленти,
- Постојано се окупирани со фантазии за успех, моќ, брилијантност, убавина и слично,
- Веруваат за себе дека се супериорни и можат да се здружат само со подеднакво посебни луѓе,
- Омаловажуваат,
- Очекуваат посебни услуги и несомнено почитување на нивните очекувања,
- Ги искористуваат предностите на другите за да го добијат она што го сакаат,
- Се карактеризираат со неспособност да ги препознаат чувствата и потребите на другите,

- Завидуваат на другите лица и веруваат дека другите лица ним им завидуваат,
- Се однесуваат арогантно и горделиво,
- Инсистираат да имаат сè најдобро.

Во исто време луѓето со нарцисоидно нарушување на личноста имаат проблеми со ракување и со примање на критики, и тие можат да:

- Станат нетрпеливи или лути кога не добиваат посебен третман,
- Имаат значаен меѓучовечки проблем,
- Реагираат со бес и презир, се обидуваат да ја омаловажат другата личност за тие да можат да се чувствуваат супериорно,
- Имаат потешкотии во регулирањето на емоциите и однесувањето,
- Искусуваат големи проблеми со справување на стресот и прилагодување кон промените,
- Се чувствуваат депресивно при недостаток на совршенство,
- Имаат тајни чувства на несигурност, срам, ранливост и понижување.

Причинител на ваквата појава

Сè уште не е познато што предизвикува нарцисоидно нарушување на личноста. Како и при развојот на личноста со други нарушувања на менталното здравје, причината за нарцистичкото нарушување на личноста е веројатно комплексна. Нарцистичкото нарушување на личноста може да биде поврзано со:

- Животната средина - неусогласеност во односите со родителите, најчесто дете со прекумерно обожавање или прекумерна критика на којашто детето слабо може да се прилагоди;
- Генетика - наследни карактеристики;
- Невробиологија - поврзаност помеѓу мозокот и однесувањето и размислувањето.

Превенција

Бидејќи причината за нарцистичко нарушување на личноста е непозната, не постои и познат начин да се спречи ваквата состојба, Сепак може да помогне:

- Третман за детски проблеми со ментално здравје,
- Учество во семејна терапија за да се научат здрави начини за комуникација или полесно справување со конфликти или емоционална неволја,
- Посета на часови од страна на родителите при што би можеле да се консултираат со терапевти или социјални работници кои би ги насочиле во правилна насока.